


# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА МЕДИУМСКИТЕ СОДРЖИНИ

**12 МАРТ - 8 АПРИЛ 2016**

**ИЗВЕШТАЈ**
**од следењето на медиумските содржини преку Механизмот за набљудување и реакција при Институтот за комуникациски студии (период: 12 март - 8 април 2016)**

## ПОЛИТИЧКИОТ ПЛУРАЛИЗАМ ВО МЕДИУМИТЕ

Политичкиот плурализам е една од најважните димензии на медиумскиот плурализам бидејќи овозможува во јавноста слободно и рамноправно да циркулираат различни политички идеи и мислења. Тоа значи дека секој медиум одделно треба да се труди да обезбеди т.н. внатрешен плурализам во вестите, односно да ги претстави сите спротивставени мислења и ставови за една тема. Ова е мошне важно за вкупната демократска јавна сфера, бидејќи граѓаните можат да добијат целосна слика и можат самите да го формираат своето мислење за прашањата од јавен интерес. И обратно, избегнувањето да се известува за некои теми или искрививувањето на аголот со нагласувањето само на едно гледиште, на долг рок создава идеолошка манипулација со јавото мислење.

Радиодифузните медиуми, особено телевизиските, имаат големо значење во информирањето на граѓаните за плурализмот на гледишта и мислења во општеството. Тие имаат и законска (член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги) и етичка обврска (член 14 од Кодексот на новинарите на Македонија) да известуваат непристрасно и избалансирано за различните политички субјекти и не смеат да изразуваат политичка наклонетост на начин што ќе фаворизираат едно, односно напаѓаат друго гледиште.

Имајќи ја предвид важноста на политичкиот плурализам во предизборниот период, особено во контекст на политичката криза, договорот од Пржино и актуените политички преговори, Институтот за комуникациски студии спроведува мониторинг и анализа на начинот на кој телевизиите на државно ниво известуваат за различните политички гледишта и идеи и за мерата во која им обезбедуваат пристап на политичките актери до своите програми.

Четвртиот месечен извештај за политичкиот плурализам во медиумите опфаќа четири седмици и се однесува на периодот од 12 март до 8 април 2016 година. Анализирани се 11 програми на вести и 38 изданија на 11 различни актуелно-информативни емисии на јавниот сервис (МТВ1 и МТВ2) и на 7 приватни телевизии (Сител, Канал 5, Алфа, Телма, Алсат М, 24 вести и ТВ21).

Заклучоците и согледувањата изнесени во овој извештај се добиени врз основа на квалитативна анализа на различни аспекти на информирањето во вестите и во информативните програми.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Емпириските истражувања на улогата на медиумите во политичката комуникација спроведени во одделни земји јасно го докажуваат влијанието на медиумското известување врз јавниот имиџ на популистички лидери и партии, што е клучно за нивниот успех на изборите.[1] Иако влијанието на медиумското известување е пресудно за имиџот на кој било политички лидер или партија, сепак ова е особено карактеристично за лидерите на популистичките партии. Во политичкиот контекст на хибридните режими пак – режими кои тежнеат кон отворен авторитаризам, обезбедувањето на псевдо-легитимитет на владеењето се заснова речиси исклучиво на медиумските конструкти за тоа владеење. Во оваа насока, начинот на известување на провладините медиуми во текот на март и почетокот на април го потврдува овој заклучок: јавниот имиџ на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ и особено на нејзиниот лидер Никола Груевски целосно зависи од сликата што медиумите ја презентираат во јавноста за нив и за нивните политички опоненти.

Во стратегијата на политичка комуникација што владејачката партија ја практикува преку највлијателните телевизии клучна е улогата на партискиот лидер, поради две причини: (1) во услови на медијатизација и популаризација на политиката успехот на лидерите на популистичките партии директно зависи од тоа каква слика за нив медиумите ќе и претставаат на јавноста; и (2) на популистичките и авторитарните партии им е потребен силен лидер околу кој партијата цврсто се организира и кој ги претставува и распространува пораките и имиџот на партијата.

***Никола Груевски, ВМРО-ДПМНЕ и Владата се всушност едно исто***




Број на прилози за проектите и остварувањата на **партијата на власт**
и за активностите на **Груевски**

---

[1]Bos, Linda, Wouter Van der Brug, and Claes De Vreese. "How the media shape perceptions of right-wing populist leaders." *Political Communication*28, no. 2 (2011): 182-206.

Една од главните цели во известувањето на телевизиите блиски на власта во овој набљудуван период, како и во претходните три месеци[2], беше Груевски, како симбол на ВМРО-ДПМНЕ, да биде што поприсутен на екраните, да се претстави во максимално позитивна светлина, а да се поклопат, занемарат и нападнат сите критички гласови кои откриваат компромитирачки факти и информации за работењето на врвни функционери од владејачката партија, вклучувајќи го и самиот лидер. Независно што тој поднесе оставка од функцијата премиер, медиумите блиски до власта и натаму продолжија интензивно да ги следат неговите активности на терен во кои тој зборува за проектите на Владата и на граѓаните им ветува решавање на проблеми. На тој начин, беше избришана границата меѓу партијата и државата.

Најголем број прилози за проекти и остварувања на владејачката партија (371 прилог) беа емитувани на МТВ 1 и на трите приватни телевизии блиски до власта. Покрај тоа, овие телевизии емитуваа и голем број прилози за активностите на Груевски во кои тој, иако лидер на ВМРО-ДПМНЕ", всушност се појавува во улога на прв човек во власта. За разлика од провладините телевизии, оние со неутрално-критичка позиција кон власта или воопшто не известуваа или имаа критичко-аналитички приод кон оваа тема.

### *Известувањето за СДСМ како привид за политичка балансираност*




Број на прилози за активностите на терен (кои наликуваат на изборна кампања)
на **СДСМ** и на **Груевски**

Иако официјалната изборна кампања се' уште не е започната, активностите на терен на опозицијата (кои наликуваат на изборна кампања) и во овој период беа покривани главно од провладините телевизии. Медиумите немаат законска обврска да известуваат за вакви активности во период кога не е кампања, па оттаму и заклучокот дека се работи за намера да се создаде лажна слика за некаков баланс во известувањето, особено за да се оправда интензивното појавување на Груевски на телевизиските екрани. Од претставените резултати може да се забележи и дека бројот на прилози во кои се појавува Груевски на

[2] Прв, Втор и Трет месечен извештај од следењето на медиумските содржини преку Механизмот за набљудување и реакција при Институтот за комуникациски студии, достапни на: http://respublica.edu.mk/modem/MODEM-eden%20_18%20noemvri%20_23%20dekemvri.pdfи http://respublica.edu.mk/2016-03-08-11-03-03/96-second-monthly-report-based-on-the-monitoring-of-media-content-19th-december-2015-29th-january-2016

приватните провладини телевизии е многу поголем од бројот на прилозите за опозицијата. Исклучок е МТВ1, за која се чини дека настојува да прикаже поинаков образец на известување. Сепак, останува констатацијата дека МТВ 1 емитувала огромен број прилози (85) за проектите и остварувањата на органите на власта. Неутрално-критичките телевизии речиси и да не известуваат за ваквите активности на СДСМ и на Груевски, а тогаш кога известуваат најчесто имаат неутрално-критички приод.

### *Дискредитација на СЈО како политички инструмент на СДСМ*

Усогласената реторика на провладините телевизии во известувањето за Специјалното јавно обвинителство ја рефлектира стратегијата за настап на владејачката партија која се потпира на експлоатација на чувството на страв и на поттикнувањето омраза кон организации, групи или поединци кои претставуваат „потенцијална закана“ (реална, преувеличана или целосно измислена) за „државата“ или за „народот“.Меѓутоа, вистинската цел на таквото портретирање е всушност да ги замолчи или релативизира сите критички гласови кои ги загрозуваат интересите на владејачката елита и да воспостави општествена контрола. Ваквата манипулативна стратегија на користењето на медиумите како средство за убедување и за политичка пропаганда теориски е објаснета во рамки на познатиот „модел на пропаганда“[3].




Број на прилози за активностите на СЈОкај
**неутрално-критичките**и кај **провладините** медиуми

Така, известувањето за двете прес-конференции („Тортура“ и „Тврдина“) и за другите активности на СЈО беше врамено во истата генерална рамка која веќе неколку месеци циркулира како став на Груевски и на ВМРО-ДПМНЕ за СЈО и за неговиот главен политички опонент: „СЈО е инквизиторски инструмент на СДСМ“, СЈО е „под целосна контрола на СДСМ ... главен инструмент за политички прогон на луѓето од ВМРО-ДПМНЕ, а со цел рушење на неговиот углед, како и на угледот на водството на ВМРО-ДПМНЕ“, „СЈО на Катица Јанева станува база за згрижување на СДСМ-овски партиски кадри“ и тн. Од друга страна, неутрално-критичките медиуми работата на СЈО ја опсервираа од агол на „борба против криминалот“, „владеењето на правото“ и сл.

---

[3]Herman, E.S. and Chomsky, N., 1988. Manufacturing consent: A propaganda model. *Manufacturing Consent*.

## ПРЕКРШУВАЊА НА ЗАКОНОТ И НА ЕТИЧКИТЕ СТАНДАРДИ

Констатирани се истите прекршувања на законот и на етичките стандарди како и во претходните извештаи:

- МТВ1 и натамуги прекршува стандардите и начелата на програмите утврдени во член 111, а посебно обврската од член 110 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за тоа да „не застапува и да не заштитува ставови или интереси на одредена политичка партија, ... а програмите кои ги создава и емитува да бидат заштитени од влијание на власта, политички организации или други центри на економска и политичка моќ."

  Ова прекршување се прави со сите емитувани прилози во кои МТВ1 некритички промовира владини проекти и инвестиции, преку пропагандно-апологетски приод и во прилозите во кои се известува за активности на Груевски како лидер на ВМРО-ДПМНЕ, кој притоа промовира владини проекти.

- Трите приватни телевизии Сител, Канал 5 и Алфа и натамуги прекршуваат основните начела на програмите, утврдени во членот 61 на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за: (1) „објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања" (член 61 став 1 алинеја 9), и за (2) „самостојност, независност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика" (член 61 став 1 алинеја 13).

  Секоја од овие телевизии, зазема страна и пристрасно ги фаворизира ставовите на владејачката партија при известувањето за релевантните политички настани, а особено за: политичката криза и предвремените парламентарни избори, работата на Специјалното јавно обвинителство, одлуката на Уставниот суд во врска со Законот за помилување и др.

- МТВ1 и трите приватни телевизии Сител, Канал 5 и Алфа, и натаму ги прекршуваат основните начела утврдени во Кодексот нановинарите на Македонија и особено членот 14 во кој се вели дека „известувањето од политичките процеси... треба да биде непристрасно и избалансирано."

## НАСТАНИ ЗА КОИ СЕ ИЗВЕСТУВАШЕ ВО ВЕСТИТЕ

(1) Политичката криза и можноста за предвремени избори

*Условите за одржување предвремени избори на 5 јуни*, особено прашањето на прочистувањето на избирачкиот список, беше главната тема и во овој набљудуван период (вкупно 621 прилог). Како и во претходните месеци, Сител, Канал 5, Алфа и МТВ1 синхронизирано ги пропагираа позициите на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ, за тоа дека „избирачкиот список е исправен", дека „проблемите со списокот ги создава опозицијата за да ги избегне изборите", дека граѓани што биле проверувани од анкетарите на ДИК „биле револтирани што опозицијата ги прогласила за фантоми" и, притоа, го фаворизираа одржувањето на изборите на 5 јуни без никакво одложување (став и на ВМРО-ДПМНЕ). Другите медиуми по правилонеутрално-критички и/или аналитички ги отвараа проблемите со избирачкиот список, притоа пренесувајќи ги избалансирано различните ставови за ова прашање.

Во првата набљудувана недела (од 12 до 18март),во известувањето за одржувањето на *предвремените парламентарни избори* (102 прилози), доминираа прилозите што се однесуваат на прочистувањето на избирачкиот список. Повеќето телевизии неутрално ги пренесоа информациите дека првичните проверки од Државната изборна комисија покажале 495.000 сомнителни гласачи, од кои 190.000 постоеле само во евиденцијата на Министерството за

внатрешни работи, освен Алсат М, која излезе со директно обвинување кон владејачката партија (18 март: „ДПМНЕ употреби 195 илјади фиктивни гласачи"). Телевизиите Канал 5, Алфа и Сител, пак, од друга страна, застанаа во одбрана на „исправноста" на избирачкиот список, отфрлајќи ги тврдењата дека има неправилности (Сител, 17 март: „Соочени со шокот на Бихаќка денеска побрзаа на медиумите кои ги држат под контрола заедно со СОРОС да им достават лажни податоци според кои, над 500.000 гласачи во Македонија се фантомски"; Канал 5, 14 март: „Манипулациите на СДСМ со избирачкиот список се без реална основа".

Во наредната недела (19 – 25 март)темата за предвремените избори, а особено прочистувањето на Избирачкиот список,уште повеќе доби на значење(148 прилози). Имаше јасна поделеност во известувањето за оваа тема, при што провладините Канал 5, Сител и Алфа од една страна ја бранеа тезата дека не постојат проблеми во избирачкиот список, туку дека нив ги создава опозицијата за да ги избегне изборите (Алфа 20 март: „Главното прашање кое го поставуваат медиумите е дали СДСМ го изгуби главниот адут во своето сценарио - компромитирање на избирачкиот список"; Сител 19 март: „Вистинска драма се случувала синоќа зад затворени врати во Државната изборна комисија, откако претставниците на СДСМ во комисијата сфатиле дека бројката на спорни гласачи по вкрстената проверка е четириипол пати помала од онаа која ја соопштуваа од партијата"; Канал 5 20 март: "Фантомски гласачи немало и ќе нема. Сето тоа е лакрдија на СДСМ за градење на алиби за поразот што ги очекува, вели лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски"). Од друга страна МТВ1, МТВ2, Алсат М (на македонски и на албански јазик) и Телма само известуваат преку пренесување на ставовите на засегнатите субјекти. На иста линија на известување е и 24 вести, иако тие пренесуваат и критички ставови кон одредени потези на ДИК (21 март: „Непроверувањето на 124-те илјади иселеници е сериозен проблем"). ТВ 21 на македонски јазик проблемски го поставуваше прашањето за тоа дали има или не „фантомски гласачи", преку експертски дебати (19 март: „Што со спорните записи во избирачкиот список?"; 23 март: „Нови избори, стари ветувања Партиите со „copy paste" платформи").

Во неделата од 26 март до 1 априловаа тема се уште беше многу актуелна, со 126 прилозиемитувани на сите набљудувани телевизии. Во фокусот беше прочистувањето на избирачкиот список, како и проценките на домашните политички претставници, но и на странските дипломатски претставници, за тоа дали ќе се создадат услови да се одржат избори на 5 јуни. И тука е забележана разлика во информирањето кај телевизиите Сител, Алфа и Канал 5. Другите медиуми ги следеа и ги пренесуваа случувањата неутрално, додека овие три телевизии го фаворизираа одржувањето на изборите на 5 јуни без понатамошно одложување (што е став и на ВМРО-ДПМНЕ), и го напаѓаа СДСМ на темата за прочистувањето на избирачкиот список, пренесувајќи дека граѓани што биле проверувани од анкетарите на Државната изборна комисија, биле револтирани што опозицијата ги прогласила за фантоми и сега морале да докажуваат дека не се. Карактеристичен пример беше и МТВ2, која обвини за „албанизација" на сомнителните гласачи.

Во четвртата набљудувана недела (2 – 8април)интересот за оваа тема кулминираше со речиси двојно повеќе прилози (245) од претходната недела. Темата посебно се актуелизираше со распуштањето на Собранието, и официјализирањето на 5 јуни како датум за предвремени парламентарни избори. Телевизиите Сител, Канал 5 и Алфа фаворизирачки до еуфорично известуваа за распуштањето на Собранието (Сител 7 април „Собранието се распушти синоќа, избори на 5 јуни - аплауз на Бихаќка, музика пред ВМРО – ДПМНЕ"), додека МТВ1 и МТВ2 за тоа само известуваа како за актуелен настан. Останатите телевизии и анализираа дали тоа значи и продолабочување на кризата, по чинот на поднесување оставки од министрите од СДСМ и нивното неприфаќање од страна на Собранието. Разлика во информирање имаше и во однос на датум за изборите, при што кај Сител, Канал 5 и Алфа очигледно беше фаворизрањето на овој датум и острите критките кон опозицијата дека прави се тие да се одложат.

(2) Работата на Специјалното јавно обвинителство

Работата на Специјалното јавно обвинителство (373 прилози) и во овој набљудуван период беше една од темите коибеа во фокусот на медиумското внимание поради извештајот на СЈО

поднесен до Собранието, изјавите на специјалната обвинителка Јанева и особено поради двете покренати истражни постапки „Тортура“ и „Тврдина“.Различниот начин на врамување на овие две истражни постапки кај двете групи медиуми беше лесно препознатлив: кај неутрално-критичките медиуми централната тема во известувањето беа ‘преземените дејствија на СЈО за откривање на криминалот и корупцијата на врвни политичари’, а кај групата медиуми блиски на власта фокусот беше на тоа дека ‘СЈО е политички инструмент на опозицијата и дека обвинувањата на функционерите на ВМРО-ДПМНЕ се неосновани.’ Кај првата група медиуми овие настани беа први во вестите, а кај втората група обично беа поместувани понатаму, после прилозите за остварувањата и проектите на партијата на власт.

Во првата недела(од 12 до 18март),се известуваше главно за *извештајот што Специјалното јавно обвинителство* го достави до Собранието и до Советот на јавни обвинители, за неговата шестмесечна работа (46 прилози). Додека дел телевизии се концентрираа на суштината на работата на СЈО, како колку лица се гонат и за какви дела (24 Вести, 15 март: „Јанева наскоро најавува обвиненија“; Алсат М: „80 политичари на мета на Јанева“), друг дел (Канал 5, Алфа, Сител), повеќе се занимаваа со недоследности во бројките на прислушувани разговори споменати во изјави на Јанева и на опозицискиот лидер Зоран Заев, како и на трошоците што ги правело Специјалното јавно обвинителство, кои според нив изнесувале 3.000 евра дневно.

Во втората набљудувана недела(19 – 25 март)известувањето за темата се интензивираше (115 прилози), особено порадијавниот настап на обвинителката Катица Јанева со кој таа, повикувајќи се на актуелната состојба со Избирачкиот список, содржинта од „бомбите“ на опозицијата и многу други околности, ја доведе во прашање легитимноста на повеќе минати изборни циклуси и на повеќе институции. Обвинителството и Јанева, повторно и во оваа мониторирана недела, се цел на некритички (дури и навредливи и клеветнички) напади од страна на трите телевизии Сител, Канал 5 и Алфа (Сител, 23 март: „А таа изјава е изјава каква дал само Берија. Берија е специјален полицаец, специјален обвинител и логично специјален судија на Јосиф Висарионович Сталин“; Алфа, 23 март: „Социјалните мрежи вријат, а експертската јавност згрозена по изјавите на специјалната обвинителка дека институциите во Македонија се нелегитимни“). 24 вести повеќе внимание посвети на можните опструкции со кои СЈО може да се соочува (22 март: „Преседан во судството или законска дупка што се користи за формирање на подобни кривични совети што ќе решаваат за предмети на Специјалното јавно обвинителство“). ТВ21 на македонски јазик анализираше на 25 март „Дали влегувањето на СЈО во Централен регистар е „каубојско“ или не?“, додека останатите телевизии само информираа за дневно- актуелните настани пренесувајќи ги изјавите на сите субјекти во темата.

Во третата набљудувана недела (26 март до 1 април) темата изби на врвот на јавната агенда (156 прилози) со двата нови случаи што ги отвори СЈО: „Тортура“, во кој е осомничен поранешниот директор на УБК Сашо Мијалков и други лица за начинот на кој бил апсен лидерот на партијата Обединети за Македонија Љубе Бошкоски, како и „Тврдина“, во која функционери од МВР, меѓу кои и поранешната министерка Гордана Јанкулоска се сомничат дека уништиле опрема за прислушкување. Се следеа и несогласувањата меѓу обвинителката Катица Јанева и Советот на јавни обвинители, расправата за СЈО во Собранието итн. Работата на СЈО беше ударна тема во повеќето медиуми, а некои од нив (Алсат, 24 Вести, Телма), на неа и` посветуваа по неколку прилози дневно, и тоа на почетокот на вестите. Известувањето беше неутрално и се пренесуваа сите релевантни информации и реакции. За разлика од тоа, кај телевизиите МТВ1, Алфа, Сител и Канал 5, СЈО ретко беше прва тема, и почесто беше поместена подолу во вестите, зад промоцијата на владините мерки и проекти. Дел од овие телевизии (Сител, Канал 5 и Алфа) заземаа силен негативен и демонизирачки однос кон СЈО, прикажувајќи го како политички инструмент на партијата СДСМ, и оспорувајќи ја неговата стручност и компетентност. Тие однапред ги отфрлаа обвинувањата против осомничените, од кои дел се високи функционери на ВМРО-ДПМНЕ.

Како посебна тема, со 23 прилози, иако тесно поврзана со темата за работата на Специјалното јавно обвинителство, оваа неделасе издвојува и *предлог-измените во Законот за кривична постапка*, што ги поднесоа коалициските парнери ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Станува збор за

решение според кое рокот за осомничените да подготват одбрана се зголемува од 15 на 90 дена. Оваа тема беше многу малку застапена на телевизиите МТВ1 и Канал 5 и целосно отсуствуваше од Сител и Алфа, но почесто се сретнуваше на Алсат М, 24 Вести, ТВ21 и на Телма. Овие телевизии главно ги пренесуваа критиките од опозицијата и од експертската јавност, дека целта на законското решение е да се отежни работата на Специјалното обвинителство.

Во последната набљудувана недела (2 – 8април)вниманието за работата на СЈО значително се намали (56 прилози). Сите прилозибеа поврзани со настаните што следеа по притворањето на началникот во МВР Грујевски, преиначувањето на судската одлука и жалбата до повисоките инстанци, како и појавувањето на екс министерката за внатрешни работи Гордана Јанкуловска на сослушување за случајот Тврдина. Нитка на известување кај Сител, Канал 5 и Алфа беше однапред  отфрлање на обвинувањата против осомничените. Овие три телевизии надвор од актуелните настани на оваа тема известуваа со силен негативен и демонизирачки однос, повторноприкажувајќи го како политички инструмент на партијата СДСМ, и оспорувајќи ја неговата стручност и компетентност (Канал 5, 5 април: „СЈО на Катица Јанева станува база за згрижување на СДСМ-овски партиски кадри, членови на семејствата на потесниот круг соработници на Јанева, пушува порталот Курир“, Сител 2 април „Уверението на Јанева е одраз на капацитетите што ги поседува, смета професорот Александар Климовски“).

(3) Одлука на Уставниот суд во  врска со Законот за помилување

Тема која беше директно поврзана со постапките што ги отвори СЈО, а која беше најзастапена во медиумите во првата набљудувана недела, од 12 до 18март (149 прилози) беше *одлуката на Уставниот суд* да го укине Законот за измени и дополнувања на Законот за помилување од 2009 година, со што на претседателот повторно му се овозможи да помилува осуденици за изборни нерегуларности, педофилија, тероризам, трговија со дрога, организиран криминал и други тешки кривични дела. Настаните поврзани со оваа тема се следеа речиси секој ден, од протестите на граѓанските организации против иницијативата, протестот и контрапротестот што се одржаа вечерта пред да се одржи седницата, преку донесувањето на одлуката, спречувањето на медиумите да присуствуваат, реакциите на различни делови од домашната и меѓународната јавност итн. Доминираа два наративи. Дел телевизии како Алсат М, 24 Вести, ја ставаа оваа одлука во актуелниот контекст на случајот „Титаник“ што го води Специјалното јавно обвинителство против високи функционери од ВМРО-ДПМНЕ токму за изборни нерегуларности (24 Вести, 16 март: „Иако иницијативата не била под назнака „итно“, се најде за две недели на седница пред уставните судии, и тоа во време кога СЈО отвори истрага за изборен криминал против функционери од власта“). Други, пак, пред се` Канал 5, Алфа и Сител, ја нападнаа опозицијата дека ги урива институциите и застанаа во одбрана на контрапротестот кој го претставија како речиси спонтан обид на граѓаните да ги одбранат институциите од партиски притисоци (Канал 5, 15 март: „Државните органи на удар на опозицијата и нивните експоненти“; Сител, 16 март: „ Граѓаните решија да и стават крај на деструктивната политика на опозицијата и вчера во огромен број дојдоа да ги заштитат македонските институции.еки луѓе го заокружија Уставниот суд и не дозволија демонстрантите на СДСМ и СОРОС да го спроведат сценариото за дестабилизација“; Алфа, 16 март: „Неуспешни најавите за кампување и рушење на Уставниот суд“). Притоа тие ја игнорираа можната поврзаност на оваа одлука со случајот „Титаник“. Двете групи телевизии известуваа дека барем едниот протест е наместен. Но телевизиите што критички се поставија кон контрапротестот организиран од ГРОМ покажаа снимки од делење сендвичи, пријавување на список, како и изјави од граѓани на кои не им беше јасно за што протестираат. Оние што го поддржаа контрапротестот и го нападнаа протестот, пак, излегоа со слични тврдења, но без аудиовизуелна поткрепа.

(4) Проекти и остварувања на партијата на власт и активностите на Груевски

Провладините телевизии и во овој период продолжија со силен интензитет да ги  промовираат проектите и остварувањата на ВМРО-ДПМНЕ како партија на власт (288 прилози), и говорите и активноститена Груевски кој како да е „фактички“ премиер, се среќаваше со граѓани или на јавни собири најавуваше и ветуваше што ќе сработат државните органи.Ваквите прилози се

всушност известување за вештачки искреирани настани со цел на граѓаните да имсе претстави што попозитивна слика за власта. Другите телевизии или многу малку известуваа за овие псевдо-настани исконструирани од власта или критички ги врамуваа.

Во првата седмица (од 12 до 18март)телевизиите МТВ 1, Сител, Алфа и Канал 5 беа единствените што известуваа промотивно за *мерки и проекти на Владата* и на други државни и локални институции (67 прилози, и уште 2 прилога на ТВ21), како и што постојано ги следеа теренските активности на лидерот на партијата ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (35 прилози). Во двете групи прилози, не само што често се преминуваше линијата меѓу известувањето и политичкиот маркетинг, туку и не се правеше никаква дистинкција меѓу државата и владејачката партија (МТВ 1, 17 март: „Ќе се градат нови социјални станови. Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ рече дека наскоро ќе ги има во Гостивар“; Сител, 14 март: „Според претседателот на на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски за изградба и реконструкција на овие болници ќе бидат инвестирани 70 милиони евра“; Алфа, 12 март: „Нов пат, нова канализација, изградба на автопат Гостивар-Кичево, повеќе од 1.000 вработувања се само дел од проектите за кои разговараше претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски со граѓаните на Кичево и кичевско“; Канал 5, 15 март: „Ќе се реализира уште еден проект што го бараа жителите од општина Сопиште од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски. Ќе се гради патот Сопиште-Говрлево“).

Силната пропагандна поддршка кон партијата ВМРО-ДПМНЕ продолжи и во следната недела(19 – 25 март) пред се` преку следењето три теми: *мерките и проектите на Владата, отчетот на ВМРО-ДПМНЕ, и активностите на партискиот лидер Никола Груевски*. МТВ 1, Сител, Алфа и Канал 5 и оваа недела беамедиуми кои најинтензивно известуваа промотивно за *мерки и проекти на Владата* и на други државни и локални институции (71 прилог) и коишто постојано ги следеа *теренските активности на лидерот на партијата ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски* (19 прилози). И во двата случаи, не се правеше дистанца меѓу новинарско известување и политичкиот маркетинг, ниту меѓу државата и владејачката партија (МТВ1, 20 март: „Поддршката за иновативните бизниси ја јакне конкурентноста на економијата. Се креираат компании кои генерираат раст и отвораат нови работни места“; Сител, 25 март: „Се решаваат барањата на граѓаните и се исполнуваат ветувањата од посетата на Груевски во Ѓорче Петров“; Алфа, 24 март: „Повторно бесплатни елаборати за легализација на објекти. По посетите на Груевски на општините решен проблемот на околу 5000 граѓани“; Канал 5 25 март: „Општината Ѓорче Петров работи на реализација на проектот на владата ’Купи куќа за млади’, по иницијативата на ВМРО ДПМНЕ и на Груевски за обезбедување на локации за градба“). Фаворизирачки прилози со промотивен тон за Владата, и посебно за ДУИ се објавени и во вестите на МТВ2 и ТВ 21 на лабански јазик, додека прилози со критички тон за владините политики објави и Алсат М и 24 вести (задолжувањето).

*Отчетот на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ* (37 прилози) за десетгодипното владеење доминираше на четирите телевизии МТВ 1, Сител, Канал 5 и Алфа, не само на денот кога се одржуваше (20 март) туку и следните неколку дена, така што освен силниот фаворизирачки, навивачки и пропаганден тон, прилозите беа политичко - рекламни (Сител, 20 март: „Со вчерашниот јавен отчет ВМРО-ДПМНЕ повторно демонстрираше нов начин на комуникација со јавноста, пристап кој е вистински новитет во Македонија и во земјите од регионот. Партијата е првата и единствена во Македонија која на крајот на секој мандат на Владата излегува со прецизен отчет пред граѓаните во кој детално реферира за тоа што реализирала од програмата која ја понудила пред изборите“; Алфа, 20 март: „Над 3500 проекти, реформи се реализирани во изминативе 10 години. ВМРО ДПМНЕ со мега-отчет пред граѓаните“; МТВ 1, 23 март: „Ниски даноци, поддршка за домашните компании, странски инвестиции, отворени 150 илјади работни места, намалена невработеност. Ставревски со отчет за сработеното во економијата“). Телма со критички став информираше за настанот, при што новинарот заклучува дека „Отчетот беше полн со споредби - дека во сите области ВМРО-ДПМНЕ за една деценија направило многу повеќе од претходниците“. ТВ 21 на македонски јазик ден потоа за настанот извести преку дебата на двајца експерти блиски до владејачката партија (21 март “Отчет на ВМРО-ДПМНЕ За едни перфектен, за други прикривање на злосторот“), како и 24 вести (21 март: „Отчетот на ВМРО-ДПМНЕ е политички маркетинг во пресрет на предизборната кампања, со

која партијата се обидува да демонстрира сила и масовност, оценуваат дел од аналитичарите“), додека МТВ2, Алсат М, ТВ21 на албански јазик не информираа за настанот воопшто.

Во третата седмица, од 26 март до 1 април, оваа беше застапена на само шест телевизии (вкупно 77 прилози). Телевизиите 21 на македонски јазик, и 24 Вести, објавија по 4, односно 3 прилози на оваа тема, додека другите 70 беа емитувани на Алфа, Сител, МТВ1 и на Канал 5. Беше јасно забележан истиот фаворизирачки однос кон работата на Владата, некритичко известување кое се изедначува со политички маркетинг и случаи кога редовните обврски на државата се прикажуваа како достигнувања на Владата.Дел од ова известување беше повторноследењето на *активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски,* со 29 прилози, сите емитувани на само четири телевизии (Сител, Канал 5, Алфа и МТВ1). Иако Груевски нема државна функција туку е само партиски лидер, сепак тој беше прикажан како човек што најавува одлуки за прашања од државна надлежност (поевтинување на лековите, распределба на земјоделско земјиште итн), и кој што ги исполнува барањата на граѓаните при неговите теренски посети. Беше прикажан и како гласник кој преку својот профил на Фејсбук ги најавува новите странски инвестиции во државата, без оглед што постојат државни институции задолжени за тоа.

Во последната седмица (2 – 8 април) ова беше тема за која провладините телевизии известуваа со силен интензитет (92 прилози) и со истиот фаворизирачки тон на известување. И телевизиите Телма, ТВ21, Алсат, ТВ24 објавуваа прилози кои се однесуваа на работата на Владата, но тие беа проследени со силна критика за одредени политки (инвестиции, задолжување).

(5) Активности на опозицијата

Во споредба со претходните тери месеци во овој набљудуван период кај провладините медиуми е намалено известувањето за активностите на терен на опозицијата (вкупно 107 прилози). Од друга страна, во другите прилози, продолжи континуираното демонизирање и напаѓање на опозицијата, што потврдува дека не е постигната балансираност, и дека известувањето за опозицијата во минатите месеци имаше за цел да создаде само привидна слика за политички плурализам во информирањето.

Во првата седмица (од 12 до 18март), провладините телевизии известуваа во помал обем за партиските активности на опозицијата (18 прилози). Негативниот и демонизирачки однос што овие медиуми го покажаа во други прилози поврзани со опозицијата (Алфа - 21 прилог, Сител - 15 прилози, Канал 5 - 9 прилози) продолжи.

Во втората седмица (19 – 25 март)активностите на опозицијата (37 прилози) ги следеа сите телевизии, барем со по еден прилог. Прилозите или беа информативни и регистрираа посети на опозициските претставници на населени места и промовирање на проекти (во облик на политички маркетинг) или се однесуваа на работењето на функционери на опозицијата во Владата.

Третата седмица (26 март до 1 април)за партиските *активности на опозицијата*, беа емитувани 26 прилози, повеќе на телевизиите што се сметаат за провладини (МТВ1, Канал 5, Сител и Алфа), отколку на другите медиуми. Сомнежот дека ова се прави со цел да се прикаже привиден баланс во известувањетосе потврдува и со тоа што повеќето прилози за опозицијата се состојат само од изјава на нејзин претставник, со статичен кадар, додека тие за власта се со многу побогата аудиовизуелна презентација (ракување со локални жители, пуштање објекти во употреба итн).

## АКТУЕЛНО-ИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ

Во набљудуваниот период предмет на набљудување беа вкупно 38 емитувани изданија на 11 различни емисии кои се емитуваат на телевизиите на национално ниво. Од нив, предмет на подлабока анализа

беа само емисиите во кои во континуитет се фаворизира конкретен политички субјект, односно се прекршува новинарското правило за професионална дистанца од политичките субјекти, како и емисиите каде е идентификуван говор на омраза или дискриминирачки и негативен говор кон поединци или групи.

На МТВ 1 се анализирани емисиите „Акцент“ (3 изданија) и „Од наш агол“ (4 изданија). Гости беа министерот за надворешни работи Никола Попоски, провладини, но и критички настроени аналитичари кон владата кои дискутираа за бегалската криза, терористичките напади и дали се создадени услови за фер и демократски избори. Не е забележан фаворизирачки или напаѓачки однос кон политички субјекти. Во емисијата „Од наш агол“ гостуваа високи владини функционери, сите од партијата ВМРО-ДПМНЕ како: заменик министерот за внатрешни работи Митко Чавков, директорот на технолошко-индустриските зони Виктор Мизо и министерката за информатичко општество и администрација Марта Арсовска Томовска. Теми за дискусија беа состојбата со бегалците, странските инвестиции во Македонија и реформите во медиумската сфера. Од страна на водителот не е забележан напаѓачки и негативен однос кон опозицијата, но преку изборот на гостите се забележува фаворизирачки и позитивен однос кон ВМРО-ДПМНЕ.

Провладино-ориентираните приватни телевизии (Сител, Канал 5 и Алфа), како и во претходните месеци,во актуелно-информативните емисии настојуваа да ги претставуваат првенствено гледиштата на владејачката партија. Опозициските актери или не беа присутни или беа неосновано напаѓани:

- Сител не емитува дебатни емисии во ударното време. На Сител 3 е анализирана емисијата „Јади бурек“ (16 изданија). Во поголем број од изданијата беа обработувани политички теми, најчесто преку преглед на печатот и јавувања на гледачи. Во три од емисиите во набљудуваниот период во студиото гостуваа три јавни личности, сите блиски до владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ: уредникот на Сител Марјан Николовски, главниот уредник на Сител Драган Павловиќ Латас и професорката Тања Каракамишева. Впечатливо е што и водителот и гостите во емисиите го користат терминот „чадор“ со кој алудираат на „странска заштита над опозициската СДСМ и нивно менторство врз процесот на објавување на снимките од прислушуваните разговори чија цел е да се урне власта на ВМРО-ДПМНЕ“. Во сите емисии кои се однесуваат на домашни политички теми водителот и гостите имаат фаворизирачки став кон ВМРО-ДПМНЕ и напаѓачки и демонизирачки однос кон опозицијата и „соросоидите“ под што подразбираат медиуми и граѓански организации кои се критички кон власта. Каракамишева притоа Специјалното јавно обвинителство го нарекува „диво место во системот“ и го обвинува СДСМ дека етапно изведува државен удар. Во друга емисија, Драган Павловиќ Латас, тврди дека објавувањето на прислушуваните разговори е дипломатски експеримент со Македонија и дека зад дистрибуцијата на снимките стои италијанскиот амбасадор. Според Латас целта на експериментот е Македонија да стане федерална држава притоа користи навредлив јазик кон лидерот на СДСМ, Зоран Заев и подбуцнувачки неаргументиран говор кон опозицијата на што водителот не се оградува.

> **Пример**: „*Он е заинтересиран (Заев, н.з.) крв да падне на улица 15 души, дај боже 36 по негова логика да загинат од СДСМ на улица за он да има алиби и покритие да нема избори. Значи он би жртвувал 35 животи да загубат вака. Само за да има покритие за да има немири, да има дипломатско вмешување за тој да остане. Ако остане, не оди во затвор, Катица е негова, дипломатите го примаат, 205 милиони (евра) сочувани. Но многу зла им направи на луѓето на Бранко Црвенковски*.“ Латас.

- На Канал 5, предмет на анализа беа емисиите „Миленко Лејт најт шоу“ (4 изданија) и емисијата „Во центар“. Само едно издание на емисијата „Миленко Лејт најт шоу“ се однесува на внатрешно-политички случувања и во него е забележан негативен и напаѓачки однос на водителот претежно кон Специјалното јавно обвинителство, но и кон опозицијата и медиумите кои не се наклонети кон власта и позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ. Оваа емисија е емитувана на 1 април, а гости во студиото се провладините коментатори и новинари Васко Стамевски, Љупчо Златев, Александар Климовски, Бобан Нонковиќ и Владимир Божиновски. Тема која ја наметнува водителот е работата на СЈО и личноста на Катица Јанева

при што се дискутираат повеќе опции како тоа да биде укинато, притоа повторно кон претставниците на меѓународната заедница се реферира како кон „чадор“ кој треба да ја штити опозицијата. Во текот на целата емисија пред водителот стои фотокопија од факултетската диплома на Јанева при што постојано се потенцира нејзиниот низок просек.

- Од емисијата „Во центар“се анализирани четири (4) изданија, при што во две е забележан негативен напаѓачки и стереотипизирачки однос на новинарот. Во првата емисија емитувана на 14 март ваквиот однос е кон Албанците во Македонија. Тема на емисијата е прашањето „Кој се плаши од попис во Македонија?“при што новинарот тврди дека дека дел од албанските гласачи не потекнуваат од Македонија туку се флуктуирачко гласачко тело, кое по потреба се движи преку границите на Македонија, Албанија и Косово и гласа на тамошните избори онака како што им одговара на Американците. Гости во емисијата се Мирка Велиновска, Дарко Јаневски (уредник на Дневник) и независните пратеници Солза Грчева и Роза Топузовска Карева. Втората емисија во која е забележан негативен и напаѓачки однос е емитувана на 28 март со тема „Дали чадорот ќе го спаси Верушевски?“. Притоа, под „чадор“ новинарот алудира на меѓународната заедница. Гости во оваа емисија се Филип Петровски, Алберт Муслиу и Дане Талевски.

Другата група приватни телевизии во дебатните емисии настојуваат да обезбедат што е можно повеќе политички субјекти и различни гледишта:

- Од емисијата „Топ тема“ на Телма во набљудуваниот период се анализирани дваесет (20) изданија на различни политички теми. Во дел од изданијата е забележан напаѓачки однос од страна на гостите кон владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ, но од страна на водителите е задржан критички и неутрален однос кон политичките субјекти. Во емисијата, во набљудуваниот период, гостуваа координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ Илија Димовски, градоначалникот на Аеродром Ивица Коневски и советничка од општината од СДСМ Љубица Јанчева, аналитичари професори, новинари и европратеници. Теми кои ги наметнуваат водителите се актуелните политички случувања, можноста за одржување на избори на 5 април, пржинските реформи, работата на СЈО, одлуките на Уставниот суд, бегалската и мигрантска криза, урбанистичките планови во општина Аеродром.

- Од емисијата „24 Анализа“ на 24 вести во набљудуваниот период беа анализирани единаесет (11) изданија во кои теми на дискусија беа: распуштањето на парламентот, распишувањето на изборите, политичката криза, истрагите и опструкциите врз работата на СЈО, новите министри на ДУИ, работата на МВР, прочистувањето на избирачкиот список, бегалската криза. Од претставниците на политичките субјекти гости во емисиите беа: претседателите на ДОМ и ДС, Лилјана Поповска и Павле Трајанов, и Стево Пендаровски од СДСМ. Не е забележан фаворизирачки или напаѓачки однос од страна на водителите на емисијата кон политички субјекти, ниту елементи на говор на омраза.

  Во набљудуваниот период следени се четири (4) изданија на емисијата Вин-вин на новинарката Оливера Трајковска. Во една од емисиите гостува Гзим Острени, лидерот на новата партија на Албанците во Македонија, Унитети, а во останатите соговорници се новинари и универзитетски професори кои се осврнуваат на политичката состојба. Притоа не е забележан неаргументиран напаѓачки, или фаворизирачки однос кон политичките субјекти.

- На Алсат М се анализирани емисиите „Патот кон“ (4 изданија), „360 степени“ (11 изданија)и „200“ (4 изданија). Во „Патот кон“ гостуваа Али Ахмети, лидер на ДУИ, Бујар Османи ДУИ, Артан Садику од ДПА, Ивон Величковски претседател на ЛП, Невзат Бејта ДУИ, Беким Фазлиу ДПА, новинари и аналитичари. Теми на дискусија беа случаите покренати од СЈО, одлуката на Уставен суд за Законот за помилување, случаите Сопот и Монструм, актуелните политички случувања како изборите на 5 јуни, прочистувањето на избирачкиот список и партизацијата на институциите. Во емисиите не е забележан напаѓачки или фаворизирачки однос кон политичките субјекти. Во емисијата „360 степени“ гостуваа претставници на на невладини организации, аналитичари, активисти, универзитетски професори. Притоа не е забележано

врамување на политички субјекти ниту фаворизирачки или негативен однос кон нив. Во емисијата „200“ не е идентификувано врамување, фаворизирање или негативен однос кон политичките субјекти и актери, а гости беа аналитичари, коментатори и новинари кои дискутираа за актелните политички настани како: скандалот со прислушкувањето, смената на министри од ДУИ, опозицијата во албанскиот политички блок како и можноста за организирање на избори на 5 јуни.

- На телевизијата ТВ 21 беа анализирани четири изданија на емисијата „Клик“. Гости во овие изданија беа: Зијадин Села од ДР ДПА, Ермира Мехмети од ДУИ, Теута Сабедини од ДПА, Блерим Беџети од ДУИ, вицепремиерот за европски прашања и член на ДУИ, Фатмир Бесими, Илми Селами од ДУИ, Митасим Беќири од ДПА, атмир Лимани од ДУИ, Дукаѓин Османи од ДР ДПА, како и повеќе други аналитичари и новинари. Во сите изданија на Клик не е забележан фаворизирачки или негативен однос кон политичките субјекти. Теми на дискусија се актуелни политички случувања, состојбата во албанската опозиција, евроатланската интеграција на Македонија како и состојбата во медиумите.

## VI. МЕТОДОЛОГИЈА

### 1) Теоретско - концептуална рамка

Методот што се применува во ова истражување се потпира на теоријата за врамувањето (framing) која објаснува на кој начин медиумите ги врамуваат темите од општествениот и политичкиот живот за кои известуваат. Рамката на известување (news frame) е „централната идеја“, или „линијата на приказната“ која го организира новинарскиот текст и им дава значење на настаните што во него се редат. Таа е централна организирачка идеја во информативната содржина, која обезбедува контекст и сугерира во што се состои прашањето, преку селектирање, нагласување, исклучување и елаборирање.

Рамката на известување содржи четири аспекти: (1) *Темата* на информативниот прилог – што е вклучена во рамката; (2) *Презентација* – обем и место на прилогот; Покрај овие аспекти, елементи кои се оценуваат од аспект на презентацијата се и фотографиите, цитатите, насловите и поднасловите; (3) *Когнитивни обележја* – детали за тоа што е вклучено во рамката; (4) *Афективни обележја* - тонот на известувањето.

Собирањето податоци за квантитетот на известувањето посветено на различни политички субјекти не дава целосна слика за плурализмот што го претставуваат медиумите. Јавната претстава за политичките партии, кандидати или лидери не се обликува само преку обемот на времето што им се доделува, туку и преку начинот на кој тие се претставени. Оценката на приодот или ’тонот’ на известувањето покажува каков е ставот или приодот на медиумот кон конкретниот политички субјект. Меѓутоа, ова не е доволно за да се оцени дали медиумот известува објективно и точно. Континуираното неточно известување е еден од најсериозните недостатоци во медиумското покривање на политичките настани што може да се утврди само со помош на сеопфатна квалитативна анализа, која подразбира посложени методолошки постапки (на пример, споредба на известувањето со реалните настани или следење на известувањето на еден ист настан на повеќе медиуми).

### 3) Методолошки приод применет во истражувањето

Ова истражување има за цел да утврди дали медиумите ги почитуваат професионалните стандарди во известувањето за политичките актери утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија и во кодексите на меѓународните организации. Анализата треба да одговори на следниве истражувачки прашања:

- Колку во вестите се изнесуваат коментари и оценки со кои се фаворизира, односно се напаѓа одредено политичко гледиште (неаргументирано или на начин со кој новинарот самиот зазема страна)?
- Кои се најизразените примери на фаворизирање односно демонизирање на политичките субјекти во вестите?
- Кои се најчестите примери на манипулирање со изворите? Дали мислењата на изворите што се наведуваат во вестите се најчесто спротивставени или застапуваат во основа едно исто

гледиште?

- Кои политички субјекти се најчесто застапени со директни обраќања во вестите? Дали одделни политички гледишта се премногу застапени, а други се исклучени?
- Дали во вестите се користи манипулативна аудиовизуелна презентација? Кои се нејзините најчести форми?
- Дали во вестите и актуелно-информативните емисии има експлицитни повици на насилство, негативен говор и стереотипизација кон групи?
- Дали во актуелно-информативните емисии се води грижа адекватно да бидат претставени различни и спротивставени гледишта за темата која е предмет на дебата? Дали има фаворизирање односно демонизирање на политичките субјекти од страна на водителите/новинарите?

За да се одговори на овие три истражувачки прашања треба најпрво јасно да се дефинираат концептите “непристрасно“ и „балансирано“ известување кои всушност тесно се испреплетуваат. Во овој сегмент од анализата, се користат дефинициите и методолошките насоки дадени во *Насоките за медиумска анализа во текот на мисиите за набљудување на изборите*изработени во 2005 година од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР), Директоратот за човекови права и Комисијата за демократија преку правото (Венецијанска комисија) на Советот на Европа и Европската комисија.Квантитативниот аспект на балансираноста е поврзан со обемот или времето што радиодифузерот го одвојува во вестите за известувањето на активностите на некој кандидат или организатор на изборна кампања, а квалитативниот со приодот или ’тонот’ на известувањето.

Предмет на оваа анализа не е квантитативниот, туку пред се квалитативниот аспект на балансираноста – приодот или начинот на кој медиумите ги „врамуваат“ политичките актери за време на изборната кампања. Покрај тоа, предмет на анализа се и сите вести и информативни емисии каде се среќава говор што поттикнува и засилува стереотипи дискриминирачки говор или говор на омраза кон групи и поединци?

Методот што се применува за да се одговори на прашањата за начинот на врамивање на политичките субјекти е *анализа на содржина* која се дефинира комбиниран приод што се фокусира и на квалитативни и на квантитативни аспекти на медиумските прилози/текстови. Дополнително за да е утврди дали во некои содржини има говор на омраза или дискриминирачки говор кон групи и поединци е *критичка дискурзивна анализа*. Тоа е квалитативен приод кој става нагласок на функцијата и значењето на медиумските текстови во конкретниот општествен и политички контекст

Рамката на известувањето на медиумот за конкретниот политички субјект се утврдува откако во прилогот што се анализира ќе се кодира присуството на неколку елементи: употребата на експлицитни оценки на новинарот/редакцијата за релевантниот субјект; манипулативната употреба на филмови, слики и звуци; присуството и селекцијата на директното обраќање на политичкиот субјект; бројот и позицијата на изворите; и главната тема што доминира во прилогот.

**3) Примерок и период на реализација**

Се анализираат сите централни информативни изданија и дел од информативните емисии на телевизиите.

Во примерокот медиуми вклучени во анализата се: МТВ 1, МТВ 2, Сител, Алсат М, Телма, Алфа, Канал 5, 24 вести, ТВ 21.

**4) Истражувачки тим**

Во истражувачкиот тим се вклучени 15 аналитичари и тројца истражувачи од Институтот за комуникациски студии.

**ДЕТАЛНА АНАЛИЗА**
**од следењето на медиумските содржини преку Механизмот**
**за набљудување и реакција при Институтот за комуникациски студии**
**(период: 12 март - 8 април 2016)**

# 1. Македонска телевизија – Прв сервис

## Прва недела (12 – 18 март 2016)

Во известувачкиот период од 12 до 18 март 2016 година на МТВ1 се објавени вкупно 87 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најзастапени теми беа: проектите на Владата (18 прилози), случувањата поврзани со одлуката на Уставниот суд за укинување на измените на Законот за помилување (14 прилози), изборите (11 прилози), ситуацијата со бегалската криза (10 прилози), активностите на функционери од опозицијата (4 прилози), следењето на активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (3 прилози), работата на Специјалното јавно обвинителство (2 прилози) како и активностите поврзани со преговорите за медиумите (2 прилози).

Во најголем дел во известувањата на овие теми е забележан фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ (23 прилози), додека негативен и демонизирачки наратив е забележан во 2 прилози каде како политички субјект се јавува опозициската СДСМ.

Коментари и оценки во вестите: Во текот на известувачкиот период централниот Дневник на јавниот сервис наликува на ЕПП простор во кој се рекламираат активностите на Владата: (12 март) Здравство: Нова опрема за старата Градска болница, (14 март оценка на новинар) Трајно им се реши статусот на 112 професионални војници, (16 март) Инфраструктура: Прилеп наскоро со нова пречистителна станица, (18 март) Здравство: Набавени 5 нови мамографи само тодоров го има у кадар. Се следат и партиските активности на двете големи партии СДСМ (4 прилози) и ВМРО - ДПМНЕ (3 прилози), но за разлика од претходната недела во многу помал обем. По повеќенедлено отсуство на негативниот наратив во известувањето за опозицијата, во овој период објавени се ид два прилози каде при пренесување на соопштенија од СДСМ („Наш приоритет е квалитетно јавно здравство“ и „Заев: Се приклучуваме на протестот пред Уставен“ од 14 март) презентерот користи наратив како “ ќе виделе“, „ќе ветеле“ и „ќе направеле“.

Информирањето за активностите на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски и натаму е со елементи на политички маркетинг, без притоа на јавноста да и се даде јасна слика дека се работи за лидер на партија, а не за премиер.

Во прилозите на актуелни теми како што се протестите во врска со одлуката на Уставниот суд, работата и СЈО и изборите, кај јавниот сервис нема експлизитно заземање став што би алудирал на апологетство или демонизирање на некој од политичките субјекти, туку тие се информативни.

Користење извори: Во најголем дел од прилозите се користи еден извор (49 прилози), најмногу се тоа владини претставници (проектите на Владата) или Кабинетот на претседателот ( кај темата за бегалците). Во прилозите каде што се користат три или повеќе извори (вкупно 12), во 10 изворите имаат исти ставови, додека кога се соочуваат два ставови (7 прилози) тие секогаш се на исто стојалиште. Во два случаи емитувани се прилози каде не с енаведува конкретен извор на изнформација, но тие не содржат манипулативни елементи.

Директни обраќања: Во анализираниот период МТВ1 објави релативно мал број директни изјави на лидерти на партии – вкупно 6. Од нив три се на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Груевски, две се на лидерот на СДСМ Заев и едно на лидерот на ГРОМ Јакимовски, кој во периодот беше актуелне како организатор на протестот за тнр.одбрана на Уставниот суд.

Аудиовизуелна презентација: Од вкупно објавените прилози на МТВ1, во 23 има елементи на манипулативна презентација. Убедливо најзастапен тип на таква манипулација е при следењето на активностите на владините претставници (промоција на проекти) и на лидерот на ВМРО- ДПМНЕ каде тој во улога на лидер на најголемата владејачка партија промовира проекти што се финансираат со државни пари (14 март „Клиника за гинекологија: Лабораторија за откривање аномалии кај плодот", 17 март „Социјални станови во Ѓорче Петров").

Во останатите промотивни пролози, фокусот на видо презнетацијата не се проектите туку фунцкионерите на владејачката партија (Димитриев, Тодоров, Канческа Милевска): 16 март „Крива Паланка: Над милион евра во патната инфраструктура", 18 март „Здравство: Набавени 5 нови мамографи", 18 март „Премиера „Викај ги среќа": Децата со Даунов синдром во главна улога". Прилогот за посетата на британскиот министер за Европа од 16 март содржи манипулативна видо содржина, при што навидум протоколарната информација за неговите средбо со претставниците на СДСМ, ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ, е проследен со кадри од средбата со Груевски каде се инсистира на срдечноста на средбата (пријателско тапкање по рамо, климање со глава, неврзан разговор). Во прилогот од 14 март „Новинарски здруженија: Барање до партиите да ги продолжат преговорите", за Здружението на новинарите исклучиво се користи терминот „новинарски здруженија", додека во прилогот што следува по него, конкретно се користи називот на другото здружение Македонската асоцијација на медиуми.

Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:

- (12 март) Здравство: Нова опрема за старата Градска болница
- (14 март оценка на новинар) Трајно им се реши статусот на 112 професионалнитее војници кои останаа без ангажман откако ја достигнаа старосната граница
- (15 март) ОЕЦД: Македонија прворангирана во 6 области
- (16 март оценка на новинар) Стопанскиот развој пак го обезбедуваат новинте капацитети во индустриската зона, странските инвестиции, и проектите на Агенцијата за вработување. За девет години бројот на невработени е намален за 10 илјади лица
- (16 март оценка на новинар) „Димитриев посетата на Крива Паланка ја заврши со средби со граѓаните"
- (16 март оценка новинар) Во новите законски измени својот интерес го препознаа и земјоделците од другите сектори...
- (17 март оценка на новинар) Ќе се градат нови социјални станови. Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ рече дека наскоро ќе ги има во Гостивар".

**Втора недела (19 – 25 март 2016)**

МТВ 1 во известувачкиот период од 19 до 25 март во централните вести објави вкупно 78 прилози кои се однесуваат на политички настани, процеси и актери. Најголем фокус имаше на владините проекти и инвестиции (16 прилози), на активностите околу прочистувањето на Избирачкиот список и предвремените избори (9 прилози), за работата на СЈО (8 прилози), за активностите на претставници на опозицијата (8 прилози), 5 прилози беа за отчетот за десетгодишната работа на владејачката ВМРО- ДПМНЕ, за мигрантската криза (5 прилози), за реформите во медиумите (4 прилози), за штрајкот во судската администрација (3 прилози), активностите на и на други теми.

Во најголем број од прилозите ( 22) е забележан фаворизирачки однос кон власта и владејачката партија и нема ниту еден прилог со изразен негативен став на новинарот (или на медиумот) кон кој било субјект. Останатите прилози се информативни каде новинарот само пренесува став на некоја институција или политички субјект, без коментаторски или лични ставови.

Коментари и оценки во вестите: Централните вести на Јавниот сервис наликуваат на економско пропаганден блок, со спорадични информации кои не се однесуваат на промоција на некој владин проект или инвестиција. Најголем дел од информативниот простор е исполнет со прилози за владините достигнувања (19 март „Државна кардиохирургија: За две години направени повеќе од 200 операции" 19 март "Иновации: Годинава фондот ќе пласира 2,65 милиони евра",21 март „Транспорт: Вложување во патната инфраструктура") или за промовирање на нови проекти (19 март „Образование: 7000 наставници на обука за Кембриџ",19 март „Култура: Франкофонијата ти отвора врати", 22 март „Здравство: Почна постапката за сурогат мајчинство") со што вестите делуваат анахроно, карактеристично за систем од минатото и на предизборен маркетинг.

Во оваа слика се вклопуваат и прилозите (8) за активностите на опозицијата (принцип кој се практикува извесен период), кои се однесуваат на промоција на некој нивен проект (20 март „Еко Бригада Жерновски"), предизборна промоција (21 март „СДСМ: Шеќеринска: Ќе ја зголемиме минималната плата"), критика на некоја владина мерка (21 март „Енергетика: Зошто се увезува поскапа струја?", 22 март „Земјоделство: Николовски прашува за закупнините на Лозарство" 22 март „ Војниците служат во нечовечки услови"), или обвинувања за незаконско работење на владини функционери (23 март „Злоупотреба во здравството", 24 март „Николовски со нови обвинувања за Делев").

Посебно внимание во анализираниот период беше посветено на информирањето за отчетот на владејачката ВМРО- ДПМНЕ, при што со помпезност беше проследена промоцијата (20 март „Отчет ВМРО од 2006-2016"), каде и визуелниот и интонативниот дел е фаворизирачки во корист на владејачката партија. Фаворизирањето продолжи и во следните денови (23, 24 и 25 март) преку емитување на поединечни прилози за достигнувањата во економијата и здравството преку говорите на министрите Ставрески, Пешевски и Тодоров на овој промотивен партиски настан.

Користење извори: Во прилозите во вестите на МТВ1, доминантно се користи еден извор (47 прилози). Во 12 прилози се користат три или повеќе извори, од кои во 8 тие изразуваат спротивставени гледишта. Во 10 прилози има ставови на двајца соговорници, од кои во 9 тие се истомислечки. Во три прилози информациите се презентирани без извори од каде потекнува информацијата, но содржината не е манипулативна.

Директни обраќања: Во анализираниот период емитувани се само три директни обраќања на лидер на политичка партија. По една изјава е на лидерот на ВМРО- ДПМНЕ Никола Груевски, на лидерот на СДСМ ЗОран Заев и на ГРОМ Стевчо Јакимовски.

Аудиовизуелна презентација: Во 17 прилози во овој период има елементи на аудио-визуелна манупулација. Забележани се два типа на манипулација:

- визуелна како во прилогот од 20 март „Отчет ВМРО од 2006-2016", каде прилогот наликува на политичко- маркетиншки спот во предизборен период, што е следен од фаворизирачка интонираност, со користење на индиректен говор. Во прилозите каде се презентира ставот на опозицијата (24 март "СДСМ: Македонија е на дното според странски инвестиции" и од 25 март „СДСМ: Вистинскиот отчет доаѓа по изборите" ) информацијата ја следи скуден видео приказ на седиштето на партијата.

- кога промотивните партиски прилози се претставуваат како проблемски (23 март „Отчет: Ставревски: Најголем успех се 150 илјади вработувања", 24 март „Отчет: Пешевски: 34.000 вработувања во наредниот период", 25 март „Отчет: Тодоров: 200 милиони евра во капитални инвестиции", 25 март „Бизнисот бара подобри услови за кредитирање").

Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:

- (20 март оценка на новинар) Преку 3500 реализирани проекти за 10 години. ВМРО-ДПМНЕ пред граѓаните го презентира очетот за сработеното од 2006 до 2016

- (20 март оценка новинар) Развој има и во земјоделското осигурување. Секоја година има речиси 50% зголемување на продажбата на полисите. Според Агенцијата тоа е резултат на порастот на премиите на субвенциите за 60% од страна на државата
- (20 март оценка новинар) Поддршката за иновативните бизниси ја јакне конкурентноста на економијата. Се креираат компании кои генерираат раст и отвораат нови работни места
- (21 март оценка новинар) Во Кочани Димитриев најави проширување на производството во компанијата Антура, што, според него, заедно со компанијата Амфенол ќе доведе до 1.000 нови вработувања во следниот период
- (23 март оценка новинар) „Ниски даноци, поддршка за домашните компании,странски инвестиции, отворени 150 илјади работни места., намалена невработеност. Ставревски со отчет за сработеното во економијата"
- (24 март најава) Странските директни инвестиции носат бенефит за македонската економија. 500 домашни компании соработуваат со странците. Се отвораат и директни и индиректни работни места. Освен профит,се стекнуваат и нови знаења. Дел од отчетот на Владимир Пешевски.

**<u>Трета недела (26 март – 1 април 2016)</u>**

МТВ 1 во известувачкиот период од 26 март до 1 април објави вкупно 91 прилог во врска со актуелните политички настани. Најголем број од прилозите се за: изборите (19 прилози), за владините проекти (15 прилози), работата на СЈО и случаите Тортура и Тврдина (8 прилози), за активностите на опозицијата (8 прилози), за оставките на министрите од ДУИ (4 прилози), за отчетот на владејачката ВМРО - ДПМНЕ од предминатата седмица (3 прилози), за мигрантската криза (3 прилози), за активностите на Груевски (2 прилози), за случувањата околу реформите за медиумите (2 прилози), за измените на Кривилниот законик (2 прилози) и други теми.

Во најголем број прилози (19) забележан е фаворизирачки однос кон власта и владејачката партија, а тоа главно се промотивни прилози за инвестициски проекти и владини политики кои се во стилот на политички маркетинг и ЕПП. Во ниту еден прилог нема негативен, демонизирачки однос кон некој субјект.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Централниот дневник на МТВ1 во анализираниот период беше обоен со пропагандистички тон во корист на власта и пред се на владејачкта ВМРО ДПМНЕ. Доминираат прилози за, како што се претставуваат економските услови на Владата: (27 март „Здравство: Двојно зголемен број на тимови на итната помош" 27 март „Култура: Се гради Турскиот театар", 29 март „Авиосообраќај: Три нови линии за Берлин, Братислава и Копенхаген", 1 април „Здравство: Од денес поефтинија уште 165 лека"). Јавниот сервис и оваа недела емитуваше прилози посветени на отчетот на владејачката партија, иако од настанот изминаа седум дена, при што во политичко- пропаганден стил, фаворизирачки и апологетски беа претставени наводните успеси изминатата деценија на ВМРО ДПМНЕ (26 март „Отчет: Над милијарда евра вложени во патната инфраструктура", 27 март „Отчет: Зголемени пензии и социјална помош", 28 март „Отчет Ристовски: Изградени 74 училишта, санирани 400").

Иако не во голем обем, МТВ1 во централниот Дневник објави фаворизирачки прилози за активностите на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски, при што се пренесуваа неговите најави за проекти кои се во надлежност на Владата (29 март „Земјоделство: Оглас за закуп на 7.000 хектари државно земјиште", 30 март „Инвестиција. Анфенол ќе отвори нова фабрика во Кочани", 1 април „Здравство: Од денес поефтинија уште 165 лека"), при што Јавниот сервис ги пренесе без укажување дека тој тоа го прави од позиција на партиски лидер.

Опозицијата и натаму се појавува како субјект во прилозите (8). Емитувани се изјави на претставници на опозицијата кои се дел политички маркетинг (предизборна промоција): 27 март „Ќе има поголеми субвенции и социјални права", 27 март „ Промовирана програма и мерки за младите", 28 март „Поддршка за домашни фирми за нови работни места", 30 март Наумов: Ќе обезбедиме 65 илјади работни места", а дел се критика на владината политика: 30 март „Земјоделство: Злоупотреби

со закупнина на 5642 хектара“, 31 март МИОА: Кирацовски тврди за криминал од 200 илјади евра“, 1 април „МИОА: Кирацовски обвинува за незаконски тендери“.

Единствен прилог во кој има негативен тон кон некој политички субјект објавен во вестите е соопштението од ВМРО ДПМНЕ (29 март „ Анализа и ревизија на работата на Спасовски“), во со силен критички тон се анализира работа на министерот за внатрешни работи Спасовски кој е функционер од опозицијата. Телевизијата во продолжение објавува и реакција од институцијата (МВР) на партиските обвинувања.

Користење извори: И во овој период во прилозите на МТВ1 најмногу се користи еден извор (57 прилози). Во 18 прилози се користат два става, но во 12 од нив тие на исти позиции, додека во 6 тие се спротивставени. Во 4 прилози се посочени три или повеќе ставови на иста тема, но во три случаи тие се на исто стојалиште. Во 3 прилози не може да се препознае изворот на информацијата.

Директни обраќања: Во анализираниот период емитувани се 7 директни обраќања на лидери на политички партии. Според бројноста, се работи за неизбалансираност, бидејќи најголем број од нив – 4 се на лидерот на ВМРО- ДПМНЕ Никола Груевски, две на лидерот на СДСМ Зоран Заев и едно на лидерот на ДС Павле Трајанов.

Аудиовизуелна презентација: Деветнаесет (19) од вкупниот број емитувани прилози содржат елементи на аудио или визуелна манипулација. Тоа се политичко-маркетиншки прилози: (26 март „Отчет: Над милијарда евра вложени во патната инфраструктура“, 27 март „Отчет: Зголемени пензии и социјална помош“, 27 март „Здравство: Двојно зголемен број на тимови на итната помош“),27 март „Битола: Рурален развој за потребите на жителите“); прилозите каде наместо промоција на проектот, во фокусот е промоција на политичкиот функционер (27 март „Култура: Се гради Турскиот театар“), во случајов на министерката за култура Елизабета Канческа Милевска, но посебно се издвојуваат оние каде лидерот на ВМРО ДПМНЕ промовира владини проекти. Има и примери на некритичко пренесување на информација (30 март „Ново поефтинување на лековите“), но и пример кога функционер ги критикува граѓаните, а не обратно (30 март „Здравство: 434 илјади пациенти закажале па не отишле на лекар“).
Манипулативен пристап има и при презентацијата на прилозите (изјави и вести) за опозицијата, при што информацијата ја следи штур видео материјал (27 март „СДСМ: Ќе има поголеми субвенции и социјални права“), или графиката (телопот) не го опишува (не се знае чија трибина е тоа) настанот што се презентира (27 март „Трибина: Промовирана програма и мерки за младите“).

Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:

- (27 март оценка на новинар) Посебно се добредојдени за оние со потенок буџет кои тешко би можеле да издвојат толкави сретства за задоволување на потребите од витално значење за граѓаните
- (28 март) Отчет: Ристовски: Изградени 74 училишта, санирани 400
- (29март) Авиосообраќај: Три нови линии за Берлин, Братислава и Копенхаген
- (29 март) Здравство: Нова камера на институтот за патофизиологиај
- (30 март) Инвестиција. Анфенол ќе отвори нова фабрика во Кочани
- (31 март) Ново поефтинување на лековите - во земјава лековите се намалуваат двапати годишно - во март и во ктомври
- 31 март Економија: Ставревски: Индустријата оствари одличен раст

**Четврта недела (2 – 8 април 2016)**

МТВ 1 во известувачкиот период од 2 до 8 април објави вкупно 96 прилози кои се однесуваат на политички настани. Најголем фокус имаше на: владините проекти и инвестиции (19 прилози), на изборите (17 прилози), за активностите на опозицијата (9 прилози), оставките и именувањето на функцинерите од ДУИ (6 прилози), на активностите на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски (6 прилози), за СЈО (3 прилози), за мигрантската криза (3 прилози), за поништувањето на одлуките на министрите од СДСМ (2 прилози), за состојбата во медиумите (2 прилози), за случајот Панама

документи (2 прилози) и други. Во 27 забележан е фаворизирачки однос кон власта и владејачката партија, и тоа се промотивни прилози за владините активности. Во три прилози забележителен е демонизирачки однос кон опозицијата.

Коментари и оценки во вестите: Со доминирањето на промотивно- пропагандните прилози, вестите на македонски јазик на Јавниот сервис наликуваат на предизборен маркетинг простор за власта, пред се за владејачката ВМРО – ДПМНЕ: преку прилози за достигнувањата во економскиот раст (2 април „Стандард и Пурс: Потврден високиот кредитен рејтинг на Македонија“, 5 април „Статистика: Расте извозот за 7,5% за првите два месеца“), за владините и странските инвестиции (2 април „Подвижни аптеки: Дел од трошоците ќе се надоместуваат“, „Култура: Промовирани 15 нови наслови“, „Оглас: Четири мерки за вработување“, 3 април „Програма: 700 илјади евра грант за средните училишта“, „Здравство: Со обнова на амбулантите до поквалитетно здравство“, 4 април „АВРМ: Грантови за самовработување на лица со инвалидност“, 5 април „Рудници: Договор за концесија на Злетово и Тораница“), како и за промовирање на улогата на лидеот на ВМРО ДПМНЕ Груевски во тоа (3 април „Струмица: Нова зграда на јавната администрација“, 4 април „Ресен: Отворена спомен-куќа на Татарчеви“, 8 април „Конгрес: Сојузот на Ромите повика на обединување“).

Опозицијата во набљудувачкиот период беше присутна во вестите преку изјави (9) на нејзини претставници во политичко (изборен) маркетинг (3 април „СДСМ: Спасовски во посета на Штип и Карбинци“, 4 април „Трибина на СДСМ: Мерките од програмата претставени во Штип“, 5 април „СДСМ: Пендаровски: По изборите, одговорна власт“) или како критка на некоја владина политика (2 април „СДСМ: Граѓаните на Аеродром дишат валкан воздух“, 3 април „Кирацовски: Скандал тежок 1 милион евра“, 4 април „Избирачки список: Кирацовски: Нема да дозволам манипулации“ 5 април „Земјоделство: Николовски обвини за сомнителни јавни набавки“).

Негативен тон во известувањето има во прилозите каде субјект е опозицијата при што забележителна е тенденцијата изјавите од меѓународната заедница да се толкуваат еднострано само како критики кон СДСМ (7 април „Брисел: Постигнат е напредок, но треба уште работа“).

Користење извори: Во прилозите во вестите на МТВ1, доминантно се користи еден извор (54 прилози). Во 15 прилози се користат два извори, при што доминантно (во 12 прилози) тоа се на исто стојалиште. Во 13 прилози се користрат три или повеќе извори но во 9 тие се со ист став. Во два прилози не се наведува изворот на информацијата.

Директни обраќања: Во анализираниот период емитувани се само 2 директни обраќања, и тоа двете се изјави на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски.

Аудиовизуелна презентација: Во 28 прилози забележителна е манипулативна видео или аудио содржина. Промотивните прилози за проектите што ги спроведуваат државните институции или што ги најавува лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Груевски, во кои се поминува линијата на политичкиот маркетинг, остануваат доминантен тип на аудиовизуелна манипулација (2 април Култура: „Промовирани 15 нови наслови“, 3 април „Струмица: Нова зграда на јавната администрација“, 3 април „Здравство: Со обнова на амбулантите до поквалитетно здравство“ 4 април „Ресен: Отворена спомен-куќа на Татарчеви“, 8 април „Конгрес: Сојузот на Ромите повика на обединување“) Но, забележани се и други случаи. Во два прилози од дописникот од Брисел од 4 април, „Брисел: Средба Даниелсон-Попоски“ и од 7 април „Брисел: Постигнат е напредок, но треба уште работа“ новинарот некритички изнесува свое мислење дека „се исполнети речиси сите услови за претстојните избори, како во делот на организација на Владата, така и во делот на законските текстови, кои се прифатени во македонското собрание“ (4 април), без притоа да се повика на изворот на информацијата. Во прилогот од 7 април пак новинарот го пренесува мислењето на меѓународни претставници, и притоа изнесува свој став дека „во една од најстарите демократии - во Белгија“, „тие (граѓаните) имаат право, но и обврска да гласаат на денот на изборите без разлика колку и кои партии учествуваат на истите. Во спротивно би биле казнети со 500 евра казна“, што алудира како да и се обраќа на опозицијата која најави бојкот на изборите. Во прилогот од 8 април „Избори: ЕУ и САД: Да се спроведе политичкиот договор“, презентерот ја толкува, наместо да ја пренесе изнформацијата од соопштението. Па така цитатот „ На 6 април беше пропуштена можноста да се создадат услови за

кредибилни избори. Затоа Европската Унија и САД ги повикаа политичките лидери да ги спроведат политичките договори од Пржино и потенцираат дека условите за кредибилни избори се одговорност не само на државните институции, туку и на партиите", е пренесен како „ги повикаа политичките лидери во Македонија да го спроведат потпишаното и да обезбедат услови за кредибилни избори. Порачуваат да не се пропушти оваа можност за избори како онаа на 6 април". Има и примери на селективно пренесување на информации (5 април „Статистика: Расте извозот за 7,5% за првите два месеца"), на неименување на соговорниците (2 април „Собир: Протест за Љубе Бошковски"), или телоп кој не ја одразува темата на која се однесува прилогот како оној од 2 април „СДСМ: Граѓаните на Аеродром дишат валкан воздух", каде поентата е на уништувањето на зелените површини од страна на општинските власти (ВМРО ДПМНЕ) за сметка на градењето високи станбени комплекси.

Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:

- (2 април оценка на новинар) С&П го потврди стабилниот кредитен рејтинг- нивото ББ со стабилен изглед. Ова се должи на високиот економски раст од 3,7 насто од бруто домашниот производ, растот на извозот од слободните економски зони и јавните инвестиции"
- (4 април оценка на новинар) Европската комисија поддржува одржување на предвремени парламентарни избори на 5 јуни. Не гледа реални причини истите да бидат одложени. Токму изборите ќе го одблокираат евроинтегративниот пат на РМ, оценуваат од неформалната влада на ЕУ
- (4 април оценка на новинар) Новата спомен-куќа ќе биде важна за развој на туризмот, вели лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски. Рече дека во овој регион, во инфраструктурата се вложени 15 милиони евра.
- (5 април најава) Проект: Македонија вработува завршува за 10 дена Компаниите имаат уште 10 дена да ги искористат поволностите од проектот Македонија вработува преку којшто се ослободуваат од плаќање придонеси за персонален данок на доход за работниците. Досега преку овој проект се отвориле над 16.600 работни места во околу 9.000 компании
- (7 април оценка на новинар) И ЕК, барем до пладне денес делуваше изненадена од одлуката на СДСМ да не учествува на претстојните избори дотолку повеќе што нејзините претставници овде во Брисел последниве неколку дена упатуваа недвосмислени пораки дека со мали забелешки државата е подготвена да оди на избори
- (7 април најава) Одбележан светскиот ден на здравјето. Министерот реферираше за сработеното.

## 2. Македонска телевизија – Втор сервис

### **Прва недела (12 – 18 март 2016)**

Во вестите на вториот канал на Македонската радио телевизија во периодот од 12 до 18 март беа емитувани 66 прилози поврзани со политичките субјекти или случувања. Темите поврзани со настаните во и околу Уставниот суд беа најзастапени (10 прилози), пред тие за предвремените парламентарни избори (8 прилози), и за Специјалното јавно обвинителство (4 прилози).

Коментари и оценки во вестите: Вториот програмски сервис на МТВ емитуваше 12 фаворизирачки прилози за партијата ДУИ и три за Влаата.

(1) Критички се следеа настаните поврзани со Уставниот суд (16 март: „Помилувањето на криминалците е во рацете на претседателот"). Таквиот однос беше особено изразен кон контрапротестот (16 март: „Шаторите пред Уставен отстранети, на демонстрантите не им е јасно каква одлук а одбранија"). Се пренесуваа и критиките на домашни и на меѓународни субјекти, како и на аналитичари, во врска со одлуката.

(2) Продолжуват да се следат активностите на ДУИ, од комеморации, до средби, посети и друго (14 март: „Пролет на достоинството. ВО калето на слободата, оддадена почит на мачениците од 2001 година“.

(3) Невообичаено за вториот канал, беше изразен позитивен однос кон проекти на Владата, и тоа тој за вработување 112 порашенни професионални војници (14 март), како и за вработување на лицата со посбни потреби (16 прилози).

Користење на изворите: Беа емитувани 23 прилози во кои изворите имаат различен или спротивставен став, 20 прилози со еден извор и 16 прилози со два и повеќе извори, но со единствена позиција на изворите.

Директни обраќања: Со по едно обраќање се застапени лидерите на ДУИ Али Ахмети, на СДСМ Зоран Заев и на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски.

Аудиовизуелна презентација: Забележан е еден случај на манипулативна аудиовизуелна презентација: слика од Ахмети како полага цвеќе (14 март: Во Коларево, Кичево, омаж на активистот Ружди Велиу“).

**Втора недела (19 – 25 март 2016)**

Во вестите на МТВ2 на албански јазик во анализираниот период се објавени 52 прилози за политички субјекти и настани. Најзастапени се темите за изборите (11 прилози), за СЈО (8 прилози), за реформи во медиумите (3 прилози). Еден прилог беше посветен на активности на опозицијата.

Коментари и оценки во вестите: Вториот програмски сервис на МТВ емитуваше 10 прилози во кои се фаворизираат партијата ДУИ (9) и владината политика (1). За предвремените избори, телевизијата известува избалансирано, пренесувајќи ги ставовите на сите политики субјекти (19 март “ДИК да го прочисти изборниот список“, “ВМРО-ДПМНЕ вели дека СДСМ врши терор врз ДИК“, 20 март “ДИК одлучи 100 440 сомнителни гласачи теренски да се контролираат“, 21 март “СДСМ: Зошто ДИК не ги контролира 124 илјади гласачи?“ , “ВМРО-ДПМНЕ: СДСМ бара алиби за одложување на изборите“, 22 март “ Тачи: Скепса за изборите на 5 јуни“). Се известува и за анкетата на агенцијата “Фактор Плус Адриа“ (23 март), како и анализа на оваа тема, во која аналитичарите сметаат дека кампањата почна пред законскиот рок“(21 март).

Прилозите поврзани со СЈО се пренесување на спротивставените ставови на ВМРО –ДПМНЕ и СДСМ (21 март “ Се одложи прегледот на извештајот на Јанева. ВМРО ја обвинува Јанева , а од СДСМ им одговараат, се плашите од работата на Јанева“,22 март “Јанева им објави војна на Уставниот суд, Собранието и Претседателот и ги прогласи за нелегитмни“).

Промотивните прилози во кои со пофален тон се известува за активностите на функционери од ДУИ се однесуваат на проекти за канализации, водовод, комеморација, и политички маркетинг, додека еден од нив е и промотивен прилог за Владата (23 март “ На 101 лица без кров на глава да им се осигури работно место и место на живеење“.

Користење на изворите: Има 14 прилози со еден извор и уште 17 прилози со два и повеќе извори, но со единствена позиција.

Директни обраќања: Има само едно директно обраќање од лидерот на ДПА, Мендух Тачи.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација

**<u>Трета недела (26 март – 1 април 2016)</u>**

Во периодот од 26 март до 1 април телевизијата емитуваше 60 прилози поврзани со политичките субјекти, процеси или состојби. Темите за Специјалното јавно обвинителство и за подготовките за предвремени избори беа најзастапени (по 12 прилози), а по нив беа темите за оставките на министрите од ДУИ (4 прилози) и за медиумите (3 прилози).

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Емитувани се 11 позитивни прилози за падтијата ДУИ, два за Владата и еден за опозицијата.

(1) Информативно се проследија настаните од политичката криза и повлекувањето на ДУИ од Владата (1 април: „Функционерите на ДУИ дадоа оставка од Владата"; „ Подземјето се труди да го дегенерира процесот, ја образложува ДУИ оставката". Се пренесуваат и ставовите на другите партии (1 април: „За СДСМ, оставките на ДУИ ја продлабочуваат кризата"; „За ДПА, оставките се кулминација на хипокризијата").

(2) Неутралниот однос се задржува и во врска со новите случаи отворени од Специјалното јавно обвинителство (28 март: „Мијалков осомничен за малтретирање на Бошкоски"), а во тој контекст се става и предлог-Законот за кривична постапка (28 март: „СДСМ вели власта ја кочи работата на СЈО". Пренесени се препукувањата на партиите за извештајот, и на обвинителката Катица Јанева со Советот на јавни обвинители. На 31 март се вели „Паќа првиот притвор по барање на Јанева, 30 дена притвор за Горан Грујевски", а на 1 април „СЈО отвора предистражна постапка за приватните разговори". Се пренесуваат и експертски ставови (30 март: „СЈО ќе ја подели државата од партијата".

(3) Кај темата за предвремените избори се фаворизираат ставовите на претставници на меѓународната заедница, наспроти тие на власта (27 март: „Алтахаузер го демантира Груевски, квалитетот на изборите е поважен од датумот". Дел од оваа тема се става и во етнички контекст „30 март: „Експертите велат дека ДИК ги албанизира сомнителните гласачи". Поголемиот дел од прилозите се информативни (31 март: „ОБСЕ почнува со наблудувањето").

<u>Користење на изворите:</u> Има 25 прилози со еден извор и 13 прилози со два и повеќе извори, но со единствена позиција а изворите, како и 15 прилози во кои изворите имаат различни или спротивставени ставови.

<u>Директни обраќања:</u> Во целиот период е емитувано само едно директно обраќање, од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

**<u>Четврта недела (2 – 8 април 2016)</u>**

Телевизијата објави 75 прилози со политички субјекти кои беа предмет на ова неделна анализа. На тема избори објавени се 20 прилози, за СЈО има 3 прилози, за медиуми има 4 прилози, за смената на министрите на ДУИ има 6 прилози, за оставките на министрите на СДСМ има 3 прилози. Позитивни прилози за владата има 15, од кои за ДУИ 9 прилози и 6 позитивни за ВМРО ДПМНЕ, како и два критички. Има е 1 промотивен прилог за СДСМ.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата ги застапува сите спротивставени ставови во однос на темите за датумот на изборите и за настаните од кризата ( 2 април "Оставките на министрите на ДУИ. Груевски: ДУИ е во Влада, се очекуваат нови именувања", 3 април "СДСМ велат, ДУИ наводно прави промени", 4 април „Бејли: "Кредибилни избори како услов за американската подршка", 5 април "Тачи е скептичен за 5 јуни, се уште нема услови", 6 април "Сите очи кон ДИК" , "Мост" бараат ДИК да каже дали може да имаме избори", "Цивил" бараат изборите да се одложат за септември").

Во однос на оставките на министрите на ДУИ, во вестите на албански јазик на Јавниот сервис информира дека “На полноќ собранието се распушта. Министрите на опозицијата депонираат оставки“(6 април), и тоа според експертите значи “Без создавање на услови, кризата ќе се излее на улица“ . Во прилози од 7 април информира дека “Заев повикува на фронт против Груевкси“, како и пораката на Груевски дека “ Народот ќе избира“, помалите партии не сакаат “избори без услови“. Во анализата пак експертите укажуваат дека “Македонија влегува во друга криза“.

За ситуацијата со медиумите се пренесува ставот на ЗНМ дека “Власта се плаши од слободните медиуми“ (5 април), и се пренеусва изјавата на евроамбасадорот дека “Состојбата во медиумите не е добра“(7 април).

За работата на СЈО во прилогот од 6 април се заклучува дека “Се онесвестува судијата, Јанкуловска го спаси пасошот“. Во критичките прилози за власта, се известува за “скандал во Министерство за информатика“, каде дополнителниот заменик министер Кирацовски обвинува дека екс министерот Ивановски злоупотребил 1 милиони евра“(3 април).

Од фаворизиралките прилози за функционери од ДУИ се известува “За албански имиња на училиштата зборува Меџити“ (4 април), како и за “Отварање на музеј во меморијалниот центар во Зајас“ (6 април). “Промена на Уставот, службена употреба на албанскиот јазик, избор на Претседателот во Собрание, и друг модел на избори“, бара Острени во програмата на неговата партија “Унитети“ (4 април).

<u>Користење на изворите:</u> Има 24 прилози со еден извор, и 20 прилози со два и повеќе извори, но со единствена позиција на изворите.

<u>Директни обраќања:</u> Има вкупно 4 директни обраќања, од кои 3 од Груевски и едно од Заев. Има обраќања и од лидерите на помалите албански партии.

<u>Аудиовизуелна презентација.</u> Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

## 3. СИТЕЛ

### <u>**Прва недела (12 – 18 март 2016)**</u>

Во известувачкиот период од 12 до 18 март во Дневникот на Сител се објавени вкупно 88 прилози кои се однесуваат на актуелни настани и на политички актери. Најмногу внимание телевизијата им посвети на: настаните поврзнаи со Уставниот суд (14 прилози), на промоција на проекти и мерки на Владата и на другите институции (13 прилози), на активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (10 прилози), на мигрантската криза (10 прилози), на активностите на опозицијата (7 прилози), работата на Специјалното јавно обвинителство (4 прилози) итн.

Во најголем број известувања за овие теми телевизијата изразуваше позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ (29 прилози) и негативен и демонизирачки кон СДСМ (25). Продолжува напаѓачкиот однос посебно кон лидерот на СДСМ Заев и кон специјалната јавна обвинителстка Јанева.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Коментаторска содржина е забележана во 15 прилози кои содржат демонизирачки став кон СДСМ и СЈО кои остануваат таргет при негативното информирање во прилозите на оваа телевизија.

Доминираат прилозите за промоција и поддршка на владините мерки и проектите кои се карактеристични по силниот фаворизирачки тон (12 март „Нова опрема за старата градска болница“,

13 март "Пензионерите во Македонија се задоволни", 14 март „112 поранешни професионални војници добија работа"), како и прилозите во кои во стилот на политички маркетинг се индормира за аактивностите на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски (12 март „Груевски со решенија за проблемите на жителите на Кичевско", 14 март „Во Куманово почнува изградба на ургентен ценнтар - според претседателот на на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски за изградба и реконструкција на овие болници ќе бидат инвестирани 70 милиони евра"), кои се пренесуваат некритички, како да е во државна, а не партиск функција. Се повторуваа негови стари изјави каде што најавува настаните за кои се известуваше во дадениот момент (13 март "Пожарникарите добија бенефициран стаж за секој 12 месеци ефективна работа ќе им се сметаат 15 месеци стаж"), како и наводните спонтани разговори со граѓаните при теренските посети каде тој меѓу населението се движи со микрофон.

Иако телевизијата изминатиот период го зголеми бројот на прилози во кои информира за активностите на опозицијата, СДСМ и нејзиниот лидер Заев и специјалната обвинителка Катица Јанева и натаму се субјекти за кои се известува во негативен демонизирачки контекст: 13 март „Шилегов е само еден од раководството на СДСМ кој е вмешан афера за сериозен криминал", 13 март „Сорос и СДСМ доброволно сакаат Македонија да биде меѓународен протекторат",18 март „Анкета Павел Шатев: ВМРО ДПМНЕ со двојна предност пред СДСМ , над 64 % не и веруваат на Катица Јанева").

Крајно некритички телевизијата известуваше за протестите пред Уставнот суд, при што отворено демонстрираше поддршка за контра- протестите во организација на ГРОМ (16 март- новинар „Граѓаните решија да и стават крај на деструктивната политика на опозицијата и вчера во огромен број дојдоа да ги заштитат македонските институции.еки луѓе го заокружија Уставниот суд и не дозволија демонстрантите на СДСМ и СОРОС да го спроведат сценариото за дестабилизација").

Имаше и случаи кога новинарот/презентер (кој воедно е и главен уредник на телевизијата) во најавите отворено лично се конфронтираше со лидерот на опозицијата Заев и со Јанева (18 март најава /коментар: „Јас би сакал утре да се менувам со Зоран Заев , да потпишеме, се што имам, се што има, да го имам владеењето на неговите семејни фирми кои во времето на неговата опозиција, само во времето на Груевски , според книговодствени податоци, завршни сметки во УЈП свртеле над 200 милиона евра. Замислете да е на власт, 2 милијарди ќе бидат. Катица Јанева од друга страна е опомената и тоа од високо ниво на САД да не ја партизира институцијата"). Во Дневникот од 18 март најголем дел од најавите и прилозите беа коментаторски и во сите нив се содржи исклучително демонизирачки, дури и клеветнннички наратив кон овие две институции.

<u>Користење извори:</u> Во повеќе од половина од прилозите (46 прилози) има само по еден извор, а тоа е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Потоа следуваат прилозите со два или повеќе извора (15) чии ставови не се спротивставуваат (12 прилози), и тоа се или функционери од ВМРО-ДПМНЕ или аналитичари со провалдини етаблирани ставови во јавноста. Во 13 прилози се консултирани три или повеќе извори, но во 10 од нив тие се надополнуваат, а не се судираат. Во три прилози телевизијата се повикува на некредибилни извори на портали или на статус од социјални мрежи, каде изворот е „дознава", и тоа се прилози каде има изразен демонизирачки став кон опозицијата.

<u>Директни обраќања</u>: Од вкупно 20 објавени изјави на лидери на политички партии, половината (10) се на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски. Потоа следуваат Заев и Јакимовски со по 4 обраќања, и со по едно лидерите на две помали партии, Јаневски и Јанкуловски (ПОДЕМ).

<u>Аудиовизуелна презентација</u>: Во анализираниот период кај 29 прилози има елементи на аудиовизулена манипулација. Најприсутен тип на манипулативна презентација се прилозите за промоција на владините мерки и проекти и за активностите на Нкола Груевски кои ја преминуваат границата меѓу известувањето и политичкиот маркетинг (13 март „Пожарникарите добија бенефициран стаж за секои 12 месеци ефективна работа ќе им се сметаат 15 месеци стаж" – изјава на Груевски од 12.11.2015 година при средба во Охрид со пожарникар, 13 март „Пензионерите во Македонија се задоволни – изјава на Груевски од 07.01.2016 г. и анкета со пензионери кои ја фалат

Владата и проектите, 14 март „Груевски во посета на Ѓорче Петров заедно со министерот за транспорт“).

Визуелно манипулирање е забележано во прилозите поврзани со двата протести пред Уставниот суд. Во прилогот „Протести пред Уставен суд“ од 15 март, Јакимовски:ГРОМ и граѓаните секогаш ќе застанат во одбрана на законот и институциите кога ќе има потреба“ од 16 март и “Иванов: Нема помилување за силеџии на избори , педофили и наркодилери“ од 18 март, новинарот манипулира со бројка од 6.000 присутни на (контра)протестот што го организира провладината ГРОМ, при што делот кога се зборува за протестот на невладините организации е проследен со видео материјал од завршувањето на протестот, додека оној дел кога се зборува за контрапротестот се покрива со снимки кои прокажуваат масовност.

Истиот тип на манипулативна видео презентација има и во прилозите „ДИК ќе спроведува дополнителни контролни тестови“ од 17 март, во делот кога се посочува опозициската СДСМ, видео материјалот е снимка од партиското седиште, додека делот посветен на ВМРО ДПМНЕ се покрива со инсерти од големиот предизборен митинг.

Во два случаи (Изјава на Кире Наумов и “ СДСМ со обвинувања за градоначалникот на Скопје“ од 15 март) претставници на опозицијата се безимени.Продолжува и манипулативното известување кога станува збор за прилозите поврзани со СЈО и опозицијата: Во прилогот од 15 март „Катица со блед извештај кој не го образложи пред јавноста“, стара изјава на Заев се врамува во манипулативен контекст, додека во 3 прилози се пренесуваат напаѓачки и клеветнички содржини од веб-портали (16 март „Новинари и интелектуалци блиски до опозицијата разочарани од вчерашниот протест кој СДСМ го организираше заедно со соросовата платформа на невладини организации “Ајде“,16 март „Која е причината за повлекувањето на бројчаникот на јавниот долг?“, 17 март „Нетпрес: Ременски го доведе во колапс МТСП“).

<u>Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:</u>

- (12 март оценка на новинар) Во центарот на Кичево каде што огромен број на граѓани го пречекаа претседателот на ВМРО ДПМНЕ , просветните работници му го посочија проблемот со недостиг на дефектолози во училиштата.
- (12 март оценка новинар) Нејзиниот настап го толкуваат како обичен театар и притисок, бидејќи нема логично образложение зошто на прес- конференција би се најавила пријава и истрага против некого, а дури месец дена подоцна би се вршел претрес
- (13 март оценка новинар) Неофицијално, од истрагата велат дека многу често им било нудено и статус на заштитен сведок, како начин да се спасат, но во замена да посочат некој друг како виновен. Истите извори коментираат и случаи во кои откако ќе биле одбиени, на испрашуваните лица им велеле да размислат уште еднаш, бидејќи ако не прифателе ќе лежат во затвор. Им биле споменувани и нивните деца и фамилии
- (14 март оценка новинар 112 поранешни професионални војници добија работа новинар По даденото ветување на Владата следеше и реализација, војнците ги потпишаа договорите за работа во присуство на премиерот за спроведување на изборите и министерот за одбрана.
- (17 март оценка новинар) Соочени со шокот на Бихаќка денеска побрзаа на медиумите кои ги држат под контрола заедно со СОРОС да им достават лажни податоци според кои, над 500.000 гласачи во Македонија се фантомски
- (18 март најава/ коментар) Кога ќе кажете Никола ГРуевски, одма до него идат проекти, чешми, болници, патишта , нешто се случува, нечии потреби се задоволуваат. Кога ќе кажете Зоран Заев, одма идат афери, телефонски разговори, тепачки со полицајци, едноставно еден хаос.

**<u>Втора недела (19 – 25 март 2016)</u>**

Сител во набљудувачкиот период објави 90 прилози за актуелни политички настани и субјекти. Во вестите најголем простор е посветен на прилози за владините проекти и инвестиции (14 прилози), за

прочистувањето на Избирачкиот список и предвремените избори (13 прилози), за активностите на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски (12 прилози), за работата на СЈО (10 прилози), за теренските активности на опозицијата (7 прилози), отчетот на владејачката ВМРО ДПМНЕ (5 прилози), за мигрантската криза (2 прилози). Во 35 прилози забележан е нагласен фаворизирачки, апологетско-пропаганден однос кон власта и посебно кон владејачката партија ВМРО – ДПМНЕ, Во 21 прилог се известува со негативен- демонизирачки, во одредени случаи и навредлив однос кон опозицијата (посебно кон лидерот на СДСМ Заев) и кон специјалната јавна обвинителка Катица Јанева.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Најголем дел од просторот во централниот Дневник на оваа телевизија е пополнет со пропаганди прилози за владината политика преку прилози во кои со пофален тон некритички се известува за проекти и инвестиции (20 март "Димитриев во Кочани: Владата ќе продолжи со нови капитални проекти за Кочани", со оценка на новинарот дека „тоа е само дел од 4 милиони евра кои Владата во изминатиот период ги вложи во подобрување на комуналната и патната инфраструктура во оваа општина", 22 март „Повеќе пари за образованието, нови училишта, бесплатни учебници, современи Кембриџ програми за учениците и нови студентски домови е само дел од сработеното во изминатите години", 22 март „Градежните компании не паметат ваков инвестициски бум. Велат дека во моментов нема невработен градежник", 24 март „Изминатиов период континуирано раста примањата на пензионерите. Покрај континуираниот раст на примањата, пензионерите уживаат и во другите бенефити кои им ги овозможи државата").

Телевизијата објави и 13 најави и анализи со нагласен коменторски тон на новинарот/ водителот, во кои со некритички, дури апологетски наратив новинарот известува за власта (19 март „Бизнис инсајдер: Македонија е земја со најниски даноци на планетата", 21 март „За 10 години креирани 150.000 работни места, мерките за намалување на невработеноста продолжуваат ", 22 март „50 милиони евра вложени во образовната инфраструктура", 22 март „Сликата за македонскиот аграр целосно сменета", 25 март „Се решаваат барањата на граѓаните и се исполнуваат ветувањата од посетата на Груевски во Ѓорче Петров").

Негативен, демонизирачки и навредлив тон е забележан во коментаторските прилози каде субјект е опозицијата и обвинителката Катица Јанева, при што и во овој период, се наметнува неаруметирана теза за постоење на „заговор" на овие два субјекти против власта (21 март „Курир: Заради блискоста со Заев Јанева го амнестира Цановски и отвора предмет за уривање на дивоградбата Космос", 23 март „Еве ги испадите на Катица Јанева", 23 март „Како се збогати Катица Јанева која вчера призна дека нема докази во истрагите"). Примери за вакви некритички напади на медиумот кон Јанева и како функционер и како личност, има во вестите од 23 март, каде таа е субјект на обвинувања и навреди, а уредникот/ водител кон лидерот на опозицијата и Јанева со крајно негативен став презентира мислење како факт:
- користи термини „компромитирани, со лимитирани стручни и професионални капацитети, едноставно што и да зафатат Катица Јанева и Зоран Заев пропаѓа, каде год да се појават пред било која камера од тоа станува скандал";
- користи неаргументирани обвинувања („буквално и ќар за себе бидејќи познато е дека последниве денови , недели постои рекет низ Македонија каде што директори на битни фирми се рекетираат од оние што ги имаат разговорите, а ги имаат само во СЈО и во СДСМ и некои на кој му ги продале и со тоа прибираат пари помеѓу 50 и 70.000 евра засега од едно лице",„два пати се обидела да ја измами државата со становите и со нивата за смокви");
- лични дисквалификации („а таа изјава е изјава каква дал само Берија. Берија е специјален полицаец, специјален обвинител и логично специјален судија на Јосиф Висарионович Сталин"), го оспорува „интелектуалниот, јазичен и правнички капацитет на Катица Јанева", во навредлив контекст ја нарекува „лик" („сега овој лик кој треба да го води Специјалното јавно обвинителство" , „не може лик кој за 6 месеци заглавил во ваква корупција да им суди на другите").

Прилозите за активностите на опозицијата се дел за промовирање на партиската програма (20 март „Потпретседателката на СДСМ Фросина Ременски придружувана од членови на централниот одбор на СДСМ денеска беше на средби со граѓаните во Кичево", 25 март „Потпретседателот на СДСМ Дамјан Манчевски вчера беше на средби со граѓаните на Карпош", 21 март "Радмила Шекеринска: Ќе ја стимулираме домашната економија како странските фирми"), на проекти (24 март „Жерновски:

Основно училиште во Капиштец и повеќе други проекти во Центар“), но и критчки кон владината политика (22 март „Наумов:Во услови кога каматните стапки во Европа паѓаат Македонија ги зголемува каматните стапки на државните записи“, 22 март „Љупчо Николовски со обвинувања за Делев“). Телевизијата емитуваше и две интервјуа (со лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски и со лидерот на ГРОМ Стевчо Јакимовски) каде новинарските прашања содржат констатации кои се на линија на ставовите на соговорниците:

- Лидерот на СДСМ Зоран Заев изминатите неколку дена тврди дека имало 500 000 фантомски гласачи во избирачкиот список. Последната изјава е дека имало околу 200.000 спорни гласачи во избирачкио список. Каков е вашиот став?“ (19 март интервју со Груевски)
- „Дали СДСМ сега во Македонија прави манипулација со бројките на избирачи во избирачкиот список како што правеше манипулација со бројот на прислушуваните разговори?“, “Евидентно е дека ВМРО-ДПМНЕ ќе победи на изборите, а СДСМ ќе ги изгуби, но што ќе правиме по изборите?“, „Господине Јакимовски, нема партија на Балканот која сака да дојде на власт без избори, без да понуди луѓе, програма, оператива, работа на терен, состаноци со луѓе и тн?“ „Господине Јакимовски, сега имаме ситуација во која првата соработничка на Зоран Заев, Катица Јанева заедно со уште неколку странски дипломати инсистира на брзи постапки против функционери на ВМРО-ДПМНЕ меѓутоа ги блокира и ги закочуваат кривичните процеси против Заев и Радмила Шекеринска како и неколку други лица од раководството на СДСМ?“ (20 март интервју со Стевчо Јакимовски).

<u>Користење извори:</u> Во 47 прилози телевизијата користи еден извор на информирање. Во 16 прилози, соочени се ставовите на три или повеќе соговорници, но во 13 од нив тие се со исто гледиште. Во 9 прилози информацијата ја потврдуваат два извори, но во 5 прилози тие не се со различни ставови.

<u>Директни обраќања:</u> Во Дневникот се објавени 23 обраќања на лидери на политички партии, при што забележителна е неизбалансираност во корист на лидерот на владејачката ВМРО ДПМНЕ Груевски, кој е застапен со 17 дирекни обраќања. Останатите се на лидерот на СДМ Заев – 3, на лидерот на ГРОМ Јакимовски 2 и на лидерот на ДС Трајанов – 1.

<u>Аудиовизуелна манипулација:</u> Телевизијата и во анализираниот период објавува прилози со манипулативни елементи. Главен тип на аудиовизуелна манипулација е емитувањето промотивни прилози за власта и за лидерот на владејачката партија ВМРО ДПМНЕ Груевски. Во 33 прилози има елементи на:

-некритичко пренесување на информации од портали или објави од социјалните мрежи (19 март „ВМРО ДПМНЕ :Проверете ги сите два милиони,најважно е да се видиме на избори“- Курир, 19 март „Бизнис инсајдер“- статус на Груевски на Фејсбук, 21 март „Курир:Заради блискоста со Заев Јанева го амнестира Цановски и отвора предмет за уривање на дивоградбата Космос“, 23 март „Еве ги испадите на Катица Јанева – објава на Фејсбук на професорката Ванковска, 24 март „Акција или холивудско сценарио на Катица Јанева?“- Курир)
-визуелна манипулција (22 март „Иванов:Не треба да бидеме наивни , во Македонија има 72 терористи повратници од боиштата од Сирија“, каде делот од информацијата за бомбашките напади во Брисел ја следи видео материјал од бегалските кампови во Македонија
- врамување стари изјави во коментаторските прилози (24 март „Голема акција за фабриката за афери: уапсени три лица меѓу кои братот и сестрата на Чауш“ - стара изјава наЗаев за Телма, 24 март „Груевски:Бесплатни елаборати за над 5000 домаќинства“ – изјава на Груевски од 18 март при посетата на Радовиш и негова објава на Фејсбук, 25 март „Над 1000 прислушувани разговори од бомбите на Заев завршиле кај луѓе од подземјето“, каде актуелна изјава на заменик министерот Чавков се спротивставува на стара изјава на Заев од интервјуто во Сител).

<u>Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:</u>

- (19 март оценка новинар) Вистинска драма се случувала синоќа зад затворени врати во Државната изборна комисија, откако претставниците на СДСМ во комисијата сфатиле дека бројката на спорни гласачи по вкрстената проверка е 4 ипол пати помала од онаа која ја соопштуваа од партијата;

МОДЕМ MACEDONIA DEMOCRACY WATCH
INSTITUTE OF COMMUNICATION STUDIES
British Embassy Skopje
Kingdom of the Netherlands

- (20 март оценка новинар) Со вечерашниот настап владејачката ВМРО ДПМНЕ воведува еден нов концепт на отчетност кон граѓаните преку интеракција. Пред преполната сала на Јане Сандански во која што се бара и место повеќе прв пред граѓаните се обрати лидерот на партијата Никола Груевски;

- (21 март оценка новинар) Груевски повеќе од 4ипол часа водеше еден вид јавна седница пред повеќе од 10.000 граѓани во салата и стотици илјади кои настанот го следеа на телевизија и на десетици портали кои вршеа пренос во живо;

- (21 март оценка новинар) Катица Јанева избега и од собраниската комисија за политички систем;

- (21 март оценка новинар)150 000 нови работни места се креирани за десет години. Токму намалувањето на невработенста за 11 процентни поени е најголемиот успех во изминатата деценија. Невработеноста се намали од 36 на 24,6% пред се заради економските политики кои се водеа посебно во услови на два економски и една аполитичка криза;

- (23 март генерална најава) Егоцентриците и самопрогласените владетели не нудат ништо освен себе над законот, над државата и над граѓаните. Од друга страна ВМРО ДПМНЕ го спроведува најтешкиот процес во општество како нашето а тоа е радикално намалување на невработеноста;

- (25 март оценка новинар) При посета Груевски вети дека ќе се градат подрачни простории на училиштето „Димитар Поп Горгиев Беровски. Неколку месеци подоцна активно се гради училиштето и треба да биде готово и да започне со работа на почетокот на наредната школска година од септември оваа година.

**<u>Трета недела (26 март – 1 април 2016)</u>**

Сител во набљудуваниот период објави 84 прилози за политичките актери и случувања. Најголем број од прилозите беа за: проектите на Владата (17 прилози), за активностите на СЈО (14 прилози), за промотивните посети на Груевски (11 прилози), за изборите (10 прилози), за активностите на опозицијата (5 прилози), за отчетот на владејачката ВМРО- ДПМНЕ пред 10 дена (3 прилози), за медиумите (2 прилози), за новите случувања околу фабриката за афери (2 прилози) и по еден прилог за оставките на министрите од ДУИ и за мигрантската криза.

Во 36 од објавените прилози исклучително е нагласен апологетско-пропагандниот однос кон власта и посебно кон владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ, додека во 23 прилози доминира негативен став кон опозицијата. Продолжува негативниот тон во известувањето за работата на Специјалното јавно обвинителство и лично кон Катица Јанева.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Во вестите на телевизијата во мониторираниот период доминираат прилозите со позитивна и фаворизирачка содржина за ВМРО-ДПМНЕ во споредба со тие со негативен и демонизирачки однос кон СДСМ. Но интензитетот на напаѓањето на опозицијата е посилно од поддршката за власта, според прилозите со коментаторска содржина на новинарот/уредник/презентер или пренесена од други медиуми (16 прилози).

Има три типа негативни и напаѓачки содржини кон опозицијата. Првиот се обвинувањата за работата на нивните министри: (26 март „Вработени во МВР и специјалната полиција за Сител велат дека вчерашниот ден беше тежок дебакл за Оливер Спасовски. По неговото денешно признание според нив, стана јасно дека единствен ефект од неговата најголема акција откако стана министер е паника меѓу граѓаните“, 26 март „Портал „Денешен“: Кочничарењето на Ременски ги засегна и децата со пречки во развојот“).

Потоа се обвинувањата за поврзаност на СДСМ со криминал: (28 март „На 10 дена до распуштање на Парламентот СДСМ и Заев немаат ниту отчет ниту програма. Според аналитичарите, фабриката на Чауш е најголемата инвестиција на СДСМ во предизборието. Дополнителна асистенција е Катица Јанева со монтирани случаи како незаконското апсење на Едмонд Темелко“,31 март„Секој може се, никој не му може ништо, ова го воведе Заев минатата година кога поддржан од својата партија, поддржан од соросоидите , а богами и од некои дипломати влезе во криминална акција на стекнување на политички поени преку објавување на туѓи приватни телефонски разговори што е криминал сам по себе“, 1 април „Дека некој од сево ова ќе плати со глава не го мислат само ДУИ го мислат многумина, прашање е кој. Дека овие разговори сега биле во рацете на Заев кај криминалците вели ДУИ јас тоа го зборам година дена и тврдам не сега, од секогаш овие разговори биле во рацете на криминалците вклучително и кога беа кај Заев и тоа сега СЈО мора да покрене постапка против Заев“).

Во центарот на демонизирачкиот однос повторно е СЈО и лично обвинителката Јанева и лидерот на опозицијата Заев.Тоа е третиот тип на демонизирање за постоење наводен заговор: (28 март „Се поставува прашањето со овие разговори се врши рекет, што е веќе нотифицирано и објавувано на сајтовите, се земаат пари, зошто Катица Јанева не одговара на прашањето госпоџо кај вас се телефонските разговори , дел од нив се излезени во јавност и се емитуваат зошти ништо не превземате? Затоа што имате политички ќар за вас и за СДСМ?“, 28 март „Аналитичари: Катица Јанева и Чаушот се програма и отчет на СДСМ“, 30 март „Искусните правници коментираат дека и во овој случај обвинителството на Катица Јанева постапувало надвор од законите а во нејзините предмети и постапка препознаваат политичка обоеност од која единствемна корист има СДСМ и Зоран Заев“).

Интензитетот на следењето на активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски не се намали, иако тој веќе нема државна функција, туку е само партиски лидер (промовирање на проектите „Купи куќа“, грантови, огласување државно земјиште, најава на нови инвестиции, намалување на цената на лековите, отворањето нова зграда на архивот во Куманово и др.)
Продолжува и објавувањето прилози за опозицијата кои се дел промотивни во стилот на изборен маркетинг (26 март „Владата на СДСМ ќе го укине екстетрното во првите 100 дена“) или критика на владината политика (29 март “Наумов реагира на аукцијата на државни записи“). За разлика од обемните изветаи од активностите на функционерите од владејачката ВМРО ДПМНЕ, активностите на опозицијата се покривата со изјави, што наведува на сомнеж дека се работи само за да се обезбеди привиден баланс во известувањето.

<u>Користење извори:</u> Најмногу од новинарските прилози се со еден извор на информација (51 прилози), додека во 10 се користени две мислења, а во 8 од нив тие се идентични. Во 8 прилози се цитираат повеќе од два извори, но во 6 од нив се истомислечки. Во 2 прилози, новинарот не се повикува на ниту еден извор. Телевизијата продолжува да емитува и прилози во кои некритички се пренесуваат информации од портали, кои се со демонизирачки став кон опозицијата и СЈО.

<u>Директни обраќања</u>: Вкупно 17 директни обраќања на политички лидери се објавени во вестите на Сител. Фаворизирачкиот однос кон владејачката ВМРО ДПМНЕ се огледува и во анализата на овој параметар, бидејќи 13 од обраќањата се на лидерот на оваа партија Никола Груевски. Три од изјавите се на лидерот на СДСМ Зоран Заев, при што една е стара изјава од негов настап на друга телевизиј. Една изјава има и на лидерот на ГРОМ Стевчо Јакимовски.

<u>Аудиовизуелна презентација</u>: Во 22 прилози емитувани во изминатата седмица има елементи на аудиовизулена манипулација. Најкарактеристичен тип останува интензивното следење на активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски и неговото вмешување во активности на државните или на локалните органи (26 март „Средбите на Груевски со граѓаните даваат резултати- нови патишта, игралишта, канализации за радовишко“,29 март „Нов оглас за закуп на државно земјоделско земјиште“).
Друга форма беше некритичкото пренесување на информации од портали и повикување на неименувани извори, кои се коритстат за фаворизирање на еден (ВМРО- ДПМНЕ, а демонизирање на

друг (СДСМ) субјект: (27 март „150 евра поголема заработка за работниците во споредба со периодот пред 10 години“- без извор,
1 април „Бекир Асани му се заканил на Заев со сериозни последици ако излезе уште еден разговор. Заев барал засилување на обезбедувањето“ (медиа.мк),
1 април „Промена на ВМРО ДПМНЕ- за промена на името на Р. Македонија“- хрватски портал директно.хр.)
Една недела по одржувањето на отчетот на ВМРО ДПМНЕ телевизијата (27 март) емитуваше прилог со извадок од обраќањето на заменик министерот за труд и социјална политика Диме Спасов за децениските достигнувања на владејачката партија во оваа област („Спасов: Го вративме достоинството на пензионерите“).
Во фаворизирачки и дмеонизирачки прилози, телевизијата користеше анкети со граѓани во тие целосно се согласуваат со ставот на новинарот и нема ниту едно спротивставено мислење (29 март „Граѓаните препознаваат политичка конструкција во предметите на Катица Јанева“, 31 март “Теренската проверка на ДИК ја урна тезата на СДСМ за фантомските гласачи“, 1 април „Презентација на станбените субвенции во Кавадарци“). Во прилогот од 30 март „Експерти:Списокот на гласачи кои СДСМ ги смета за фантоми ја урна конструкцијата на Заев за бегство од избори“, наместо експерти како што се најавува, се емитуваат изјави до граѓани.

Повторно се забележува манипулацијата со стари изјави, кои се вадат од оригиналниот контекст и се вметнуваат како став во нов (најчесто коментаторски) контекст (1 април „Покренато обвинение против Захир Бекири Чауш и неговиот брат за фалсификување, злоупотреба и набавка и изработка на оружје“). Во промотивните прилози, изјавите се користат за да се докаже принципот на ветено – сторено, како што е случајот со Груевски( 28 март „Голем интерес кај општините за проектот Купи куќа за млади“ - изјава од 21.01.2016 година, 31 март „40 проекти за млади ќе отворат нови работни места“, изјава од интервју за Сител).

Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:

- (26 март оценка новинар) “Се излезе во пресрет на повеќе барања на жителите на радовишко при минатонеделната посета на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски и владините министри од редовите на владејачката партија.”
- (27 март оценка новинар) За период од 10 години има континуирано зголемување на правата од социјална заштита, квалитетен живот за пензионерите, бенефиции за самохраните родители и лицата со инвалидност
- (27 март оценка новинар) “Македонците заработуваат во просек по 150 евра повеќе споредено до пред една деценија.”
- (28 март најава) „Со секој нов ден сме се поблиску до изборите кои треба да се случат на 5 јуни, секој ден поблиску до решавање на кризата и атмосферата во Македонија која е фрустрирачка и до она што како тортура го врши СДСМ врз сите македонски граѓани воспоставувајќи морал, етика, стандарди и кршејќи го законот со заштита на дипломатите и на соросидите секој ден и во секоја прилика.”
- (28 март најава) „И така театрално како излезени од цртаниот филм Еднооки кој Борис Дамовски го прави, а се емитува на Сител, Фетаи со сите пози вежбани пред огледало денеска имаше да го соопшти следното.“
- (28 март оценка новинар) “Досега 48 различни општини раководени од градоначалници на ВМРО-ДПМНЕ обезбедиле над 7 600 парцели кои ќе може да се искористат во рамки на проектот купи куќа за млади.Ова беше иницијатива која Груевски ја покрена при работниот состанок со градоначалиниците од редовите на неговата партија и која, според информациите од теренските посети, наидува на голем интерес кај граѓаните.”
- (29 март прашање интервју Тодоров) “Она што ме интересира, еве денеска промовиравте нова опрема институтот за патофизиологија. Колку е инвестирано во македонското здравство и дали вакво доопремување модернизнизирање на клиниките ќе продолжи според вашиот партиски план и во иднина.”
- (31 март генерална најава) Инвестицискиот бум продолжува. За три месеци 16 нови компании за над 6200 работни места"

- (31 март генерална најава) "Растот на индустријата одличен вовед во 2016. Економијата годинава ќе расте според проекциите."
- (1 април најава коментар) "Зошто толку се инсистира да падне власта на ВМРО ДПМНЕ па дури и на сила. Растат пензии, растат плати, паѓа невработеност, субвенции за земјоделци, бесплатно образование, речиси бесплатно здравство…"
- (1 април оценка новинар) "Младите до 35 години имаат неповторлива шанса да дојдат до сопствен дом. Ова синоќа пред кавадарчани го изјави министерот за финансии Зоран Ставревски на презенатацијата на проектот Купи куќа за млади."

**Четврта недела (2 – 8 април 2016)**

Сител во набљудуваниот период објави 104 прилози за политичките актери и случувања. Најголем број од прилозите беа за: изборите (28 прилози), владините проекти и инвестиции (21 прилози), за активностите на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски (13 прилози), за активностите на опозицијата (12 прилози), прилози за делувањето на СЈО (4), за оставките и именувањето нови министри од ДУИ (3 прилози), за укинувањето на решенијата на министрите од СДСМ (2 прилози), два прилози беа и за отчетот на владејачката партија ВМРО ДПМНЕ од пред 3 недели, еден прилог за мигрантската криза и други теми. Во 46 прилози има отворен фаворизирачки, апологетски однос кон власта и владејачката партија, додека во 19 прилози доминира негативен став кон опозицијата. Во анализираниот период како субјекти на демонизрање се лидерот на опозицијата Заев, министрите во Владата од СДСМ Спасовски и Ременски и (иако во помал обем) СЈО и обвинителката Јанева.

Коментари и оценки во вестите: Во вестите на телевизијата во мониторираниот период доминираат прилозите со позитивна и фаворизирачка содржина за власта и за ВМРО-ДПМНЕ во споредба со тие со негативен и демонизирачки однос кон СДСМ (2 април „16 000 студенти за три месеци ја искористиле мерката за бесплатен превоз",2 април "Министерството за здравство ќе додели уште 17 лиценци за рурални аптеки кои ќе опфатат 186 000 жители во руралните средини"). Во 13 прилози е вклучена коментаторска содржина, кои се доминантно демонизирачки во однос на опозицијата. Во неколку изданија на вестите посебно со напаѓачки тон се најавите на прилозите (7 април најава/коментар „До какво ниво на манипулации и измами ја доведоа Македонија од СДСМ и соросоидите говори и кампањата за американски претседател", 7 април најава/коментар "Како да му објасни некој на Зоран Заев, шефот на СДСМ дека избори не организира влада избори организира Државна изборна комисија. Претседател на Државна изборна комисија е кадар на СДСМ , владата нема никаква врска со изборниот процес освен обезбедување полициско на местата на кои има тепачки и инциденти"). Фокусот во прилозите со демонизирачкиот однос е ставен на лидерот на СДСМ Зоран Заев, на министрите Спасовски и Ременски и на Специјалната јавна обвинителка Катица Јанева (6 април „Нетпрес: Ременски го кочи доделувањето на социјални станови за 76 семејства", 8 април „Владата става крај на хаосот во МВР и Труд и социјала : поништени решенијата на Спасовски и Ременски", 7 април „100 незаконски решенија за распоредување на само неколку часа пред распуштањето на Собранието потпишал техничкиот министер за внатрешни работи Оливер Спасовски", 2 април „Климовски: Јанева со ваков просек немаше да може да се запише на акедемијата за судии и јавни обвинители", 5 април „Курир:СЈО-база за згрижување на партиски кадри и членови на семејството"). Продолжува и интензивното следње на активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски. Се информира за секое негово јавно појавување при што не с еправи дистинција дека тој е лидер на партија, а не владин функционер (2 април „Стандард и Пурс го потврди стабилниот кредитен рејтинг ББ со стабилна перспектива на државата", 3 април „На пуштањето во употреба на реконструираниот објект присуствуваше и претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски кој рече дека ова е исполнување на уште едно ветување", 3 април „Џонсон контролс во средата стартуваше со пробно производство", 4 април „До крајот на неделава ќе почне исплатата на субвенциите за тутунот", 6 април „1000 рудари се враќаат на работа, новите концесионери ветуваат зголемување на платите во Злетово и Тораница"). Во прилогот од 2 април „Започна преместувањето на официјалните берзански индекси на македонската, бугарската и загребската берза", новинарот се повикува на колумна на Груевски објавена во 2003 година, од како што вели „позиција на млад економист, политичар и еден од првите брокери во Македонија", укажувајќи на неговото визионерство.

Прилози за опозицијата се дел промотивни (2 април "Радмила Шекеринска синоќа партиската програма ја презентираше во Охрид", 6 април „СДСМ на трибина во Кичево", 6 април „Програмата на СДСМ презентирана во Берово") или критика на владината политика (3 април „Александар Кирацовски од СДСМ во функција на дополнителен заменик министер во министерството за информатичко опшество и администрација обвини за злоупотреби од страна на поранешниот министер", 4 април „А опозициските советници од градот скопје бараат оставка од градоначалникот Коце Трајановски за случувањата во Бутел", 5 април „Кире Наумов-СДСМ :Се зголемува трговскиот дефицит"). Продолжува практиката на објавување само на изјави од претставници на опозицијата, додека при промовирањето на политичката програма на владејачката ВМРО ДПМНЕ, тоа се опширни извештаи.

Користење извори: Најмногу од новинарските прилози се со еден извор на информација (66 прилози), додека во 13 се користени две, од кои во 10 идентични мислења. Во 10 прилози се цитираат повеќе од два извори, но во 9 од нив се истомислечки. Телевизијата објавува и прилози во кои некритички цитира информации од портали кои во најголем дел се демонизирачки (4 април „Денешен:СДСМ ги вдомува заслужните кадри на трошок на граѓаните",(5 април „Директно.хр: Контролирана нестабилност или политички леб без мотика на СДСМ", 5 април Курир:СЈО-база за згрижување на партиски кадри и членови на семејството"), а објавува и прилози во кои се повикува на неименувани „извори" во ДИК, на Телевизијата и сл.

Директни обраќања: Вкупно се објавени 16 директни обраќања на политички лидери се објавени во вестите на Сител. И тука се огледува фаворизирачкиот однос кон владејачката ВМРО_ ДПМНЕ бидејќи дури 11 од изјавите се од лидерот на оваа партија Груевски. Три од обраќањата се на лидерот на опозициската СДСМ Заев, а по едно на лидерот на ДПА Тачи и на ГРОМ Јакимовски.

Аудиовизуелна манипулација: Во 55 прилози има манипулативни елементи.

Освен најчесто застапената манипулација кога лидерот на ВМРО ДПМНЕ се појавува во промотор на владини проекти, постојат уште неколку типови на манипулација. Првиот е некритичко пренесување на информации од портали, кои се демонизирачки кон опозицијата (2 април "Под насловот промена на ВМРО ДПМНЕ за промена на името и порталот арт инфо ба ја пренесува анализата за актуелните политички случувања во земјата", 4 април „Бродиќ:Кризата во Македонија е за промена на името", 4 април „Денешен:СДСМ ги вдомува заслужните кадри на трошок на граѓаните", 5 април „Директно.хр: Контролирана нестабилност или политички леб без мотика на СДСМ", 5 април „Курир:СЈО-база за згрижување на партиски кадри и членови на семејството"). Друг тип на манипулација е повикување на извори кои се нарекуваат или „свои" или се „анонимни" (3 април „Извори од ДИК:СДСМ го кочи пречистувањето на избирачкиот список",5 април „Извори од ДИК за Сител: Избирачкиот список ќе биде пречистен навреме", 6 април „Одложено првото рочиште за поткупот кој му бил нуден на вработен во МВР да сведочи за СЈО"), чии информации се пренесуваат како факти. Во две интеврју емитувани изминатата недела (2 април со Кахвеџи, и 3 април со Новаковски), се тенденциозни и го наведуваат соговорникот на одреден одговор: „Рековте дека турските компании се задоволни од даночниот пакет што се нуди во земјава но дали сте задоволни од поддршката која ја добиваат од владините институции во однос на премостувањето на некои административни бариери што им се појавуваат во текот на работењето. Дали турските компании се задоволни?", „Вие сте член на СДСМ нели мислите дека намерно СДСМ како стратегија го применува ова сценарио на постојано барање проблеми за да се одложат изборите за всушност воопшто да не се одржат изборите, за да си останат власт без избори?". Во дел од прилозите се емитувани и селективни изјави (6 април „Собранието се распушта - расправа од ДИК", при што се објавуваат изјави од партиски претставници но не и клучната од претседателот Чичаковски дека ако има и еден спорен гласач тој нема да го потпише списокот), анкета од граѓани (7 април) каде сите се жесток напад врз СДСМ, или се објавуваат ставови на експерти (7 април Експерти: Одлуката на СДСМ е погрешна и катастрофално ќе се одрази и за нив и за цела држава), во случајот Владимир Божиновски чии ставови во јавноста се доживаат како провладини. И веќе познатиот тип на манипулација на користење на стари изјави кои се врамуваат во креиран концепт (7 април „Заживуваат запуштените капацитети во Македонија", изјави на Груевски од 12 јануари и од 20 март од интервју за Сител).

Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:

- (2 април оценка на новинар) Од 2007 до сега со државните мерки за вработување од оперативниот план отворени се 34 илјади работни места. Тие помогнаа стапката на невработеност во четвртиот квартал лани да падне на 24,6 отсто најниско од кога статистика ги врши мерењата.
- (2 април анализа/ коментар) Уверението на Јанева е одраз на капацитетите што ги поседува, смета професорот Александар Климовски. Според него Јанева немало да може да се запише во Академијата за судии и обвинители.
- (2 април оценка на новинар) Според артинфо. ба најголем дел од Македонците стојат позади ВМРО ДПМНЕ затоа што партијата се бори за да го зачува името на земјата
- (4 април оценка на новинар) Невиден семеен апсурд во редовите на СДСМ. Љубица Јанчева викендов порача дека на скопски Аеродром му требале промени но само на фер и демократски избори
- (5 април оценка на новинар) Истите извори велат дека проблеми се јавуваат само во СВР Струмица и Куманово, каде луѓето на Оливер Спасовски и Заев вложуваат максимални напори за опструкција на процесот
- (5 април оценка на новинар) СДСМ ги користи медиумите во регионот, па и интересите на соседните земји, како и дел од странските амбасадори со цел пролонгирање на изборите кои самите ги предизвикаа, анализира новинарот Иван Бродиќ за Директно.хр
- (6 април оценка на новинар во живо) Она што можеше денеска да се забележи во медиумите кои се под контрола на СДСМ и Сорос дека опозицијата бара разни начини за да се одложат изборите според некои информации една од клучните причини за тоа е последната анкета која пристигнала на Бихаќка
- (7 април генерална најава) Ова е почеток на крајот на една кризна и неодржлива состојба во Македонија која ја отвори СДСМ а се темели на непочитување и уривање на институциите, корупција скривана зад партиски функции, ставање на државата во функција на протекторат на странски амбасади , насилство по улици уривање на приватност и рекет со туѓи телефонски разговори, загрозување на пензиите, инвестициите и платите. Ова е почеток на крајот на сето тоа и ова е ден на олеснување на Македонците
- (7 април најава/ коментар)"Епа на денот на избори нема дипломати, нема соросоиди , нема лажни невладини организации, нема спинови преку интернет , нема ништо. Излегува граѓанинот и кажува што сака. Затоа да го чуеме граѓанинот
- (7 април најава/коментар) "Како социјалдемократите ја сфаќаат политиката и како им е исто партија држава
- (8 април генерална најава) "Анкета: Два и пол пати повисок рејтинг на ВМРО ДПМНЕ пред СДСМ , пет и пол пати повисока довербата во Груевски споредено со Заев. Граѓаните мислат дека кризата има за цел промена на уставното име"

## 4. ТЕЛМА

### Прва недела (12 – 18 март 2016)

Во текот на известувачкиот период Телма објави 68 прилози што се однесуваат на политичките субјекти и состојби. Фокусот беше ставен на случувањата околу одлуката на Уставниот суд (21 прилог), изборите (14 прилози), мигрантската криза (9 прилози), работата на СЈО (4 прилози), како и настаните со поставувањето и отстранувањето на бројчаникот на јавниот долг во МАНУ (2 прилози) и известувања од работата на СОбранието (2 прилози) и др. теми. Во најголем дел во известувањето за овие теми телевизијата имаше неутрален однос кон политичките субјекти, а критички тон е забележан кај темата за случувањата околу Уставниот суд.

Коментари и оценки во вестите: Иако кај оваа телевизија многу ретко има прилози со коментаорски тон, во анализираиот период има две анализи во кои медиумот изразува свој став (15 март „Зошто

ГРОМ организира контрапротести?“) каде со критички тон се осврнува на контра протестите и притоа ги соочува изјавите на обвинителката од СЈО Фатиме Фетаи и онаа на лидерот на ГРОМ Јакимовски.

Во прилогот од 17 март „Што промовираше претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски пред три дена, стара или нова лабораторија“, новинарот изразува свој критички став за една од активностите на Груевски.

Телевизијата објави и два редакциски коментари, едниот како реакција на нападот врз новинарската екипа од страна на општински функционери во општината Аеродром при извршување на новинарската работа (17 март: „Не е прв пат ТВ Телма да биде нападната, додека ги врши професионалните задачи. Во иднина ќе бара правна заштита за да може непречено да ги извршува професионалните обврски“) и вториот како став на телевизијата во врска со изборите (15 март: „ТВ Телма е убедена дека за да има фер и чесни избори, пораката која сите треба да ја упатат е дека најригорозно ќе се казнуваат изборните манипулации, а не дека некој што ќе фалсификува избори да може да биде помилуван од претседателот на државата“).

Изразен критички тон во известувањето кај оваа телевизија е забележан и во прилогот од 18 март, каде новинарот го изразува својот став кон работата на ДИК: „ДИК заседава зад затворени врати, иако тоа спротивно на Деловодникот. Новинарите сè уште се надвор. Ќе нè повикаат откако ќе ги надминат сите свои несогласувања, за да покажат дека ете, ДИК е компактна и сите имаат заеднички интерес“. Телевизијата продолжува за дневно- актуелните настани да информира преку анализи (6 во овој период), во кои ги соочува ставовите на експерти на различни теми (12 март „Фантомски гласачи и во битолско Оптичари“, 12 март „Политичката криза нанесе голем удар врз економијата“, 16 март „Одлуката на Уставен да заседава без медиуми е скандалозен, сметаат експертите“, 17 март „ЕУ бара реформи од Македонија“, 18 март „Ниските даноци го зголемуваат долгот“).

Директни обраќања: Во анализираниот период се објавени вкупно 11 директни обраќања на лидери на политички субјекти. Лидерот на СДСМ Зоран Заев беше најзастапен (4 обраќања), а по него беа лидерите на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски и на ГРОМ Јакимовски со по три обраќања, и едно на лидерот на ФРОДЕМ Кекеновски.

Аудиовизуелна презентација: Нема манипулативни елементи.

**Втора недела (19 – 25 март 2016)**

Телма во периодот од 19 до 25 март објави вкупно 62 прилози за настани на политички теми. Најмногу прилози беа за прочистувањето на Избирачкиот список (16 прилози), за работата на СЈО (11 прилози), за мигрантската криза (5 прилози), за штрајкот на судската администрација (4 прилози), за случувањата околу Уставниот суд (3 прилози) и за отчетот на владејачката ВМРО ДПМНЕ (2 прилози), за активностите на опозицијата 1 прилог, и на други теми. Во два (2) од емитуваните прилози е забележан негативен став на новинарот кон субјект што е тема на известувањето.

Коментари и оценки во вестите: Известувањето на Телма генерално е избалансирано, со благ критички тон, без нагласено пропагирање или демонизирање на некој политички субјект. Во овој период во два од прилозите (21 март „ВМРО-ДПМНЕ даде отчет за 10 годишното владеење“, 22 март „Ковеси, Јанева и Зврлевски на иста маса“) освен критичкиот тон, има и експлицитен новинарски став: „ Како што се приближуваше крајот, Јане Сандански веќе беше празен освен првите редови, министрите додека чекаа на масата не слушаа внимателно. Отчетот беше полн со споредби - дека во сите области ВМРО-ДПМНЕ за една деценија направило многу повеќе од претходниците“, „Неговото излагање на крајот помина со гласно смеење од присутните“)

Останатите прилози се известувачки, а кон темите се пристапува со аргументирана критика преку соочување спротивставени експертски мислења во анализите (3 прилози) на актуелни теми.

Користење извори: Во новинарските прилози на Телма доминираат најмалку три, но и повеќе ставови (26 прилози), од кои повеќето (16) се спротивставени мислења за одредена проблематика. Во 21 прилог информацијата доаѓа од еден извор, додека во 11 случаи тоа се двајца соговорници – во 7 прилози се со спротивни мислења, а во 4 се на исто стојалиште. Еден од прилозите нема експлицитно цитиран извор на информација.

Директни обраќања: Во вестите се емитувани 7 директни обраќања, по едно од Груевски, Заев, Јакимовски, Трајанов, Кекеновски, Поповска и Тачи.

Во ниту еден прилог нема манипулатививна ниту аудио, ниту видео презентација.

**Трета недела (26 март – 1 април 2016)**

Телма во овој период објави вкупно 60 прилози за настани на политички теми. Најголем фокус ова телевизија во вестите стави на: работата на СЈО (16 прилози), на случувањата околу изборите (8 прилози), оставките на министрите од ДУИ (3 прилози), измените во Кривичнио законик предложени од владејачката коалиција (4 прилози), за мигрантската криза (2 прилози), за Годишниот извештај на Народниот правобранител (2 прилози) и по еден прилог за предлог - законот за медиуми и за активностите на опозицијата и други теми.

Коментари и оценки во вестите: Новинарите и водителите на централните вести на Телма генерално не даваат свои оценки и коментари во прилозите и во најавите. Во известувачкиот период, коментарски однос има во еден прилог (27 март „Дали судењето за процесот Диво насеље ќе се врати од почеток?"), кој воедно е и без цитирани извори, и во една најава (31 март „Скопскиот Кривичен суд еден ден не го прифаќа СЈО како надлежно за нелегалното прислушување и не му дава право да претресува стан на осомничен. А веќе наредниот ден му ја признава надлежноста и прифаќа истиот осомничен да го прати во притвор по барање на СЈО").

Освен известувачкиот пристап во дневните настани, Телма за разлика од повеќето други телевизии на актуелните настани пристапува и проблемски, соочувајќи експертски ставови во анализите (5) (26 март „Засилени полициски контроли во Липковскиот регион", 29 март „Гласачи регистрирани и на бензинска пумпа", 30 март „Законот за свиркачи обврска и за приватните фирми", 1 април „Можни опции по повлекувањето на ДУИ"), и повеќе од која било друга телевизија посветува внимание на работата на Собранието ( Закон за свиркачи, Закон за помилување, Комисија за надзор над работата на УБК...)

Користење извори: Најголем број прилози (18) се со еден извор. Во 14 прилози се користат три (или повеќе од три) извори, од кои во 10 се со спротивставени гледишта, додека во 4 прилози има повеќе, но единствени ставови. Има и прилози каде се користат 2 или повеќе извори (16 прилози), каде во 10, тие се спротивставени.

Директни обраќања: Телевизијата објави вкупно 4 обраќања и тоа само од двајца политички лидери – на ВМРО ДПМНЕ Груевски со три, и на ДС Павле Трајанов со една изјава.

Аудиовизуелна презентација: Во известувачкиот период нема ниту еден прилог со манипулативни елементи.

**Четврта недела (2 – 8 април 2016)**

Телма во овој период објави вкупно 56 прилози за настани на политички теми. Најголем фокус ова телевизија во вестите стави на: изборите (20 прилози), за работата на СЈО (5 прилози), за оставките и именувањето на новите министри од ДУИ (5 прилози), за случајот со лидерот на Обединети за Македонија Љубе Бошкоски (3 прилози), за улогата на Макеоднија во Документите од Панама (3 прилози), за имотната состојба на Груевски (3 прилози), за мигрантската криза (2 прилози), за

преговорите за медиумите (1 прилог) и други теми.Известувањето е со благ критички тон, и нема ниту еден прилог во кој се изразува оценка на фаворизирање или демонизирање.

Коментари и оценки во вестите: Новинарите и водителите на централните вести на Телма се воздржуваат од давање свои оценки и коментари и во прилозите и во најавите. Освен известувачкиот пристап, дневно – актуелните теми Телма ги покрива и преку аналитички прилози (11) во кои соочува два или повеќе става. Дел од анализите не се поврзани со дневните настани, туку се од јавен интерес („Тешко се доаѓа до информациите од јавен карактер",Како да се намали невработеноста", „Афера Актор" и др.).

.Користење извори: Најмногу прилози (23) содржат по два извори, при што од нив најмногу 15 се со исти ставови. Во 21 прилог се цитираат три соговорници или институции, при што во 12 нивните гледишта се поклопуваат, а во 9 се разидуваат. Во 16 прилози информацијата доаѓа од еден извор. Во ниу еден прилог нема некритичко пренесување на информации.

Директни обраќања: Телевизијата објави вкупно 14 обраќања од политички лидери. Најмногу изјави во вестите се на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски – 6, по две лидерите на ДОМ и на ДПА, Поповска и Тачи и по една изјава е емитувана од лидерите на Достоинство Ангелов, на ДС Трајанов, на ДПА ДР Села, и на СДСМ Заев.

Аудиовизуелна презентација: Во известувачкиот период нема ниту еден прилог со манипулативни елементи.

## 5. ТВ21 (на македонски јазик)

**Прва недела (12 – 18 март 2016)**

Во анализираниот период ТВ 21 во вестите на македонски јазик објави вкупно 85 прилози кои се однесуваат на политичките субјекти и тековните настани и случувања. Најголем дел од нив беа за: случувањата поврзнаи со Уставниот су (19 прилози), тековните случувања околу изборите (18 прилози), мигрантската криза (14 прилози), работата на СЈО (5 прилози), проекти на Владата (2 прилози) и еден прилог кој информира за активност на опозицијата надвор од активностите на нејзините владини функционери. Во три прилози („Учебниците по историја шират омраза" од 13 март, „Двојазичност во Советот на Скопје" од 15 март и „Дебата з аизмена на Уставот во корист на Албанците" од 16 март) се третираат теми кои се однесуваат на права на една етничка група. Во прилозите ставот на е или известувачки или критички кон актуелните процеси, главно преку експертски ставови, презентирани во секојдневните анализи.

Коментари и оценки во вестите: Во анализираниот период телевизијата во прилозите не изразува фаворизирачки или напаѓачки однос кон ниту еден политички субјект и не користи коментаторски елементи во информативните програми.

Објавени се 14 анализи на актуелни теми од двата протести пред Уставниот суд, каде со неутрален и критички тон се анализираат ставоите на оние кои протестираат против или за поддршка на одлуката на Судот (16 март: „Јакимовски ги штити институциите Зошто не го штитеше и МВР?", 17 март: „Беџети: „Бомбите" на продажба Митасин Беќири: Одлуката на Уставниот суд е скандалозна", 17 март: „Одлуката на Уставен - преседан Аналитичари: Македонија во најсериозна политичка криза", 17 март: „Дипломатите со критики Помилување-одлука која ги загрижува 17 март: „Проширувањето не е во прв план на ЕУ Македонија заостанува со исполнувањето на препораките", 18 март: „Експерти: Ќе има негативни последици Помилувањето го зголемува ризикот од педофилија", 18 март: „Дебата во „Клик Плус" Помилувањето како уставна (не)правда"), потоа с етретира одговорот на македонските и европските власти на бегалската криза (12 март: „Реакции за интервјуто на Иванов Брисел: Македонија доби 50 милиони евра", 12 март: „Дебата во „Клик Плус" Мигрантите жртви на

геополитичкиот пазар“), но и за други теми иницирани од меѓународни настани (14 март: „Безбедносни експерти по нападот во Турција Марковски: Македонија не е безбедна“). Прилозите кои се однесуваат на активности на Владата се со неутрален, критички тон (14 март: „Решен статус Вработени 112 поранешни војници - Што со останатите?“), додека информациите за активностите на опозицијата се пренсуваат информативно.

Користење извори: Во 35 прилози се користи по еден извор, во 20 по два извори, при што во 12 тие се меѓусебно усогласени, а во 20 прилози има по три или повеќе мислења, од кои повеќето (13 прилози) се со спротивставени гледишта. Во два прилози не се наведува извор на информацијата, но содржината не е манипулативна.

Директни обраќања: ТВ 21 на макеоднски јазик во вестите во овој период објави вкупно 10 директни обраќања на лидерите на политичките партии, кои беа во фокусот на актуелните случувања. По две имаа лидерите на ВМРО ДПМНЕ Груевски и на ГРОМ Јакимовски, додека по едно лидерите на СДСМ Заев, на ДОМ Поповска, на ФРОДЕМ Кекеновски, на НДП, на ДРДПА Села, и на ДПА Тачи.

Аудиовизуелна презентација: Не се забележани примери на манипулативна аудиовизуелна презентација.

**Втора недела (19 – 25 март 2016)**

ТВ 21 во вестите на македонски јазик во анализираниот перидо од 19 до 25 март објави 81 прилог за актуелни политички настани. Најголем број прилози се објавени за: прочистувањето на избирачкиот список и активностите на институциите и политичките субјекти поврзани со предвремените избори (13 прилози), за работата на СЈО (13 прилози), за активностите на опозицијата (7 прилози), за ставовите и реакциите во врска со мигрантската криза (5 прилози), за штрајкот на судската администрација (5 прилози), за реформите во медиумите (4 прилози) и на други политички теми и граѓански теми од јавен интерес. Во ниту еден од објавените прилози во овој период нема изразен новинарски став кон ниту еден политички субјект.

Коментари и оценки во вестите: Пристапот во известувањето кај оваа телевизија е доминантно информативен, а секојдневно во вестите се објавуваат анализи каде се изразува аргументирана критика кон некој актуелен проблем или прашање, преку соочување на ставови на политички актери или на експерти. Во 11-те анализи објавени во овој период телевизијата проблемски ги поставува и актуелните политички теми (19 март „Што со спорните записи во избирачкиот список?“, 23 март „Нови избори, стари ветувања Партиите со „copy paste“ платформи“, 24 март „Бомбите“ ја нарушуваат приватноста?! Препораките на Венецијанската комисија да се земат предвид“, 25 март „Алтернативни патишта за мигрантите: Во Ваксинце откриен илегален бегалски камп“, 25 март „Дали влегувањето на СЈО во Централен регистар е „каубојско“ или не?“), како и граѓански теми и теми од интерес на некој од етничките заедници (22 март „Град Скопје одлучи Новите згради во Капиштец во барок“, 23 март „Од 17 април, од Македонија во Косово само со лични карти“, 24 март „Македонските партии против интеграцијата во ЕУ“, 25 март „ Проблеми во меѓуетничкото интегрирано образование“). За отчетот на владејачката партија ВМРО- ДПМНЕ во вестите на оваа телевизија беше известувано само преку анализа на 21 март (ден потоа) „Отчет на ВМРО-ДПМНЕ За едни перфектен, за други прикривање на злосторот“, каде беа спротивставени ставовите на двајца соговорници, експертот Ристо Никовски познат по своите провладини ставови, и поранешниот министер за образование од редовите на ВМРО ДПМНЕ Ненад Новковски.

Користење извори: Во 41 прилог (малку повеќе од половина од вкупниот број) информацијата се темели на само еден извор, било да е институција или претставник на политички субјект. Во 15 прилози се консултирани три или повеќе извори, од кои во 8 тие се со ставови кои се судираат. Во 11 прилози има два извори, од кои во 7 се соговорници со спротивставени гледишта. Во 5 прилози новинарот/презентерот не цитира извор на информацијата, притоа тоа се вести кои се информативни и не содржат став на новинарот или на медиумот.

Директни обраќања: Во анализираниот период, мал е бројот на дирекни обраќања на политички лидер во вестите на оваа телевизија. Од вкупно 4 изјави, две с ена лидерот на ДПА; Мендух Тачи и по едно на лидерот на ГРОМ Стевчо Јакимовски и на ДС Павле Трајанов.

Аудиовизуелна презентација: Во анализираниот период нема забележана манипулативна презентација на новинарските содржини.

**Трета недела (26 март – 1 април 2016)**

Во анализираниот период во вестите на ТВ21 на македонски јазик објавени се вкупно 85 прилози за актуелни политички настани и субјекти. Најмногу од нив беа за активностите на Специјалното јавно обвинителство и случаите Тортура и Тврдина (14 прилози), за случувањата околу предвремените избори (13 прилози), за мигрантската криза (9 прилози), за предложените измени на Законот за кривична постапка (5 прилози), за проектите на Владата (4 прилози), за оставките на министрите од ДУИ (3 прилози), за предлог- законот за медиумите (3 прилози), за опозицијата (3 прилози), за поставувањето споменици на албански дејци во Центар (2 прилози) и други теми. Во 4 прилози е забележан благ фаворизирачки тон во известувањето и сите се однесуваат на промовирање на владини политики.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата неделава покриваше многу различни теми, главно актуелни настани, генерално избалансирано без нагласен новинарски став, ниту во прилозите, ниту во најавите. Сепак, 4 од емитуваните прилози (26 март „Министерството за здравство со нов оглас: Потребни 20 матични лекари за рурални амбуланти“, 26 март „Глобален образовен Самит во Истанбул Адеми: Осовременување на образованието во сите сфери“, 26 март „Државен натпревар по информатика 102 натпреварувачи од цела Македонија“, 31 март „128.347 нови вработувања во јавен сектор Објавени податоци од Регистарот на вработените“), промовираат владина политика и содржат фаворизикрачки тон кон владејачките ВМРО- ДПМНЕ и ДУИ.

Телевизијата емитуваше и прилози (4) кои беа еден вид политички маркетинг за опозицијата (26 март „СДСМ со ветувања Ќе го укинеме екстерното во првите 100 дена“), како и критика на некој владин потег или политика (28 март „Жерновски: Политичка игра на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ Намерно е одложено поставувањето на албанските споменици“, 29 март „Ново задолжување од 25,3 милиони евра Наумов: Буџетот пред финансиски колапс“, 31 март „Кирацовски обвинува Избран поскап понудувач за проектот „Компјутер за секое дете“).

На актуелните настани освен преку пренесување на дневните случувања, телевизијата им пристапува и преку анализи со експертски мислења (10 прилози), 26 март „Состојбата во Лојане и Ваксинце мирна Жителите не веруваат дека акцијата е за мигрантите“, 26 март „Лице - фантом 50 годиноркматичариини без државјанство во Македонија“, 26 март „Какви реформи им требаат на медиумите?“ 29 март „Кривичен Законик Зошто измени токму сега?“, 31 март „Фетаи и Ристоска: Ќе успееме Има ли поддршка Специјалното Јавно Обвинителство?“), кои често обработуваат и подолгорочни проблеми: 26 март „Два месеца недоволни за пет светла Општина Тетово го обвинува Законот, а жителите општината“, 27 март „Неасфалтирани улици во Куманово Дамјановски ја фали градската инфраструктура“, 31 март “Игралишта за деца во Чаир Жителите бараат повеќе паркови“).
Оставките на министрите од ДУИ, телевизијата ја проследи преку неутрално информирање за настанот, додека во дебатата од 1 април, аналитичари со спротивставени ставови анализираа: „Зошто ДУИ излезе од Владата? Петти јуни се бетонира како датум за избори“.

Користење извори: Во 37 прилози користен е само еден извор. Во 18 прилози се користат ставовите на два извори, и тоа подеднакво, во 9 има двајца соговорници со исти гледишта, и во исто толку има два спротивставени извори. Во 15 прилози има три или повеќе извори, но во 14 тие се со спротивставени гледишта. Во 6 прилози нема децидно посочување на извор на информација.

Директни обраќања: Во вестите на македонски јазик на оваа телевизија, во анализираниот период се објавени вкупно 5 обраќања. Три обраќања се на лидерот на ВМРО- ДПМНЕ Груевски, додека по една изјава имаат Павле Трајанов и Стојанче Ангелов.

Аудиовизуелна презентација: Во сите прилози, и промотивни и критички, видео презентацијата ја следи информацијата и нема манипулативни елементи. Исклучок е прилогот од 26 март „Државен натпревар по информатика 102 натпреварувачи од цела Македонија“, видео содржината е фокусирана на двајца државни функионериод ВМРО-ДПМНЕ, министерката за информатичко општество и администрација Марта Арсовска Томовска и Марјан Спасовски од Агенцијата за млади и спорт, иако информацијата е за државен натпревар, на кој на овој начин му се дава политичка конотација.

**Четврта недела (2 – 8 април 2016)**

ТВ 21 во вестите на македонски јазик во периодот од 2 до 8 април објави вкупно 87 прилози за политичките настани. Најголем број прилози се објавени за: изборите (26 прилози), за оставките на старите и за именувањето на новите министри од ДУИ (10 прилози), за мигрантската криза (5 прилози), за проекти на Владата (3 прилози), за работата на СЈО (3 прилози), за медиумите (3 прилози), за активностите на опозицијата (2 прилози), како и за случајот со анкетниот лист на лидерот н ВМРО ДПМНЕ Груевски (2 прилози) и други теми. Во 3 прилози е забележан фаворизирачки став и тоа за проектите на власта, но и исто толку прилози во кои се критикуваат некои владини политики.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата неделава покриваше многу различни теми, главно актуелни настани, генерално избалансирано без нагласен новинарски став, ниту во прилозите, ниту во најавите. Во три прилози со благ фаворизирачки тон се известуваше за промовирање на владин проект (инвестиција) или политика (6 април „Новиот министер Кучи потпиша договор Над илјада рудари ќе се вратат на работа во Злетово и Тораница“, 8 април „Извештај на Светска банка Македонија со најбрз раст на економијата“). Но исто така, во повеќе прилози (4) критички се опсервира токму работата на Владата (3 април „Вработувањето според Охридскиот рамковен договор ги преполни институциите“, 5 април „ОЛАФ отвори истрага во Македонија Каде се трошеле парите од ИПА-фондовите?“).Во седумденвниот анализиран период телевизијата објави 12 анализи на сите актуелни теми (2 април „Дебата во „Клик Плус“ Повлекувањето на ДУИ-правилна или погрешна одлука?“, 3 април „Клучна недела за разврска Аналитичари: Датумите се апсурдни“, 4 април “Вонпарламентарни партии ДУИ го прикрива срамот на функционерите“, 4 април „На избори без реформи во медиумите ЗНМ: Медиумите како во времето на Милошевиќ“, 8 април „Македонија во политички вакум Нова лидерска или експертска Влада?!“), во кои се соочуваат најчесто спротивставени експертски, или ставови на претставници на политичките субјекти. Телевизијата продолжува со објавување и на репортажни прилози кои се однесуваат на локални проблеми на граѓаните (3 април „Бели дробови од памук ќе им покажуваат на надлежните во Карпош 4 што дишат“, 3 април „Необичен тендер на Општина Тетово Критериум: 32 години работно искуство за адвокат“, 8 април „Скопска Топаана: Живеат од социјална помош и во нехигиенски услови“). Оваа недела во вестите беа објавени и два прилози за активностите на опозицијата, од кои и двата беа изјави на претставници на СДСМ за злоупотреби од страна на власта.

Користење извори: Во 25 прилози користен е само еден извор. Во 21 прилог се спротивставуваат ставовите на три или повеќе соговорници, при што во 11 тие се со исти гледишта. Во 16 прилози има два става, и тоа подеднакво во 8 случаи тие се спротивставени, и во исто толку тие се истомислечки. Во 6 прилози изворот директно не се споменува, но според содржината тоа се соопштенија од меѓународни и домашни институции и не содрѓат манипулативни информации.

Директни обраќања: Во вестите на македонски јазик на оваа телевизија, во анализираниот период се објавени вкупно 11 обраќања. Три обраќања се на лидерот на ВМРО- ДПМНЕ Груевски, додека по една изјава имаат Стојанче Ангелов, Гзин Острени, Лилјана Поповска, Зијадин Села, Зоран Заев, Амди Бајрам, Јове Кекеновски и Самка Ибраимовски.

Аудиовизуелна презентација: И во промотивните и во останатите прилози видео презентацијата ја следи информацијата и нема манипулативни елементи.

## 6. ТВ21 (вести на албански јазик)

**Прва недела (12 – 18 март 2016)**

Во вестите на телевизијата 21 во мониторираниот период се емитувани 86 прилози поврзани со политичките субјекти и процеси. Две теми доминираа во различни делови од неделата, прво одлуката на Уставниот суд во врска зо Законот за помилување (15 прилози), а потоа прилозите поврзани со изборите, особено со прочистувањето на избирачкиот список (исто така 15 прилози). Трети по застапеност беа прилозите за Специјалното јавно обвинителство (6 прилози), а меѓу другите теми беа и преговорите за медиумите (2 прилога).

Коментари и оценки во вестите: Прилозите со промотивна или фаворизирачка содржина на телевизијата се ретки, но и случајни, со оглед на различноста на субјектите на кои се однесуваат (3 за ДУИ, 2 за опозицијата, 3 за Владата, но и 5 критички за Владата).

(1) Телевизијата критички и сликовито известуваше за случувањата околу Уставниот суд, за самата одлука, но и за протестите и контрапротестите (14 март: „Во пресрет на одлуката на Уставен, СДСМ на протест, ВМРО-ДПМНЕ обвинува“). Атмосферата целосно се доловува (15 март: „Уставниот суд со поглед кон шатори, паралелно се одржуваат пртотести и контрапротести“). Но не изостануваат ниту пренесените критички коментари од следните денови (17 март: „Одлуката на Уставниот суд е преседан, велат експертите“; „Последната одлука на Уставниот суд е скандалозна, смета и народниот правобранител“), па дури и посилни квалификации (18 март: „Уставниот суд е погребан“).

(2) Се пренесуваат различните ставови околу сигурноста на датумот за одржување на изборите, од евроамбасадорот Аиво Орав (16 март: „ДИК направи прогрес, нема сомнежи за датумот на изборите“), но и од германската амбасадорка Кристине Алтхаузер (17 март: „Први сомнежи за 5 јуни, никој не знае дали ќе се одржат изборите“).

(3) Не изостанаа ниту темите со етнички албански фокус (13 март: „Историчарите бараат нови учебни текстови, зашто постојните предизвикуваат омраза, концептот е ист како тој што го имале Србите кон Албанците, дека Албанците не се автохтон народ“).

Користење на изворите: Доминираат прилозите со по два или повеќе извори со различни или спротивставени ставови (35 прилози, пред тие со по еден извор (27 прилози) и тие со по два или повеќе извори, но со единствена позиција (17 прилози).

Директни обраќања: Емитувани се мал број директни обраќања, две од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски и едноод претседателот на СДСМ Зоран Заев.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

**Втора недела (19 – 25 март 2016)**

Во вестите на ТВ21 на албански јазик од 19 до 25 март има 81 анализирани прилози кои се однесуваат на политички субјекти или настани. За прочистувањето на Избирачкиот список и настаните околу изборите објавени се 14 прилози, за СЈО 12 прилози, за мигрантската криза 9 прилози, за реформите во медиумите 4 прилози, за прислушуваните разговори што ги објави опозицијата 3 прилози. Телевизијата објави и 8 прилози каде субјект е владејачката ДУИ, од кои 4 се фаворизирачки, а 4 критички. Во 9 прилози субјект е Владата и владејачката ВМРО- ДПМНЕ, од кои 2 се фаворизирачки, а 7 се со благ критички тон.

Коментари и оценки во вестите: Предвремените избори остануваат главна тема и оваа недела,при што телевизијата неутрално критички ги проследува настаните поврзани со нив. Изјавата на спшецијалната обвинителка Јанева дека “претседателот, судиите во Уставниот суд и пратениците се нелегитимни“(22 март) ја одбележа работата на СЈО оваа недела, при што телевизијата ги пренес

и реакциите : "Тврдењата на Јанева се неосновани и тенденциозни, велат од кабинетот на Иванов", " Сепак остануваат сомнежите за резултатите од изборите" (23 март). Во сенка на ова остана известувањето за акцијата на "СЈО во Централниот регистар"(23 март) и партиските препукувања за извештајот на СЈО. Телевизијата ја пренесе и изјавата на Заев во врска со препораката на Венецијанската комисија за објавување на бомбите (22 март), а објави и дебата на оваа тема "Препораката на Венецијанската комисија ја подржуваат и експертите во дебата на ИКС"(23 март), како и поддршката на ДУИ(25 март).

На теми кои се од интерес на албанската етничка заедница се прилозите "Жалба на Села до Уставниот суд за крстот во Бутел" (19 март), дека "Во Аеродром моментално се градат три нови цркви, две од нив се во Лисиче", и најавата во која презентерот изразува став: "Лисиче - Ерусалим на Скопје?! Колку цркви има потреба да се изградаат во Аеродром"(20 март).

<u>Користење на изворите:</u> Има 27 прилози со еден извор и 13 со два и повеќе извори, но со единствена позиција на изворите.

<u>Директни обраќања:</u> Има вкупно 4 директни обраќања, две се на лидерот на ДПА Тачи и по едно од Павле Трајанов и Стевчо Јакимовски.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

**<u>Трета недела (26 март – 1 април 2016)</u>**

Телевизијата во периодот од 26 март до 1 април емитуваше 76 прилози во веска со политички субјекти, процеси и состојби. Најзастапена тема е Специјалното јавно обвинителство (16 прилози), потоа подготовките за предвремени избори (8 прилози), медиумите (6 прилози), излегувањето на ДУИ од Владата (4 прилози) и 15 прилози за теми од посебен интерес на Албанците.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата емитуваше два позитивни прилози за партијата ДУИ и три за Владата, но и критички за тие два субјекта. Забележани се и три промотивни прилози за опозицијата. Телевизијата неутрално известува за главните настани од политичката криза (1 април: „ДУИ излегува од Владата поради прислушувањето; „Груевски вели одлуката е внатрепартиска, а опозицијата обвинува"). Работата на СЈО се следи во целост (28 март: „Мијалков под истрага за малтретирање на Бошкоски"). Односот е главно неутрален, или минимално позитивен (31 март: „Работата на СЈО почнуваа да дава плодови. Основниот суд одреди мерка притвор за шеф на ДБК"). Неутралните позиции се задржуваат и во врска со темата за предвремените парламентарни избори (27 март: „Квалитетот на изборите е по важен од датумот, вели германската амбасадорка"; 28 март „ДИК почна контрола на 100.436 оспорени податоци"; 17 иљади сомнителни гласачи во Чаир"; 1 април: „Заради заштита на податоци, ДИК одлучи да го повлече од интернет списокот на гласачи".

Во прилозите за темите од посебен интерес за Албанците се издвојуваат тие во врска со полициската акција во липковско (26 март: „Спасовски од Матејче повикува да не се шири паника, жителите не веруваат дека полицијата е дојдена за мигрантите"). Се пренесува и ставот на Цезаир Шаќири (28 март: „Не се враќам од Танушевци во Скопје без да се смени власта". Но забележани се и теми што не беа застапени во другите медиуми (31 март: „Во Бујановац фатен па ослободен Беќир Асани, кој интервенирал за него?").

<u>Користење на изворите:</u> Емитувани се 21 прилог со еден извор, и 17 прилози со два и повеќе прилози, но со единствена позиција, како и 31 прилог во кои изворите имаат различни или спротивставени ставови.

<u>Директни обраќања:</u> Во целиот период беа емитувани само две директни обраќања од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски и едно од лидерот на ДС Павле Трајанов.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Не се користи со манипулативна аудиовизуелна презентација.

**Четврта недела (2 – 8 април 2016)**

Телевизијата во набљудуваниот период објави 77 за политичките настани и субјекти. Најмногу од нив се за: изборите (27 прилози), за работата на СЈО (5 прилози), за реформите во медиумите (3 прилози), за смените на министрите од ДУИ (11 прилози) и 3 прилози за оставките на функционерите од СДСМ. Има 4 позитивни и 6 критички прилози за владините функционери, главно од ВМРО - ДПМНЕ.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата критички известува за политичката криза. Во прилогот од 3 април "Оставки на министрите на ДУИ, ВМРО-ДПМНЕ нема да ги промени своите министри" се пренесува изјавата од Груевски дека " ќе има промени откако ќе се формира нова Влада по изборите". Во прилогот од 4 април "Кризата ја ризикува поддршката за во НАТО", се цитира изјавата на американскиот амбасадор Бејли дека „фокусот е на странците", а на 5 април се пренесуваат изјавите на двајцата најекспонирани амбасадори "Бејли и Орав велат меѓународната заедница не одлучува за датумот". Телевизијата неутрално известува и на темата избори. Во најавата на прилогот од 7 април "СДСМ денеска излезе со појасен став и апелираше на обединување против Груевски за да се врати демократијата" и потоа во прилогот што следува "СДСМ ја избра улицата , а не изборите. Груевски го повика Заев на мегдан " , со спротивставени изјавите на двајцата лидери. Во прилозите од 7 април "Опозициските партии речиси едногласно одлучија да не учествуваат на избори на 5 јуни", "Аналитичарите, ВМРО не сака слободни избори" и "Без опозицијата не може да има избори", и од 8 април "Не се гледа крајот на политичката криза", "Владата ги укина сите законски акти донесени од страна на министрите на СДСМ" , од ЕУ и САД бараат, "Македонија да се врати на евро-атлантскиот пат", со критички тон и со спротивставување на експертски ставови се анализираат последиците од актуелната ситуација. Со критички тон се пренесува и настапот на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски на Конгресот на партијата на Ромите од каде најави "голема победа на 5 јуни", додека експертите се прашуваат "Македонија е во политички вакум, лидерска средба или експертска влада?" (8 април).

Известувајќи за реформите во медиумите, Телевизијата ги пренесува ставовите на ЗНМ дека "ЗНМ: Медиумите како во времето на Милошевиќ?"(5 април), и дека "Новинарството не го заштитува јавниот интерес- Дебата на МОДЕМ" (6 април). Се пренесуав и изјавата на амбасадорот на ЕУ Орав дека "слободата на изразување е незадоволувачка", во прилог од (7 април). Телевизијата критички ги опсервира економските политики на Владата: "Платите од дома на новите вработувања во јавниот сектор"(3 април), "Колку имот има Груевски?(5 април), "Истрагата, каде се трошени парите од ИПА фондовите"(5 април).

Користење на изворите: Во 21 прилог има само еден извор, додека во 25 прилози има два и повеќе извори, но со единствена позиција на изворите.

Директни обраќања: Има вкупно 7 обраќања на политичките лидере, шри што најголем број 5 се од Груевски, едно од Заев и едно од Тачи. Има изјави и од лидерите на помалите партии.

Аудиовизуелна презентација: Телевизијата генерално не се користи со манипулативна аудиовизуелна презентација.

## 7. АЛСАТ М (вести на албански јазик)

**Прва недела (12 – 18 март 2016)**

Во анализираниот период од 12 до 18 март телевизијата Алсат во своите информативни емисии емитуваше 68 прилози поврзани со политичките актери, процеси или состојби. Најзастапена тема беше одлуката на Уставниот суд во врска со Законот за помилување (19 прилози), потоа одржувањето на предвремените парламентарни избори (11 прилози), работата на Специјалното јавно

обвинителство (4 прилози) и состојбите со медиумите (3 прилози). Беа емитувани и 16 прилози за теми од посебен интерес за Албанците. Во известувањето за овие теми телевизијата има неутрален однос кон политичките субјекти.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата не изразува фаворизирачки или напаѓачки однос кон ниту еден политички субјект, ниту употребува коментаторски елементи во вестите.

(1) Критички однос беше забележан во врска со темата за Уставниот суд, кој ги укина законските одредби со кои му се оневозможуваше на претседателот да помилува лица осудени за изборни измами, тероризам, педофилија итн. Критиките се упатуваа со сопствени констатации (16 март: „Судот гласа за помилување на фалсификаторите“), или со мислења од аналитичари (17 март: „Ако претседателот помилува, тој го руши договорот од Пржино“; „Со амнестирањето се минира работата на Специјалното јавно обвинителство“).

(2) Со посебно внимание се следат и темите поврзани со одржувањето на предвремените парламентарни избори, особено информациите за прочистување на избирачкиот список. И тука е забележан засилен критички тон. Се пренесуваат и детали (13 март: „600 лица од Пустец гласале на локалните избори во Кичево“), но и глобалната слика (17 март: „ДИК: 500.000 сомнителни гласачи во избирачкиот список“), но се посочуваат и конкретни политички субјекти (18 март: „ВМРО-ДПМНЕ манипулира со 195.000 гласачи“).

(3) Редовно и генерално непристрасно се следат и другите главни политички теми, како прашањето за медиумите (14 март: „Без реформи во медиумите нема да има фер избори и нема да се реши политичката криза“), Специјалното јавно обвинителство (15 март: „80 политичари на нишан на Јанева“), новините околу прислушуваните разговори (17 март: „Венецијанската комисија бара да се објавуваат бомбите“) итн.

(4) Прашањата од посебен интерес за Албанците исто така се доста застапени, особено односот меѓу партијата ДУИ и претседателот на државата Ѓорге Иванов. Тој формално не е признат од оваа партија, но сепак нејзини претставници учествуваа на седница на Советот за безбедност што тој ја свика, и тоа наиде на критики од медиумот (16 март: „ДУИ го менува ставот за Ѓорге Иванов“; 17 март: „ДУИ го прекина непризнавањето на претседателот“). Меѓу другите теми од овој тип и во оваа набљудувачка недела се сретнува изградбата на 55-метарски крст во општината Бутел, (14 март: „Села го даде крстот на Уставен“).

Користење на изворите: Во најголем број прилози (27) се користат по два или повеќе прилози со различни или спротивставени позиции, потоа следуваат прилозите со по еден извор (22), а најмалубројни се тие во кои има по два или повеќе извори, но со единствена позиција (12).

Директни обраќања: Најзастапени со директни обраќања беа лидерите на СДСМ Зоран Заев и на ГРОМ Стевчо Јакимовски (по три обраќања), а по нив беа првите луѓе на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, на ДУИ Али Ахмети и на ДПА Мендух Тачи (по едно обраќање).

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

**Втора недела (19 – 25 март 2016)**

Во анализираниот период од 19 до 25 март телевизијата Алсат во вестите на албански јазик емитуваше 76 прилози поврзани со политичките актери, процеси или состојби. Најзастапена тема се изборите (12 прилози), потоа работата на Специјалното јавно обвинителство (10 прилози) и состојбите со медиумите (4 прилози), препораката на Венецијанската комисија (2 прилози). Беа емитувани и 13 прилози за теми од посебен интерес за Албанците. Телевизијата објави и 9 прилози за Владата и 6 прилози каде субјект е владејачката ДУИ, кои се со критички тон.

Коментари и оценки во вестите: Во известувањето за овие теми телевизијата има неутрален однос кон политичките субјекти. За предвремените избори се пренесуваат изјавите Заев и Груевски (19

март " Заев, без прочистен список нема слободни избори", 20 март "Последните избори беа правилни"). Во генералната најава од 21 март телевизијата изразува став дека "Не е сигурен датумот на изборите", додека во продолжение се спротивставуваат ставовите на двете најголеми партии: "СДСМ, со реформи во медиумите и прочистен список ние сме готови за избори и пред 5 јуни", и "ВМРО е дека само избори ќе ја извадат земјата од криза". Во прилог од 22 март емитувана е изјавата "Тачи е скептичен за 5 јуни", според кого "кај Албанците се полнат кутии со лопата, и дека не се работи за софистицирана изборна измама".

Телевизијата изразува позитивен став кон препораката од Венецијанската Комисија за објавување на "бомбите", и јан пренесува изјавата на министерот за правда "Јашари, вели ги разгледуваме препораките од Венеција" (19март). На 24 март, објавена е дебата во која ставот на експертите е " да се објават бомбите".

Неутрално се пренесуваат реакциите по изјавата на специјалната јавна обвинителка Катица Јанева за „нелегитимноста на институциите": "Иванов: Тврдењата на Јанева се неосновани за претседателот" (22 март), како и експертски ставови дека "Јанева треба да ги докаже изборните нерегулараности" (23 март).

Темите од интерес на Албанците оваа недела се прекршуваат низ призмата меѓуетничките односи. Во критички прилог за економските програми на ДУИ се вели дека " Македонци работат и во странските инвестиции во Тетово"(20 март). Телевизијата во најава на прилог од 20 март коментира дека " Спортска сала во Струга ќе се гради само кај што учат Македонците ", додека новинарот во прилог од 21 март констатира дека "од 21. 000 субвенции за трето дете, 10. 000 се за Албанци, 6. 700 се за Македонци, останатите се за други националности". На 24 март има критички прилог за се уште непоставените споменици на албански дејци во Центар ( "Албанските споменици оставени во заборав"). Во прилогот од 25 март телевизијата критички ја пренесува изјавата на министерот за правда "Јашари молчи за дискриминацијата во правда", со став дека "Албанците излегуваат виновни пред институциите во последно време". Во прилозите за економските политики на Владата и за задолжувањата, телевизијата известува со критички тон.

<u>Користење на изворите:</u> Има 20 прилози со еден извор и 19 прилози со два и повеќе извори, но со единствена позиција на изворите.

<u>Директни обраќања:</u> Објавени се вкупно 4 директни обраќања, од кои две се од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Груевски и по едно на лидерот на СДСМ Заев и на ДПА Тачи.

<u>Аудиовизуелна презентација</u>: Нема манипулативна аудиовизуелна презентација.

## <u>Трета недела (26 март – 1 април 2016)</u>

Во мониторираниот период од 26 март до 1 април телевизијата Алсат М во вестите на албански јазик емитуваше 90 прилози поврзани со политичките актери, процеси или состојби. Најзастапени беа темите за Специјалното јавно обвинителство (20 прилози), потоа за подготовките за предвремените избори (10 прилози), за излегувањето на ДУИ од Владата (6 прилози) и за медумите (3 прилози).

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата емитуваше пет критички прилози за политиките на Владата, и 15 прилози за теми што се од посебен интерес на Албанците. Дел од критичките прилози се однесуваат на полициската акција во липковскиот регион (26 март: „Психички терор врз граѓаните"), како и за задолжувањата и за економијата.

(1) Повлекувањето на ДУИ од Собранието беше клучниот настан во мониторираната недела. Се пренесуваат причините што ги навела партијата (1 април: „Прислушувањата причина за повлекувањето на ДУИ"), реакциите на другите партии (1 април: „СДСМ: актот на ДУИ ја продлабочува кризата") и аналитички ставови (1 април: „Според експертите, потегот на ДУИ оди кон техничка Влада").

(2) Известувањето во врска со новите случаи отворени од СЈО е ударно, информативно и неутрално (28 март: „Сашо Мијалков под истрага за малтретирање при апсењето на Бошкоски“; 30 март „Тврдина. Јанева почнува истрага и за МВР“). Се пренесуваат и реакциите на партиите (29 март: „Груевски: СДСМ ја користи работата на СЈО“; 30 март: „Според СДСМ, тоа покажува дека прислушувањата се од самата власт“), Во контекст на работата на СЈО се става и предлог-законот за кривична постапка (28 март: „Власта подмолно вметнува предлог закон за одолговлекување на СЈО“).

(3) Во врска со темите со посебен албански етнички фокус, застапени се тие околу именувањето на институциите како Македонската опера и балет, Македонската радио телевизија и други (26 март: „Префиксот „македонски“ на институциите ги иритира Албанците“). Наспроти нив, застапени се прилози околу користењето на јазикот (26 март: игнорирањето на албанскиот е против Уставот“), за спомениците од албанските историски личности во центарот на Скопје итн.

(4) Известувањето во врска со датумот за изборите е неутрално, и се пренесуваат ставовите на меѓународната заедница (27 март: „Германската амбасадорка бара прво услови, квалитетот на изборите поважен од датумот: 31 март: „Хан: изборите можност за излез од кризата“).

<u>Користење на изворите:</u> Има 26 прилози со еден извор и 20 прилози со два и повеќе извори, но со единствена позиција, како и 37 прилози со по два или повеќе извори со различни или спротивставени ставови.

<u>Директни обраќања:</u> Емитувани се само две директни обраќања од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, како и по едно од лидерите на помали партии, Зијадин Села од Движењето за реформи на ДПА и Павле Трајанов од Демократскиот сојуз.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Не се користи манипулативна аудиовизуелна презентација.

**<u>Четврта недела (2 – 8 април 2016)</u>**

Телевизијата објави 79 анализирани прилози за политички настани и субјекти. За предвремените избори објавени се 22 прилози, за СЈО 8 прилози, за медиуми 3 прилози, за повлекувањето од Влада на СДСМ 5 прилози, а за оставките и новите министри од ДУИ има 7 прилози. Има 14 прилози за владината политика, но сите се критички, од кои 10 се за функционери од ВМРО- ДПМНЕ,а 4 за ДУИ. Шест прилози третираат теми од интерес на албанската етничка заедница.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата неутрално критички ги пренесува пресвртите од оваа недела, кои почнаа со “Оставките на министрите на ДУИ, молк во ДУИ“, (2 април), и објаснувањето на Груевски дека “ДУИ нема излезено од Влада, и дека не е точно дека во Влада сме само ние и СДСМ“. Во прилогот од 3 април с епренесува изјавата на Ванхојте дека “Македонија е со нефункционална демократија“. Во прилог од 7 април се пренесува изјавата на лидерот на опозицијата “Заев повика на фронт против Груевски“, каде вели “или Груевски или Македонија“. Во прилог од 8 април пак се пренесува ставот на лидерот на ВМРО ДМНЕ Груевски „СДСМ има страв од соочување на избори“, како и пораките на дипломатите “Бејли -Орав: има уште многу работа за слободни избори“, и ставот на ДПА дека „Условите се поважни од датумот“(8 април). Во анализата на оваа тема, според експертите “Изборите без опозиција ја продлабочуваат кризата“(8 април). Работата на СЈО оваа недела ја одбележаа темата за „Сомневањата за следење на Катица Јанева“ (5 април), и тврдењети на СЈО, „Официјално: Сме биле цел на следење“ 8 април). Во фокус на албанските теми ова недела се, зошто има “Повеќе македонски паралелки во Цветан Димов и Арсениј Јовков“, во прилози од 2 и 3 април. Во друг прилог од 3 април се пренесува изјава на родител дека “патриотски е да се отвори албанска паралелка во Идризово“. Во прилог од 8 април за прислушувањата се пренесува изјавата на Ахмети дека бил уценуван, со посебен акцент на делот кај што тврди дека “не го навредувал пророкот Мухамед“. Од критичките прилози за власта и ВМРО ДПМНЕ телевизијата известува дека “Богатството на Груевски порасна за 7 пати “ (5 април), дека

во “Охрид, општината ги покачува платите на директорите за 10 000 денари“ и дека “ИПА фондови: продолжува истрагата на злоупотреби“ (7 април).

Користење на изворите: Има 29 прилози со еден извор и 11 прилози со два и повеќе извори, но со единствена позиција на изворите.

Директни обраќања: Има вкупно 7 директни обраќања. Од нив 3 се од Груевски, 2 од Ахмети, и по едно обраќање од Заев и Тачи.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

## 8. АЛСАТ М (на македонски јазик)

**Прва недела (12 – 18 март 2016)**

Во известувачкиот период од 12 до 18 март телевизијата Алсат М во вестите на македонски јазик емитуваше вкупно 70 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најмногу внимание телевизијата посвети на: случувањата поврзани со одлуката на Уставниот суд да ги укине ограничувањата на претседателот во врска со помилувањето осуденици (15 прилози), темите поврзани со предвремените парламентарни избори, пред се` со избирачкиот список (12 прилози), работата на Специјалното јавно обвинителство (4 прилози), состојбата со јавниот долг (2 прилога) итн. Во најголем дел од известувањата за овие теми не е забележан никаков однос кон политичките субјекти.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата генерално не изразува фаворизирачки или демонизирачки однос кон ниту еден политички субјект, ниту употребува коментаторски содржини во вестите. Најзастапените теми во нејзините информативни содржини соодветствуваа со главните политички теми во општеството, кои се од јавен интерес. За нив се известуваше непристрасно, се пренесуваа ставовите на сите засегнати страни, и се даваше поширокиот контекст на случувањата (одлуката на Уставниот суд да дозволи помилување за изборни престапници се доведуваше во врска со постапките што ги води Специјалното јавно обвинителство за такви дела против функционери од ВМРО-ДПМНЕ).

(1) Забележан е редок случај на емитување негативен говор, во врска со темите околу избирачкиот список. На 18 март е емитуван академикот Абдулменаф Беџети како тврди дека партијата ВМРО-ДПМНЕ злоупотребила 195 илјади фиктивни гласачи, иако постапката за овој случај во Државната изборна комисија не е завршена. Освен тоа, не и` е даден збор на втората страна. Дополнително, во телопот е внесен само вториот дел од акронимот на партијата, („ДПМНЕ употреби 195 илјади фиктивни гласачи“) што се смета за навреда кон неа. Ова не е прв таков случај на телевизијата.

(2) Посилен критички однос телевизијата изрази кон партијата ДУИ, која беше обвинета за неконзистентност во два прилога за седницата на Советот за безбедност свикана од претседателот на државата, кого ДУИ не го признава, но сепак нивни претставник присуствувал (17 март: „Политичките аналитичари сметаат дека присуството на ДУИ на седницата на Советот за безбедност е сигнал дека партијата на Ахмети ја прекинала кампањата за непризнавање на претседателот Иванов“).

(3) Иако во помал број прилози, телевизијата повторно го критички третира прашањето на јавниот долг, овојпат преку прилози за бројчаникот што го постави, па го отстрани Македонската академија на науките и уметностите, откако ВМРО-ДПМНЕ реагираше против него (15 март: „МАНУ се попишмани, го повлече бројчаникот за јавниот долг. Потегот, случајно или не доаѓа по реакцијата на ВМРО-ДПМНЕ“.

(4) Телевизијата емитуваше 12 прилози за теми што се од посебен интерес за Албанците, или ги

обработи на таков начин (14 март: „Премиерот Емил Димитриев денеска присуствуваше на потпишувањето договори за вработување на 112 поранешни професионални војници, каде немаше ниту еден Албанец“). Доминантна, со девет емитувани прилози, беше темата за апсењето на косовскиот функционер Гафур Дуголи, по потерница издадена од Србија. Се критикуваше министерот за правда Аднан Јашари за потегот, се пренесуваа информациите од судот, како и реакциите од политичките партии.

Користење на изворите: Во 27 прилози се користи по еден извор, во 22 по два или повеќе извори чии позиции се меѓусебно усогласени или неутрални, а во 9 по два или повеќе извори со спротивставени гледишта. Во 5 прилози беа користени мислења на аналитичари и експерти, од кои во 3 прилози тие беа или единствен извор или единствен аналитичар, а во 2 прилога по двајца или повеќе експерти чии позиции беа блиски. Иако презентираните ставови беа аргументирани, сепак не беше забележан прилог со спротивставени аналитички гледишта. Забележана е манипулација со извор, односно повикување на анонимни извори за напаѓачка содржина (13 март„Алсат М дознава дека стотици лица од Пустец на последните избори гласале во Кичево, голем дел од нив живеат на иста адреса со високи функционери од ВМРО-ДПМНЕ. Оваа бројка за Алсат М ја потврдија анонимни извори во секторот за внатрешни работи во Кичево“.

Директни обраќања: Во овој период беа емитувани обраќања од голем број лидери на политичките субјекти, и тоа четири на Зоран Заев од СДСМ, три на Стевчо Јакимовски од ГРОМ, и по едно на Никола Груевски од ВМРО-ДПМНЕ, Зијадин Села од Движењето за реформи на ДПА, Али Ахмети од ДУИ и Мендух Тачи од ДПА. Беа емитувани и обраќања на стариот и новиот лидер на НДП, Весел Мемеди и Фадил Зендели, каде што во два дена имаше смена на лидерската позиција.

Аудиовизуелна презентација: На 12 март е емитуван прилог за децата од селото Блаце што одат на училиште во Косово, бидејќи Македонија не им изградила. Во прилогот е вметната драматична музика за да се засили ефектот, а не е прашана втората страна.

**Втора недела (19 – 25 март 2016)**

Во известувачкиот период од 19 до 25 март телевизијата Алсат М во вестите на македонски јазик емитуваше вкупно 75 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најмногу внимание телевизијата им посвети на две теми: случувањата поврзани со одржувањето на предвремните парламентарни избори, пред се` со прочистувањето на избирачкиот список (11 прилози), и работата на Специјалното јавно обвинителство (11 прилози). Од другите теми, застапени беа состојбите со медиумите (4 прилози), мислењето на Венецијанската комисија за прислушуваните разговори (3 прилози), штрајкот на судската администрација (3 прилози), како и отчетот на ВМРО-ДПМНЕ, програмата на ДУИ, јавниот долг, мигрантската криза, активностите на опозицијата, полициската акција во врска со „фабриката за афери“ и псотавувањето споменици од Албанци во Центар (по 2 прилога). Во најголем дел од известувањата за овие теми не е забележан никаков однос кон политичките субјекти, освен кон активностите на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, кон кои е изразен критички однос.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата генерално не изразува фаворизирачки или демонизирачки однос кон ниту еден политички субјект, ниту употребува коментаторски содржини во вестите.

(1) Телевизијата ги критикуваше конференциите на партиите од владејачката коалиција, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, но не известуваше за нив. На пример, не извести кои се економските мерки што ги предлага ДУИ, но емитуваше критички прилог во кој мислењето на еден експерт го претстави како општ консензус на фелата (20 март: „Економските експерти се скептични за можниот успех за екононмската програма на ДУИ. Според Висар Адеми, поради неуспехот на ДУИ во овој сегмент, Полог останува најнеразвиениот регион во земјава“). Се критикува и отчетот на ВМРО-ДПМНЕ (21 март: „Економисти со критики за отчетот на Груевски, бараат реален економски развој“). Но не се споменува ниту еден од многуте податоци што беа истакнати на тој настан, макар со цел да биде демантиран или да се аргументира дека реалниот ефект не соодветствува со декларираната бројка (21

март: „Се лицитираа бројки за растот на економијата, вработеноста, извозот, странските инвестиции, изградбата на патишта. Се реферираше за мерките за врабтување, намалување на даноците, владините проекти за пензионерите и за младите. Според Груевски, толку добро ни одело, што тоа предизвиувало страв кај странските инвеститори“).

(2) Продолжува силниот и аргументиран критички однос кон темата за јавниот долг (23 март: „По повеќемесечен молк, Ставрески објасни дека новите натпланирани задолжувања се за плати и пензии. Тврди дека нивото на јавниот долг од скоро 50 отсто не е опасен“; 24 март: „Растат каматите по кои се задолжува државата кај домашните банки. Ова е резултат на се` поголема несигурност и недоверба кон државата, сметаат економистите“)

(3) Во вкупно 8 прилози е забележан албански етнички фокус во изборот или во презентирањето на темите. Тоа се врши така што за граѓанските теми се избираат места каде што повеќето жители се Албанци (22 март: „Жедни за вода. Вака тетовчани денеска го дочекаа светскиот ден на водите“), или се избираат теми што посебно ги интересираат Албанците (23 март: „И покрај ветувањата за завршување на реконструкцијата на албанскиот театар во Скопје, се чини дека работите се оставени на пола“), или со ставање на темите во етнички контекст (24 март: „Со повеќе од илјада амандмани опозицијата се против Законот за нотаријат. ДПА критикува и за запоставување на албанскиот јазик“)

<u>Користење на изворите:</u> Во 27 прилози се користат по два или повеќе извори со спротивставени позиции, во 16 прилози по два или повеќе извори чии позиции се меѓусебно усогласени или неутрални, а во 19 по еден извор. Мислења на експерти или на аналитичари се користат во 9 прилози, од кои во 6 тие се или единствен извор или го даваат единственото експертско мислење, а во 3 прилози станува збор за двајца или повеќе аналитичари со слични позиции. Иако генерално презентираните мислења од овој тип беа аргументирани, сепак не беше емитуван ниту еден прилог со спротивставени аналитички мислења.

<u>Директни обраќања:</u> Беа емитувани многу мал број директни обраќања, и тоа две на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, и по едно на претседателите на СДСМ Зоран Заев и на ДПА Мендух Тачи.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

**<u>Трета недела (26 март – 1 април 2016)</u>**

Во известувачкиот период од 26 март до 1 април телевизијата Алсат М во вестите на македонски јазик емитуваше вкупно 87 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најмногу внимание телевизијата посвети на: Специјалното јавно обвинителство (16 прилози), подготовките за предвремените парламентарни изб ори (10 прилози), полициската акција во липковско (7 прилози), оставките во ДУИ (6 прилози), спомениците на албански историски личности во центарот на Скопје (4 прилози) и други теми. Во најголем дел од известувањата за овие теми не е забележан никаков однос кон политичките субјекти.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата генерално не изразува фаворизирачки или демонизирачки однос кон ниту еден политички субјект, ниту употребува коментаторски содржини во вестите. Најзастапени беа двете најактуелни теми, изборите и Специјалното јавно обвинителство, за кои се известуваше информативно, неутрално, сеопфатно, и со пренесување на ставовите на сите засегнати страни.

(1) Телевизијата повеќе од другите медиуми известуваше за полициската акција во липковско. Беа пренесеки основните информации за неа, но силно се критикуваше обемот, со назнака дека била предизвикана паника кај локалното население. Не се доведуваше во прашање потребата од самата операција, ниту се сугерираше дека таа била насочена против една етничка група (27 март: „Граѓаните сметаат дека најголемата вина за паниката што ја предизвика полициската акција ја имаат некои од интернет-порталите кои пласираа лаги“).

(2) Исто така, повеќе во однос на другите медиуми беа застапени теми од посебен интерес за албанската етничка заедница, како на пример употребата на албанскиот јазик (26 март: „Во новиот предлог-закон за нотаријат не се остава можност за официјална употреба на албанскиот јазик"), именувањето на институциите како „македонски" или „на Македонија", за несоодветното обезбедување здравствени или други јавни услуги во населени места каде што живеат Албанци, итн.

(3) Се изразува засилен и аргументиран критички однос кон широк спектар на теми. Во оваа смисла предничат предложените измени во Законот за кривична постапка, со кои се предвидуваат поголеми можности за обвинетите, но доаѓаат од владејачката коалиција, во време на засилени активности на Специјалното јавно обвинителство (29 март: „Тензична дебата во Собранието за измените во Законот за кривична постапка, со кој како да сака да се блокира СЈО"). Критичко известување има и за темата со крстот во Бутел (28 март: „На ова место, каде што беше предвидено да се постави гигантски крст, пред една недела високи функционери на ДУИ со своите милитанти, пееја и прославуваа дека крстот нема да биде поставен"), однесувањето на претседателот на РСС Ушковски на свечена церемонија (31 март: „На денот на правосудството само фалби за судиите и судовите во државава. Претседателот на судскиот совет, откако ги наброја успесите, ги избрка новинарите"), задолжувањата (31 март: „Владата да престане да се задолжува бидејќи според академиците и економските експерти, веќе е достигната црвената линија") и други теми.

<u>Користење на изворите:</u> Во 35 прилози се користи по еден извор, во 23 по два или повеќе извори со спротивставени гледишта, а во 20 прилози по два или повеќе извори чии позиции се меѓусебно усогласени или неутрални Во 6 прилози беа користени мислења на аналитичари и експерти, од кои во 4 прилози тие беа или единствен извор или единствен аналитичар, а во 2 прилога по двајца или повеќе експерти чии позиции беа блиски. Иако презентираните ставови беа аргументирани, сепак не беше забележан прилог со спротивставени аналитички гледишта.

<u>Директни обраќања:</u> Само мал број директни обраќања беа емитувани во овој период, и тоа две од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, две од лидерот на Движењето за редформи на ДПА Зијадин Села, и едно од првиот човек на Достоинство, Стојанче Ангелов.

<u>Аудиовизуелна презентација</u>: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

**<u>Четврта недела (2 – 8 април 2016)</u>**

Во известувачкиот период од 2 до 8 април телевизијата Алсат М во вестите на македонски јазик емитуваше вкупно 78 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Доминираа темите поврзани со предвремените парламентарни избори (25 прилози), пред министерските смени во ДУИ (9 прилози), развојот на случаите отворени од Специјалното јавно обвинителство (9 прилози), состојбите со економијата (4 прилози), како и медиумите, антикорупциската комисија, барањето да се ослободи Љубе Бошкоски, контролата врз УБК, крстот во Бутел (по 2 прилога) и други теми. Во најголем дел од известувањата за овие теми не е забележан експлицитен однос кон политичките субјекти.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата генерално не изразува фаворизирачки или демонизирачки однос кон ниту еден политички субјект, ниту употребува коментаторски содржини во вестите. Најзастапени теми беа тие за најактуелните случувања во земјата, како предвремените парламентарни избори, смената на министрите на ДУИ, случаите што ги отвори СЈО итн. За нив се известуваше информативно, неутрално и сеопфатно.

(1) Телевизијата изразуваше спорадични критики кон различни состојби или појави во општеството. Се критикуваше недостигот од контрола врз УБК (2 април: "Пратениците признаваат дека не можат да го остварат неопходнито надзор на тајните служби"), политиките за привлекување странски инвестиции (2 април: "И по осум години, институционална тајна остана која компанија колкава државна помош добива"), како и политиките за владините трошења (3 април„Автопатите - задоцнета инвестиција"). И од извештајот на Светската банка беа потенцирани деловите што се критички кон

власта (8 април: „Економски раст без инвестиции, но со владини трошења за стоки и услуги, Ова стои во извештајот на Светската банка за 2015 година“).

(2) Продолжува следењето на темите што се од посебен интерес за албанската етничка заедница во Македонија. Меѓу нив, овојпат доминираше прашањето околу бројот на паралелки на македонски и на албански јазик во средното образование (2 април: „Објавениот конкурс за средните учичишта објавен од Министерството за образование, повторно го зголеми бројот на паралелки на македонски наставен јазик, а на оние со настава на албански е речиси ист“.

(3) Се критикува и однесувањето на Антикорупциската комисија во врска со необјавувањето на анкетниот лист на Никола Груевски откако ја отстапи премиерската функција, но во еден од тие прилози беше изнесено неаргументирано обвинување во врска со неговата имотна состојба (5 април: „Според некои пресметки, Груевски успеал за 10 години личното богатство да го зголеми за седум пати“).

Користење на изворите: Во 29 прилози се користи по еден извор, во 19 по два или повеќе извори со спротивставени гледишта, а во 16 прилози по два или повеќе извори чии позиции се меѓусебно усогласени или неутрални. Во 10 прилози беа користени мислења на аналитичари и експерти, од кои во 5 прилози тие беа или единствен извор или единствен аналитичар, во 4 прилози по двајца или повеќе експерти чии позиции беа блиски, а во 1 прилог беа презентирани спротивставени мислења.

Директни обраќања: Најзастапен беше лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски со 4 обраќања, по две беа емитувани од лидерите на ДУИ Али Ахмети и на Движењето за реформи на ДПА Зијадин Села, како и по едно од повеќемина други лидери како Стојанче Ангелов (Достоинство), Јове Кекеновски (ФРОДЕМ), Гзим Острени (Унитети), Мендух Тачи (ДПА) и Зоран Заев (СДСМ).

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

## 9. 24 ВЕСТИ

### Прва недела (12 – 18 март 2016)

Во текот на известувачкиот период од 12 до 18 март телевизијата 24 Вести објави 91 прилог што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најзастапени беа темите поврзани со одлуката на Уставниот суд во врска со Законот за помилување (15 прилози), предвремените парламентарни избори (13 прилози), Специјалното јавно обвинителство (6 прилози), задолженоста на државата (6 прилози), потезите на македонските политички претставници во врска со мигрантската криза (4 прилози), медиумите (3 прилози) итн. Во известувањето за овие теми телевизијата имаше неутрален или критички пристап кон политичките субјекти.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата не користи коментаторски елементи, ниту изразува експлицитен фаворизирачки или напаѓачки однос кон политичките субјекти во својата информативна програма. Изборот на темите и нивното покривање беа соодветни со актуелните случувања во општеството, кои беа од јавен интерес.
(1) Перманентно се следеа сите случувања поврзани со одлуката на Уставниот суд да ги укине деловите од Законот за помилување, овозможувајќи му на тој начин на претседателот да помилува и осуденици за изборни нерегуларности и за други кривични дела: подготовките и донесувањето на самата одлука, протестите и контрапротестите, реакциите и ставовите на политичките субјекти и на различни делови на јавноста итн. Посебен критички однос беше изразен кон самата одлука (16 март: „Уставниот суд го отвори патот за помилување на лица осудени за изборнен криминал, педофилија и дилери на илегални наркотици“), кон постапката (15 март: „Уставниот суд, пак, денеска најави дека утре контроверзната одлука ќе ја носи зад затворени врати“), која се става во актуелниот контекст на случајот „Титаник“ (16 март: „Иако иницијативата не била под назнака „итно“, се најде за две недели на седница пред уставните судии, и тоа во време кога СЈО отвори истрага за изборен криминал

против функционери од власта“), и кон организираниот контрапротест (16 март: „Утрово пред уставниот суд демонстранти со организиран превоз се собираа за подршка на институцијата. Со сендвичи во рака тврдеа дека го бранат уставниот суд“). Беше изразена и резерва кон искреноста на ставовите на претседателот Ѓорге Иванов (18 март: „Тврди нема да помилува педофили, наркодилери, и, како што вели претседателот - изборни силеџии“), и на лидеротна ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (18 март: „Иако претседателот на ВМРО-ДПМНЕ се оградува од одлуката на Уставниот суд, на контрапротестите за одбрана на судот формално излезе неговиот коалициски партнер Стевчо Јакимовски, а во јавноста излегоа и докази за мобилизација на членството на ВМРО-ДПМНЕ за учество на тие протести“).

(2) И оваа недела, настрана сите актуелни политички случувања, телевизијата продолжува редовно да ја следи состојбата со јавниот долг на земјата, заземајќи критички став, најчесто преку нагласување на вкупните долгови по секое ново задолжување (15 март: „Со ова ново задолжување од почетокот на годинава, Владата создаде нов внатрешен долг од скоро 62 милиони евра, заклучно со крајот на минатата година, нивото на јавниот долг изнесува 4,2 милијарди евра“), или преку изразувањето сомнеж за целисходноста (13 март: „Според календарот на Министерството за финансии за оваа недела нема закажано раздолжување, што го отвора прашањето за што ќе се користи заемот од домашните кредитори“).

(3) Критички се опсервираат и други, инцидентни случувања од политичкиот живот, кога ќе се забележи нарушување на јавниот интерес, на пример презентацијата на нов детален урбанистички план во општината Аеродром (17 март: „Обидот на медиумите на јавноста да и` ги пренесат забелешките од граѓание за планот за градење нови згради во Аеродром, стана проблем за вработените од урбаната заедница“), и однесувањето на министерот за здравство Никола Тодоров на прес-конференција (18 март: „Опасноста од епидемија на заразни болести кај бегалците во Табановце и одговорноста на институциите за смртта на малата Тамара за министерот за здравство, Никола Тодоров, се нарачани прашања“).

<u>Користење на изворите:</u> Во 27 прилози се користи по еден извор, во 25 по два или повеќе извори со спротивставени ставови, а во 20 по два или повеќе извори чии позиции се едногласни или неутрални едни кон други. Во 6 прилози беа користени мислења на аналитичари и експерти, од кои во 2 прилога тие беа или единствен извор или единствен аналитичар, а во 3 прилози по двајца или повеќе експерти чии позиции беа блиски, иако аргументирани. Во единствениот прилог каде што се прикажани спротивставени аналитички гледишта, изјавата на спротивната страна (професорката Тања Каракамишева, на 18 март) е преземена од друг медиум, но телевизијата истакнува дека се обидела да обезбеди нејзина изјава.

Забележан е и случај на манипулација со изворите во врска со одлуката на Уставниот суд, кога ставовите на двајца експерти (поранешниот уставен судија Игор Спировски и професорот по уставно право Осман Кадриу) се претставуваат како „заедничка констатација на стручната јавност“ (16 март). Тие се познати и кредибилни соговорници за оваа тема, но ниту се единствени претставници на стручната јавност, ниту говореа во име на пошироката фела, туку во свое име.

<u>Директни обраќања:</u> Поради улогата што ја имаше во контрапротестите пред Уставниот суд, лидерот на ГРОМ Стевчо Јакимовски беше најзастапен, со 4 директни обраќања, пред претседателите на СДСМ Зоран Заев, со 3 обраќања, и на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, со 2 обраќања. Телевизијата продолжува да емитува обраќања на лидерите на голем број политички субјекти, вклучувајќи ги Бранко Јаневски од СДПМ, Јове Кекеновски од ФРОДЕМ, и Ивон Величковски од Либералната партија, сите со по едно обраќање.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

**<u>Втора недела (19 – 25 март 2016)</u>**

Во текот на известувачкиот период од 19 до 25 март телевизијата 24 Вести објави 100 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најзастапени беа темите поврзани со

одржувањето на предвремените парламентарни избори и прочистувањето на избирачкиот список (17 прилози), работата на Специјалното јавно обвинителство (11 прилози), штрајкот на судската администрација (6 прилози), состојбата со медиумите (6 прилози), мислењето на Венецијанската комисија за прислушуваните разговори (5 прилози), отчетот на ВМРО-ДПМНЕ (5 прилози), активностите на опозицијата (3 прилози), тендерот за рудниците Саса и Тораница (3 прилози), состојбата со јавниот долг (2 прилога), акцијата за случајот „Фабрика за афери“ (2 прилога), спомениците на Албанци во општината Центар (1 прилог), активностите на македонските политичари во врска со мигрантската криза (1 прилог) итн.

Во најголем дел од известувањето за овие теми телевизијата не изразува експлицитен однос кон политичките субјекти.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата не користи коментаторски елементи и генерално не изразува експлицитен фаворизирачки или напаѓачки однос кон политичките субјекти во својата информативна програма.

(1) Критичкиот однос на телевизијата кон ВМРО-ДПМНЕ, иако ретко изразуван, на моменти се приближуваше до границата на негативен говор, кој е сепак пренесен и не произлегува директно од медиумот, но тој одлучил да го емитува. Во прилог за анализа на отчетот, иако се консултирани двајца аналитичари, од кои едниот го критикува, а другиот го фали начинот на кој партијата поднесе отчет, сепак ударно се влегува со ставот на првиот (21 март: „Отчетот на ВМРО-ДПМНЕ е политички маркетинг во пресрет на предизборната кампања, со која партијата сеобидува да демонстрира сила и мсовност, оценуваат дел од аналитичарите“). Овој однос се повторува и преку пренесување содржина од швајцарски весник. Иако самата објава може да го најде своето оправдување во тоа дека е јавен интерес што еден релевантен странски медиум пишува за состојбите во Македонија, сепак и во најавата, и во самиот прилог, особено се нагласени најжестоките делови (23 март: „Системот Груевски гризе и гребе за да остане на власт, пишува швајцарскиот весник Ноје Цирихер Цајтунг. Владејачките конзервативци се борат валкано, тврди медиумот“. Освен тоа, не е побаран одговор од другата страна. Тоа се забележува и во пренесено напаѓачко соопштение од СДСМ (23 март: „Се отвори пандорината кутија на криминалните шеми на власта на Груевски во енергетиката, реагираа од опозициската СДСМ“). И за странските директни инвестиции се консултираат аналитичари што ги нарекуваат „популистичка и помпезна пропаганда која не ги дава очекуваните резултати“ (25 март). Тезите во овие прилози се аргументирани, но забелешката е само за тонот на пренесениот говор.

(2) Од друга страна, забележан е и пренесен негативен говор кон СДСМ, преку цитирање на интервјуто на заменик-министерот Митко Чавков за радиото Слободна Македонија, во врска со новата полициска акција поврзана со т.н. „Фабрика за афери“ (25 март: „Постои сериозна закана дел од уценуваните со телефонски разговори правдата да ја земат во свои раце, вели за РСМ заменик-министерот за внатрешни работи Митко Чавков. Според него, постојат цврсти докази дека вчера запленетите хард диск и усб со разговори потекнуваат од архивата на опозициската СДСМ, чија цел не бил јавниот интерес, туку уценувањата“). Поради тоа не се исклучува можноста дека се истакнуваат деловите што се оценети како најатрактивни, и дека не постојат поинакви тенденции во информирањето и за двете партии.

(3) Односот на телевизијата кон темата за предвремените избори, особено со актуелниот процес на прочистување на избирачкиот список, е неутрален и се пренесуваат ставовите на сите засегнати субјекти. Сепак, се пренесуваат и критички ставови кон одредени потези на ДИК (21 март: „Непроверувањето на 124-те илјади иселеници е сериозен проблем“). Се пренесуваат и ставовите дека е можно одложување на изборите на 5 јуни, но и со заклучоци што самата телевизија си ги извлекува ( 23 март: „Британскиот амбасадор Чарлс Гарет изјави дека изборите на 5 јуни се` уште се можни, со што јасно фрли сомнеж за условите за нивно одржување“).

(4) Изјавата на специјалната обвинителка Катица Јанева во врска со легитимитетот на носителите на институциите се пренесува како вест, без изразување однос од телевизијата. Во врска со Специјалното јавно обвинителство, повеќе внимание се обрнува на можните опструкции со кои тоа може да се соочува (22 март: „Преседан во судството или законска дупка што се користи

за формирање на подобни кривични совети што ќе решаваат за предмети на Специјалното јавно обвинителство“).

(5) Една од темите за која телевизијата информираше повеќе отколку другите медиуми, беше штрајкот на синдикатот на судската администрација. Се пренесуваа најавите и текот на штрајкот во Скопје и во други градови.

(6) Телевизијата продолжува редовно да ја следи состојбата со задолжувањето, иако со помал број прилози, бидејќи имаше помалку случувања на оваа тема. Кон неа медиумот е поставен критички (22 март: „Задолжувањето што се реализираше е нешто повисока сума од онаа што беше првично планирана“)

Користење на изворите: Во 35 прилози се користи по еден извор, во 33 по два или повеќе извори со спротивставени ставови, а во 15 по два или повеќе извори чии позиции се едногласни или неутрални едни кон други. Аналитички или експертски мислења се користат во седум прилози, од кои во два соговорникот е единствен извор или единствен аналитичар, во два има по двајца или повеќе експерти со еднострани, иако аргументирани позиции, а во три се користат по двајца или повеќе аналитичари со спротивставени ставови.

Директни обраќања: По две обраќања се емитувани од лидерите на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, на Демократскиот сојуз Павле Трајанов, и на ДПА Мендух Тачи, како и на Либералната партија Ивон Величковски и на ГРОМ, Стевчо Јакимовски. Нема изјава од првиот човек на СДСМ Зоран Заев.

Аудиовизуелна презентација: Единствен случај на проблематична аудиовизуелна презентација е забележан во прилог за отчетот на ВМРО-ДПМНЕ (21 март), во кој иако не се споменува ништо во врска со посетеноста, на повеќе места се употребуваат кадри од празните столчиња во салата.

**Трета недела (26 март – 1 април 2016)**

Во текот на известувачкиот период од 26 март до 1 април телевизијата 24 Вести објави 104 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најзастапени беа темите во врска со активностите на Специјалното јавно обвинителство (22 прилози), подготовките за предвремените избори (14 прилози), предлогот за измени на Законот за кривична постапка (5 прилози), медиумите (5 прилози), како и проектите и мерките на Владата, задолжувањата, активностите на опозициските министри (по 3 прилози) и други теми. Во известувањето за овие теми телевизијата имаше неутрален или критички пристап кон политичките субјекти.

Коментари и оценки во вестите: (1) Телевизијата не користи коментаторски елементи, ниту изразува експлицитен фаворизирачки или напаѓачки однос кон политичките субјекти во својата информативна програма. Изборот на темите и нивното покривање беа соодветни со актуелните случувања во општеството, кои беа од јавен интерес

(2) Карактеристично за мониторираниот период беше што известувањето беше речиси целосно неутрално и информативно. Немаше тенденција на критички однос кон одредени теми, туку повремени критики во поединечни прилози. Една од темите што се критикуваа беа предложените измени на Законот за кривична постапка (28 март: „Откако Специјалното јавно обвинителство најави засилени истраги и отворање на нови случаи, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ поднесоа предлог за измена на Законот за кривична постапка, со кој на осомничените ќе им се дадат поголеми рокови за одбрана, и можност за спогодба со обвинителите“). Тој однос беше забележан и кај темата за поставување споменици на Албанци во Центар (29 март: „Општината немала надлежност да ги постави се` до пред три месеци, кога на владина седница се донесе нова одлука, по што општина Центар ја посетија инспекции од три министерства“) и кон однесувањето на претседателот на РСС Бранко Ушковски (31 март: „Откако Ушковски го заврши обраќањето пред пензионираните судии и медиумите, новинарите имаа свои прашања до Претседателот на советот, но повеќе не беа добредојдени“). Телевизијата дури го ублажи својот карактеристичен критички однос кон темата за владините

задолжувања (28 март: „Заклучно со 2015 година јавниот долг изнесува 4,22 милијарди евра или 46,5 отсто од БДП, што претставува едно од највисоките нивоа измерени изминатите години. И со овој параметар, Македонија останува во групата на умерено задолжени економии, но со растечки тренд на внатрешниот и на надворешниот долг“). Беа пренесени и обвинувања на едни политички субјекти кон други (31 март: УБК досега се занимаваше со претежно контраразузнавачки активности за заштита на бизнис интересите на акционерското друштво ВМРО-ДПМНЕ, тврди претседателот на Достоинство Стојанче Ангелов“).

(3) Од друга страна, во помал број прилози, пренесени се и ставовите на Владата и на владејачката партија, и тоа отчетите на министрите (27 март: „Спасов: Вратено е достоинството на пензионерите и на старите лица“), како и нивните гледишта во однос на економијата (31 март: „Растот на индустриското производство од 15,2 отсто во февруари, според вицепремиерот и министер за финансии Зоран Ставрески е добар резултат и одличен старт“).

<u>Користење на изворите:</u> Во најголемиот број прилози (49) се користи по еден извор. Но известувањето на телевизијата не беше еднострано, бидејќи најчесто станува зборот за два последователни прилога во кои се пренесува едната, па другата страна. Во еднаков број прилози (по 19) беа застапени по два или повеќе извори со спротивставени и со едногласни позиции. Во 7 прилози беа користени мислења од експерти или од аналитичари, од кои во 4 прилози тие беа или единствен извор или единствен аналитичар, а во 3 прилози по двајца или повеќе експерти со различни или спротивставени мислења.

<u>Директни обраќања:</u> Беа емитувани по три директни обраќања на лидерите на Достоинство Стојанче Ангелов и на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, и по едно на првите луѓе на СДСМ Зоран Заев, на НСДП Тито Петковски и на ДС Павле Трајанов.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Единствен случај на несоодветна аудиовизуелна презентација е забележан на 28 март, кога во прилог во врска со иницијативи за закон за медиуми, е емитуван краток кадар од седиштето на СДСМ, а не и од други партии (можно е да станува збор и за техничка грешка).

**<u>Четврта недела (2 – 8 април 2016)</u>**

Во текот на известувачкиот период од 2 до 8 април телевизијата 24 Вести објави 105 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Убедливо доминираа темите поврзани со предвремените парламентарни избори (26 прилози), пред смената на министрите на ДУИ (8 прилози), развојот на случаите отворени од Специјалното јавно обвинителство (8 прилози), состојбите со економијата (5 прилози), како и јавниот долг, медиумите, сомнежите околу користењето на ИПА фондовите, здравството, антикорупциската комисија (по 3 прилози) и други теми. Во известувањето за овие теми телевизијата имаше неутрален или критички пристап кон политичките субјекти.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата генерално не користи коментаторски елементи во вестите, ниту изразува фаворизирачки или напаѓачки однос кон политичките актери.

(1) Но во мониторираниот период беше направен исклучок по повод распуштањето на Собранието, во прилог во кој се анализира неговата работа (7 април: "Како функционираше Собранието во изминативе две години"). Во него беше забележан тон што не е карактеристиче нза информативна содржина („Пратениците без никакви дискусии носеа закони, само го притискаа зеленото копче, често пати и без да знаат што пишува во нив“), но сепак станувааше збор за издржана и аргументирана анализа, во која предмет на критика беше пред се` општата состојба во парламентот („Законодавниот дом се движеше на линија од гласање на стотици закони без никаква дискусија, па се`до трагикомични моменти на тепачки и вулгарни гестови на пратениците“).

(2) Најзастапени теми во медиумот беа тие што се поврзани со одржувањето на предвремените парламентарни избори. Беа пренесувани сите важни информации и релевантни ставови во врска со оваа тема. Предност во презентацијата имаа ставовите дека изборите не треба да се одржат на 5

јуни (4 април: „Услови за одржување демократски услови на 5 јуни нема, ова е заклучокот на спроведениот мониторинг на центарот за слобода Цивил, и експертските тимови“).

(3) Главно информативно се следеше и развојот на случаите отворени од Специјалното јавно обвинителство, пред се` во врска со притворот на началникот во УБК Горан Грујевски, осомничен дека уништувал опрема за прислушување. Беше изразена критика за укинувањето на притворот што му беше изречен (3 април: „Последната одлука на Кривичниот совет за укинување на притворот предизвика реакција кај поранешните притвореници“), со пренесувањето на гледиштата на Томислав Кежаровски и на Ване Цветанов.

(4) Телевизијата ги пренесуваше извештаите за добрата состојба на македонската економија (8 април: „Со раст од 3,7 отсто, Македонија е лидер во регионот, објави Светска банка во регионалниот економски извештај за Југоисточна Европа“), но без да им овозможи на политичарите да се фалат со нив. Напротив, паралелно со тоа се известуваше и за другата страна на економската состојба, на пример за растот на задолженоста (4 април; „Заклучно со декември 2015 година бруто-надворешниот долг на земјава изнесува 6 милијарди и 353 милиони евра, и за 361 милион евра е повисок во однос на состојбата во 2014 година, објави НБРМ. Според овој критериум, Македонија е веќе во групата на високо задолжени економии“), како и за зголемувањето на бројот на луѓе со блокирани сметки (3 април: „Граѓаните најчесто се под блокада поради ненавремено подмирување комунални сметки, радиодифузна такса и рата за кредит“).

(5) Силна критика се изразува кон однесувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата, во врска со анкетниот лист на Никола Груевски (7 април: “Скандалозна и противзаконска е одлуката за необјавување на анкетниот лист на поранешниот премиер Никола Груевски, реагираа дел од партиите. Експертите и невладините организации велат дека комисијата го губи значењето доколку не ја исполнува својата улога“).

(6) Забележани се два случаја на еднострано известување, во кои се пренесуваат обвинувања од дополнителните заменици-министри во Владата од СДСМ, Александар Кирацовски и Љупчо Николовски, за злоупотреби во институциите (5 април: „Дополнителниот заменик-министер за земјоделство Љупчо Николовски тврди дека јавниот оглас за изградба на браната „Конско“ и постапката за избор се проследени со неправилности, нејаснотии и сомнителни“), без да се консултира втората страна.

<u>Користење на изворите:</u> Во најголемиот број прилози (38) се користи по еден извор, потоа следуваат прилозите со по два или повеќе извори со различни или спротивставени ставови (30), и на крајот тие со по два или повеќе извори чии позиции не се судираат (20). Телевизијата користи мислења од експерти и од аналитичари во 12 прилози, од кои во 8 прилози тие се или единствен извор или единствен аналитичар, во 3 прилози се на слична позиција, а во 1 прилог се со спротивставени ставови.

<u>Директни обраќања:</u> Вообичаено телевизијата емитува директни обраќања од голем број политички лидери. Најзастапен беше првиот човек на ВМРО-ДПМНЕ со 5 обраќања и една реемитувана стара изјава, а по него следуваа Лилјана Поповска од ДОМ со 3 обраќања, Стојанче Ангелов (Достоинство), Мендух Тачи (ДПА), Зијадин Села (ДР-ДПА) и Зоран Заев (СДСМ) со по 2 обраќања, како и Павле Трајанов (ДС) и Стевчо Јакимовски (ГРОМ) со по едно.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Во извештајот за посетата на австрискиот министер за одбрана Доконцел на Македонија (7 април), е емитувана само неговата изјава во врска со мигрантската криза, но не и таа од неговиот домаќин Зоран Јолевски. Министерот Јолевски е прикажан во еден многу краток момент на почетокот од прилогот, и воопшто не се споменува, како министерот Доконцел сам да престојувал и да говорел во Македонија.

## 10. АЛФА ТВ

**Прва недела (12 – 18 март 2016)**

Во известувачкиот период од 12 до 18 март на телевизија Алфа се објавени вкупно 94 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата им посвети на: промоција на проекти и мерки на Владата и на другите институции (19 прилози), одлуката на Уставниот суд за укинување делови од Законот за помилување (11 прилози), активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (9 прилози), мигрантската криза (9 прилози), предвремените парламентарни избори и прочистувањето на избирачкиот список (9 прилози), работата на Специјалното јавно обвинителство (3 прилози), активностите на опозицијата (3 прилози) и други теми. Во најголем број известувања за овие теми телевизијата изразуваше позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ, и негативен и демонизирачки кон СДСМ.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата во вкупно 36 прилози изразила позитивен и фаворизирачки однос кон партијата ВМРО-ДПМНЕ. Во 14 прилози е забележан негативен и напаѓачки однос кон СДСМ, во 2 прилога кон Специјалното јавно обвинителство, а во 1 прилог кон поранешниот посредник во политичките преговори, Питер Ванхауте. Коментаторска содржина е забележана во 9 демонизирачки прилози кон СДСМ и во 2 фаворизирачки кон ВМРО-ДПМНЕ (12 март: „Сајтот на минситерството е налик на фан страница на министерот, па наместо што работи полицијата има со кој се сликал Спасовски“).

(1) Промоцијата на проектите, мерките и на политиките на Владата и на други институции раководени од кадри на ВМРО-ДПМНЕ е најзастапената тема во вестите. Во голем број случаи, нејасна е линијата меѓу информативниот и маркетиншкиот речник (14 март: „Ковачи, јорганџии, стаклари, оџачари - Агенцијата за вработување стартува со нова мерка за невработените лица, обука за стекнување на вештини од стари занаети“). Околу успешноста на владините проекти, се користат пред се` оценките на оние што ги спроведуваат (15 март: „Надлежните велат дека преведените стручни дела секојдневно се користат од старана на студентите и неретко тие не се доплнителен туку прв учебник“). Во овој тип прилози беа застапени поголем број политички претставници на власта (16 март: „Реализација на капитални инвестиции, нови инфраструктурни проекти и мерки за поддршка. Владините министри и премиерот за спроведување на изборите Емил Димитриев на терен во неколку општини низ Макеоднија. Министерот за финансии Ставревски денеска во Прилеп меѓудругото ги промовираше и финансиските поволности од проектите Купи куќа купи стан и Купи куќа за млади“).

(2) Сето тоа е убедливо најизразено во прилозите во кои се следат активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски. Интензитетот на неговото покривање не се намалува, иако повеќе од два месеца тој нема државна функција. Во прилозите Груевски се прикажува како надлежен за сите видови прашања што ги засегаат граѓаните (12 март: „Проблемите на кичевчани ќе почнат да решаваат. Малиот број на дефектолози во училиштата како еден од главните проблеми кои жителите од кичевските села му гипосочија на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски“). Дури и редовните обврски на надлежните институции, како одржувањето на патиштата, се прикажуваат како негова заслуга и добра волја (15 март: Расписан е тендер за реконструкција на патот Сопиште-Говрлево во должина од 8 километри. Проектот ќе чини околу 550.000 евра. Ова е одговор на барањето што го упатија граѓаните до лидерот на ВМРО-ДПМНЕ при неговата посета на двете населени места пред неколку месеци). Груевски е претставен како некој кому му реферираат и државните и локалните функционери, без да се земе во предвид автономијата на локалната самоуправа. Во емитуваните разговори меѓу него и локални жители, кои треба да создадат впечаток на спонтаност, но со микрофони меѓу соговорниците, се злоупотребува штитеник од дом за деца без родители, за кој се вели дека една деценија бара покрив над главата, но сега токму Груевски ќе му го реши проблемот (17 март: „Неговата голгота можеби завршува уште денеска. Конечно тој се најде на вистинско место во вистинско време. Имаше дирекна шанса да го праша пртседателот на ВМРО-ДПМНЕ, како и министерот за транспорт и врски, до кога ќе тре неговото талкање).

(3) Се зазема целосно антиопозициски став во врска со настаните околу Уставниот суд (16 март:

„Неуспешни најавите за кампување и рушење на Уставниот суд. Контра-протестантите на опозицијата се повлекоа пред илјадниците граѓани кои ги бранеа институциите. Река народ пристигнуваше од секаде и го заобиколи судот. Граѓаните обединето се спротивставија на тортурата на СДСМ и нивните контра-протести кои завршија со дебакл“). Притоа, оваа тема не се става во актуелниот контекст на случајот „Титаник“ во кој Специјалното обвинителство води постапки за изборни нерегуларности против членови на владејачката партија.

(4) Негативниот однос во прилогот за Специјалното јавно обвинителство се огледува во аголот од кој се обработува темата. Медиумот стандардно, а и во овој прилог, многу повеќе внимание обрнува дали има недоследности со бројот на разговори предадени во СЈО, или како се трошеле парите, во обид да ја дискредитира самата институција (15 март: „Контрадикторни бројки. Катица Јанева конечно откри, ми беа предадено 540 000 аудио снимки. Зоран Заев неодамна изјави имам над милион разговори. Каде се останатите?“). Тоа е симптоматично бидејќи оваа институција води истраги против членови на партијата за која телевизијата најчесто изразува позитивен и фаворизирачки однос во своите информативни содржини.

(5) Мигрантската криза се претставува како пред се` како безбедносна закана, а помалку како хуманитарна криза (16 март, пренесени ставови на претседателот Иванов: Мигрантската криза ќе ги зголеми безбедносните ризици долж транзитниот коридор, земјата е изложена на постојана закана од илегална миграција, закана од насилен екстремизам во регионот и постојана закана од верски радикализам, поврзани со странските терористички групи и намерата за воспоставување на исламски калифат“). Своевремено телевизијата, заедно со други телевизии, се обидуваше да го наметне наративот дека поради мигрантската криза земјата треба што побрзо да излезе од домашната политичка криза. Притоа не прецизираше дали брзината на излегувањето од кризата подразбира исполнување на сите услови од договорите. Тоа се случуваше кога се наближуваше времето за одлука дали ќе има избори на 24 април.

<u>Користење на изворите:</u> Во најголем дел од прилозите (53 прилози) има само по еден извор, а во половина од нив (28 прилози) тој извор е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Потоа следуваат прилозите со два или повеќе извора чии ставови не се судираат (28 прилог), а во најголемиот дел од нив (20 прилози) станува збор за двајца или повеќе функционери од ВМРО-ДПМНЕ кои меѓусебно се поддржуваат или се надополнуваат. Само во 3 прилози имало спротивставени позиции. Во 2 прилога некритички се пренесуваат напаѓачки содржини од други медиуми (17 март: „Дали преку уличните немири СДСМ ќе издејствува одлагање на изборите. Извор на Дневник во партијата вели дека Заев е веќе свесен оти изборите не ќе можат веќе да бидат одложени оттука мобилизацијата на членството на улици ќе биде најчестата слика во месеците што следат до 5 јуни“).

<u>Директни обраќања:</u> Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски е застапен со 9 директни обраќања, пред лидерите на СДСМ Зоран Заев (3 обраќања) и на ГРОМ Стевчо Јакимовски (2 обраќања).

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Главен тип на манипулативна аудиовизуелна презентација беа промотивните прилози за претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски или за функционери на Владата, во кои и исполнувањето на редовните обврски на државата се претставуваше како достигнување (18 март: „Се решава горливиот проблем на жените од внатрешноста кои за мамографски преглед на градите мораа да патуваат до најблиската болница, каде има апарат за дијагностика“. Забележани се и други карактеристични примери.
(1) Прилогот за годишнината од формирањето на полициската единица „Тигри“ е направен како рекламен спот за неа, со драматична музика, снимки од вежби итн. Искористен е и за да се нападне Оливер Спасовски, дека не собрал храброст да им го честита роденденот (13 март: „Припадниците на оваа единица на полицијата која го носи приматот на безбедноста во државата денеска никој не ги удостои со поздравен говор или пак честитка. Министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски не собра храброст да се појави на роденденот“). Завршува со слоган, „хероите живеат вечно“.
(2) Додека се чита соопштение на ВМРО-ДПМНЕ (15 март), се емитува снимка од раководството на партијата во свечена сала како стои и ја пее химната на Македонија.

(3) Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски е емитуван како разгледува книги на промоцијата на стручни книги. Постојано е во кадарот, иако не се споменува во текстот (15 март).
(4) Се тврди дека на собирот организиран од ГРОМ пред Уставниот суд се собрале 15.000 луѓе, што не соодветствува ниту со реалната ситуација, ниту со емитуваните кадри, дури и најшироките.
(5) При известувањето за резултатите од анкетата на институтот „Павел Шатев“ во врска со партиските рејтинзи, додека се зборува за Никола Груевски, тој се прикажува како се поздравува со граѓани, а кога се споменува Зоран Заев, е прикажан како седи сам во канцеларија.

Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:

- (12 март, најава на прилог): Нов пат, нова канализација, изградба на автопат Гостивар-Кичево, повеќе од 1.000 вработувања се само дел од проектите за кои разговараше претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски со граѓаните на Кичево и кичевско.

- (14 март, генерална најава): СДСМ и невладините на Сорос тргнаа во финална офанзива против Уставниот суд, ќе суди како они сакаат или ќе го рушат

- (14 март, извештај): Инвестицијата која лани ја договори првиот човек на ВМРО ДПМНЕ и тогашен премиер Никола Груевски чини 150 000 евра.

- (16 март, анализа/коментар): На опозицијата не и` помогнаа ниту хулигание и лицата со дебело криминално досие, кои беа дел од контрапротестите. Народот не дозволи да се оствари сценариото кое требаше да биде продолжение на 5 мај, кога имаше насилни протести пред Владата.

- (17 март, анализа/коментар): Но некому, едноставно Ванхауте не му пречи, напротив непримерниот преговарач, провокатор и покрај сите небулозни твитови и навреди на нацијата, претставени преку чопорот мачиња, продолжува да гостува по опозициски дебати, претставен како врвен познавач на приликите, и човек чиј збор многу се цени.

**Втора недела (19 – 25 март 2016)**

Во известувачкиот период од 19 до 25 март на телевизија Алфа се објавени вкупно 93 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата им посвети на: мерките и проектите на Владата (15 прилози), предвремените парламентарни избори со фокус на избирачкиот список (13 прилози), работата на Специјалното јавно обвинителство (12 прилози) и на отчетот на ВМРО-ДПМНЕ (8 прилози), а меѓу другите теми застапени беа активностите на македонските политичари во врска со мигрантската криза (3 прилози), активностите на опозицијата (3 прилози), полициската акција во врска со случајот „Фабрика за афери“ (3 прилози), активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (3 прилози), состојбите со медиумите (2 прилога) и други теми.

Во најголем број известувања за овие теми телевизијата изразуваше позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ, и негативен и демонизирачки кон СДСМ.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата во вкупно 54 прилози изразила позитивен и фаворизирачки однос кон партијата ВМРО-ДПМНЕ. Во 26 прилози е забележан негативен и напаѓачки однос кон СДСМ, во 9 прилога кон Специјалното јавно обвинителство, во 2 кон бизнисменот и политичар Фијат Цаноски, во 1 прилог кон поранешниот медијатор во политичките преговори Питер Ванхауте, и во уште 1 прилог кон американската агенција УСАИД (22 март: „Покрај милионски суми кои секоја година се влеваат во буџетот на медиумите блиски до СДСМ, УСАИД објавува нов повик за дополнителни 3 милиони долари, објавува порталот Денешен“). Силен коментаторски однос е забележан во 5 напаѓачки прилози кон СДСМ (19 март: „Извори во комисијата наведуваат дека очигледно веселата математика на опозициските спин хедови не успеа, па паниката на екс Бихачка резултира со нов атак врз македонската институција. Сега се дискредитира ДИК“), и во исто толку пофални прилози кон ВМРО-ДПМНЕ (20 март: „Од една страна е

позитивистичкиот пристап со проекти и многу работа на владејачката партија и од друга безидејната негативност на опозицијата и СДСМ, пронижена со многу протести, опструкции и бојкотирања“).

(1) Силната пропагандна поддршка кон партијата ВМРО-ДПМНЕ продолжи и во оваа мониторирана недела, пред се` преку следењето три теми: мерките и проектите на Владата, отчетот на ВМРО-ДПМНЕ, и активностите на партискиот лидер Никола Груевски. Притоа телевизијата често ја преминуваше линијата меѓу известувањето и политичкиот маркетинг (20 март: „Над 3500 проекти, реформи се реализирани во изминативе 10 години. ВМРО ДПМНЕ со мега отчет пред граѓаните“). Отчетот на владејачката партија се следеше не само на денот кога се одржа големиот партиски настан во Скопје, туку и во наредните денови, заедно со последователните тематски отчети на министрите (23 март: „За 10 години отворени над 150 000 работни места, инвестициите во здравството се достигнати над 200 милиони евра. Отчет на ВМРО ДПМНЕ, новата програма ќе се стреми за уште подобар живот на граѓаните“). Се известуваше не само за новите владини проекти (24 март: „Шивачи, пекари, заварувачи,  фризери - ова се дел од 32-те дејности за кои Владата и Агенцијата за вработување ќе организираат обуки“), туку се повторуваат и досегашните достигнувања (22 март: „Инвестициите во инфраструктурата и во други објекти во комбинација со другите мерки за поддршка како проектите „Купи куќа, купи стан“ и „Купи куќа за млади“ го поттикнува градежништвото кое лани беше најјакиот сектор во македонската економија“). Не изостанаа ниту прилозите во стилот ветено-сторено од лидерот Груевски, со кои дури и се отвораа вестите (24 март: „Повторно бесплатни елаборати за легализација на објекти.По посетите на Груевски на општините решен проблемот на околу 5 000 граѓани“).

(2) Во врска со предвремените избори, телевизијата ја брани тезата дека не постојат проблеми во избирачкиот список, туку дека опозицијата ги создава за да ги избегнува изборите (20 март: „Главното прашање кое го поставуваат медиумите, е дали СДСМ го изгуби главниот адут во своето сценарио компромитирање на избирачкиот список“). Наспроти тоа, целосно се прифаќаат и се поддржуваат тврдењата дека во списокот има само технички пропусти (21 март: „Ги снема пола милиони фантомски гласачи на кои алудираше најголемата опозициска партија. Тоа што ДИК заклучи дека на терен ќе се проверуваат околу 100.000 гласачи чии податоци беа оценети за „неконзистентни“ ги опфаќа случаите кога на една адреса се впишани повеќе лица или постоењето на дивоградби“.

(3) Специјалното јавно обвинителство и обвинителката Катица Јанева беше еден од најнапаѓаните субјекти во мониторираниот период. Со коментаторски речник и со демонизирачки квалификации таа беше напаѓана на три теми. Во врска со непојавувањето пред собраниската комисија што требаше да го разгледува извештајот за нејзината работа, овие напади беа поблаги (21 март: „Столчето резервирано за Катица Јанева остана празно, специјалната обвинителка не се појави пред пратениците“). и се пренесуваа реакциите и на опозицијата. Тие се заострија по изјавата на обвинителката дека претседателот, пратениците и уставните судии се нелегитимни (23 март: „Социјалните мрежи вријат, а експертската јавност згозена по изјавите на специјалната обвинителка дека институциите во Макеоднија се нелегитимни“), и притоа се туркаше тезата дека таа целосно ги негирала институциите, а не само нивните носители. Нападите продолжија со ист интензитет и по акцијата на СЈО во просториите на Централниот регистар (24 март: „Вечерна драма во празна институција.  Централниот регистар на удар на специјалната обвинителка. Катица Јанева“).

(4) На удар на телевизијата се најдоа и повеќе други субјекти, на кои директно или индиректно им се атрибуираше поврзаност со опозицијата. Меѓу нив беа бизнисменот Фијат Цаноски, агенцијата УСАИД, како и медијаторот во политичките преговори Питер Ванхоуте (25 март: „На последниот работен ден како најлош и најпристрасен медијатор во историјата, Ванхауте повика на насилно одземање на  власта“. Телевизијата ја става целосно во политички контекст акцијата на МВР во врска со случајот „Фабрика за афери“, во кој беа уапсени членови на семејството на прввоосомничениот Захир Бекири Чауш (25 март: „Чауш важи за истакнат член на СДСМ, неговата сопруга е дел од партиските вработувања на СДСМ и платата ја зема од општинската фирма „Паркинзи Центар“, каде директорува Саша Богдановиќ, претседател на општинскиот огранок на СДСМ во скопски Центар“).

Користење на изворите: Во најголем дел од прилозите (43 прилози) има само по еден извор, а во речиси половина од нив (20 прилози) тој извор е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Потоа следуваат прилозите со два или повеќе извора чии ставови не се судираат (26 прилози), а во дел од нив (10 прилози) станува збор за двајца или повеќе функционери од ВМРО-ДПМНЕ кои меѓусебно се поддржуваат или се надополнуваат. Во 6 прилози имало спротивставени позиции. Телевизијата се повикува на „експерти" или на „упатените" во прилози во кои никој не е цитиран во тоа својство. Во 4 прилози некритички се преземени напаѓачки и клеветнички содржини од интернет-портали (19 март. „Порталот Журнал пренесе дека началничка унапредена од Оливер Спасовски е фатена на Меџитлија во автомобил на дилер на дрога со наркотици кај него").

Директни обраќања: Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски е застапен со 7 директни обраќања, од кои 2 се стари изјави искористени во прилози од типот ветено-сторено. Емитувано е едно обраќање од лидерот на ГРОМ Стевчо Јакимовски. Од првиот човек на СДСМ Зоран Заев се емитувани 2 стари изјави кои се искористени во прилози против него, и ниту една од актуелниот период.

Аудиовизуелна презентација: Промотивните прилози за проектите на Владата и на другите институции, како и на партијата ВМРО-ДПМНЕ, беа главен тип на манипулативна аудиовизуелна презентација. Забележани се и други случаи:

(1) Во прилози за отчетот на ВМРО-ДПМНЕ (21 март) се емитува химната на партијата.
(2) При читање соопштение од ВМРО-ДПМНЕ (21 март) се емитуваат кадри од раковоството на партијата во свечена сала како стојат при интонирањето на химната. Не е прв случај да се користи оваа снимка.
(3) Во прилог за проектот „Скопје вело-град" (21 март) се емитува рекламен спот за него.
(4) Иста анкета со граѓани се користи два дена (20 и 22 март), во првиот случај во прилог колку ВМРО-ДПМНЕ е подобра од СДСМ, а во вториот во прилог колку се задоволни граѓаните од градежната експанзија во државата.
(5) Подредување на прилозите: по пренесената изјава од претседателот на ЗНМ Насер Селмани (22 март) дека се потребни реформи во медиумите, се емитува прилог дека „УСАИД истура нови милиони за медиумите на СДСМ".
(6) Во прилог за отчетот на ВМРО-ДПМНЕ (23 март) речиси постојано во кадарот се гледаат рекламните спотови на партијата, емитувани на видео-бим во салата.
(7) Колумната на Џејсон Кац (23 март), за кого дел од јавноста веќе знае дека е платен лобист, е пренесена како став на весникот кај што е објавена, Вашингтон Тајмс. Не се споменува името на авторот.
(8) Никола Груевски повторно е емитуван како води разговори со локални жители (24 март) кои треба да создадат впечаток на спонтаност, иако микрофоните на телевизиите се меѓу соговорниците.

Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:

- (19 март, анализа/коментар): Агресивно, хаотично однесување, фралање тефтери, нареди и викање кон колегите. Социјалдемокартите го напуштија ДИК, бројот на фантомски гласачи четири ипол пати помалку од она што тие го тврдеа и посакуваа. Пресметките не им излегоа според планираното;
- (20 март, најава на интервју): Над 3500 проекти, реформи се реализирани во изминативе 10 години. ВМРО ДПМНЕ со мега отчет пред граѓаните;
- (21 март, извештај): Проекти, мерки, реформи, вработување, подобрување и олеснување на животот. Разликата помеѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ се состои во работа наспроти деструкција, 3500 дела наспроти дивеење и хаос на социјадемократите;
- (22 март, анализа/коментар): Упатените реагираат дека и специјалната обвинителка Јанева која денеска јавно се стави себе си над институциите делува политички пристрасно и се води по постапките на СДСМ.

**Трета недела (26 март – 1 април 2016)**

Во известувачкиот период од 26 март до 1 април на телевизија Алфа се објавени вкупно 102 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата им посвети на: промоција на проекти и мерки на Владата и на другите институции (23 прилози), подготовките за предвремените парламентарни избори (10 прилози), Специјалното јавно обвинителство (10 прилози) и активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (7 прилози). Меѓу другите теми, застапени беа: отчетите на владините претставници (4 прилози), состојбите во економијата (4 прилози), полициската акција во липковско (3 прилози), активностите на опозицијата (2 прилога) итн. Во најголем број известувања за овие теми телевизијата изразуваше позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ, и негативен и демонизирачки кон СДСМ.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата во вкупно 58 случаи изразила позитивен и фаворизирачки однос кон партијата ВМРО-ДПМНЕ. Во 25 случаи е забележан негативен и напаѓачки однос кон СДСМ, во 10 случаи кон Специјалното јавно обвинителство, а во 1 прилог кон поранешниот посредник во политичките преговори, Питер Ванхауте. Коментаторска содржина е забележана во 9 демонизирачки прилози кон СДСМ (27 март: „Ветер и магла вака може да с е нарече првата голема акција откако Оливер Спасовски стана миниастер за внатрешни работи“) и во 3 фаворизирачки кон ВМРО-ДПМНЕ.

(1) Телевизијата не отстапи од својот стандарден формат на вести, со силна промоција на владините проекти, вклучително и на активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, без оглед на важните актуелни случувања во мониторираниот период. Маркетиншкиот речник е особено изразен во известувањето (28 март: „Бесплатните проекти на Владата обезбедуваат милиони заштеди на граѓаните, ќар имаат учениците, студентите, земјоделците, социјално ранливите категории“). Груевски, иако има само партиска функција, е претставуван како зборува во име на државата (29 март: „Досега се потпишани 8.700 договориза закуп на вакво земјиште, а оваа политика Владата ќе ја продолжи се` додека постои нераспределено земјиште за кое постои интерес, рече денеска претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски“). Дури и нешта што треба да бидат редовни обврски на државата, се прикажуваат како достигнувања на власта (1 април: „После 60 години училиштето во реканското село Скудриње добива централно греење“).

(2) Во врска со одржувањето на предвремените парламентарни избори, прилозите на телевизијата се главно информативни, околу процесот на прочистување на избирачкиот список, почетокот на мисијата на ОБСЕ/ОДИХР итн. Сепак, уште пред да заврши процесот што го води Државната изборна комисија, медиумот ја застапува тезата дека нема т.н. фантомски гласачи, и дека тоа се конструкции што ги прави опозицијата за да манипулира со граѓаните (29 март: „Полека излегува на виделина зошто СДСМ на вчерашната седница на Државната изборна комисија се противеше да биде јавно објавен списокот на лица кои партијата ги прогласи за фантоми, иако истите беа претходно објавени кога беше ставен на увид избирачкиот список“).

(3) Телевизијата изразува отворен, експлицитен и силен напаѓачки и демонизирачки однос кон Специјалното јавно обвинителство предводено од обвинителката Катица Јанева, и кон двете негови истраги отворени во текот на мониторираната недела (30 март: Специјалната обвинителка Катица Јанева денеска помпезно на јавноста и презентираше нов случај, кој како и предходните е на стаклени нозе и повеќе наликува на политичка хајка отколку на правно издржана истрага“). Силно се алудира на поврзаност меѓу ова обвинителство и СДСМ, и општата тенденција е тоа да се прикаже како предизборен инструмент на партијата, а не како правна институција (28 март: „Очајниот и никаков рејтинг на СДСМ и во иднина ќе резултира со политички настапи на Катица Јанева“.

(4) Беа емитувани неколку прилози за општите состојби со економијата, во кои оценките на претставниците на Владата се прифаќаа без резерва и се пренесуваа некритички.(31 март: „Растот на индустриското производство од 15,2 проценти е добар резултат и одличен старт што создава очекувања и надеж дека вкупниот раст на економијата годинава ќе биде добар, посочи вицепремиерот Зоран Ставрески ).

МОДЕМ MACEDONIA DEMOCRACY WATCH
INSTITUTE OF COMMUNICATION STUDIES
British Embassy Skopje
Kingdom of the Netherlands

(5) Ретко се покриваа партиските активности на опозицијата, и тоа се вршеше пред се` само со пренесување на изјавите на нејзините претставници, преку статични кадри, додека прилозите во кои се презентираа активностите на власта или на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Груевски, имаа многу побогата аудиовизуелна презентација. Поради тоа, обидот на медиумот да прикаже барем делумна избалансираност во известувањето беше неуспешен.

<u>Користење на изворите:</u> Во најголем дел од прилозите (61 прилог) има само по еден извор, а во речиси половина од нив (29 прилози) тој извор е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Потоа следуваат прилозите со два или повеќе извора чии ставови не се судираат (28 прилог), а во дел од нив (7 прилози) станува збор за двајца или повеќе функционери од ВМРО-ДПМНЕ кои меѓусебно се поддржуваат или се надополнуваат. Само во 4 прилози имало спротивставени позиции. Има и прилози во кои се користат недефинирани извори, како „познавачите велат“.

<u>Директни обраќања:</u> Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски е застапен со 9 директни обраќања од актуелниот период и едно повторено од порано, во прилог од типот ветено-сторено. Единствен друг лидер што беше емитуван со директно обраќање беше првиот човек на ГРОМ Стевчо Јакимовски (2 обраќања), инаку коалициски партнер на ВМРО-ДПМНЕ.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Главен тип на манипулативна аудиовизуелна презентација беа промотивните прилози за претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски или за функционери на Владата. Забележани се и други карактеристични примери, од кои дел не се само манипулации, туку и лаги.
(1) Во прилог за случајот „Тортура“ (28 март), се вели дека по апсењето на Љубе Бошкоски, во јавноста се појавиле снимки на кои се гледало дека тој „го продава“ името. Но Бошкоски беше уапсен во 2011 година, а овие видеоснимки се појавија во 2015 година, веднаш откако СДСМ ги објави снимените телефонски разговори кои сугерираат наводно психичко малтретирање при неговото приведување. Инаку и самата снимка од „продавањето“ на името се појави на интернет од непознат извор, а се верува дека се дел од полициските посебни истражни мерки.
(2) во најавата на прилог за прес-конференција на народниот правобранител Иџет Мемети (28 март), се тврди дека најмногу жалби од институциите имало откако стапиле на функција техничките министри од редовите на опозицијата, Оливер Спасовски и Фросина Ременски, но тоа не е потврдено со изјавата од прилогот.
(3) Уредникот на вестите на 29 март, Коле Чашуле, самиот се претстави дека бил на списокот на „фантомски гласачи“, но на гледачите им порача дека можат да го видат на екраните и да заклучат дека сепак не бил фантом.
(4) Во прилог за посетеноста на земјава од странски туристи (31 март) се вели дека предничат Французите, што не е точно (државјаните на Франција, според податоци што беа објавени во француски медиум, сочинуваат само 1,5 отсто од вкупниот број посетители на Македонија).

<u>Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:</u>

- (27 март, анализа/коментар): Четирите пункта со припадници на ПЕП и оклопни транспортери кои вчера беа распоредени на влезот од Брњарци, Арачиново, Грушино, Никуштак, денеска никаде ги нема, како да биле само декор за министерот Оливер Спасовски да се слика со нив кога вчера одеше кон Матејче. Од превентивниот албум на министерот се збогати само неговиот профил на фејсбук и инстаграм, за партиското членство да аплаудира.
- (29 март, најава на прилог): Не стивнуваат реакциите од вчерашниот настап на СЈО и нивните обвинувања во врска со апсењето ан Љубе Бошкоски. Граѓаните со неверување гледаат на сета ситуација и сметаат дека на СЈО многу поважно му е дали некој некого опцул, отколку дали некој незаконски земал пари, а за тоа тргувал со името на државата.
- (31 март, вест): Ова е е една од 40-те мерки за младите кои ги најави лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, а кои, меѓу другото, предвидуваат изградба на спортски сали, повеќе наменски кошаркарски и тениски терени и игралишта, пливачки базени, читални, библиотеки...

- (1 април, најава на прилог): Економијата оди во нагорна линија. Државната статистика измери раст наиндустриското производство од 15,2 отсто во февруари. Највисок месечен скок во последните 5 години. Ова според лидерот на ВМРО-ДПМНЕ е показател дека политиите се правилно поставени.

**Четврта недела (2 – 8 април 2016)**

Во известувачкиот период од 2 до 8 април на телевизија Алфа се објавени вкупно 96 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата им посвети на: предвремените парламентарни избори (17 прилози), проектите и мерките на Владата (16 прилози), состојбите со економијата (7 прилози), активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (7 прилози), министерските смени во ДУИ (4 прилози), мигрантската криза (4 прилози), развојот на случаите отворени од Специјалното јавно обвинителство (3 прилози) и други теми.

Во најголем број известувања за овие теми телевизијата изразуваше позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ, и негативен и демонизирачки кон СДСМ.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата во вкупно 62 случаи изразила позитивен и фаворизирачки однос кон партијата ВМРО-ДПМНЕ. Во 26 случаи е забележан негативен и напаѓачки однос кон СДСМ, во 5 случаи кон Специјалното јавно обвинителство, и во по еден случај кон Државната изборна комисија, граѓанската асоцијација МОСТ, и бизнисменот и политичар Фијат Цаноски. Коментаторска содржина е забележана во 11 демонизирачки прилози кон СДСМ (2 април: „Како кула од карти се уриваат лагите на СДСМ во соработка со Катица Јанева“) и во 4 фаворизирачки кон ВМРО-ДПМНЕ (7 април: „Владејачката партија настапи со досега најобемна програма и неколкучасовен отчет на ветеното и сработеното, опозицијата според вокабуларот на Заев оди на избори со враќање како што вели факелот на слободата, фраза која што се повтори неколку пати во најавата за бојкотот“)

(1) Телевизијата редовно зазема напаѓачки однос кон партијата СДСМ, но во овој мониториран период тоа имаше зголемен интензитет. Понекогаш стануваше збор за пренесени напаѓачки содржини од други медиуми (6 април: „Најголемата опозициска партија СДСМ со крајни напори се обидува да избега од вонредни парламентарни избори кои треба да с еодржат на 5 јуни, пиштува порталот Курир“). Во дел прилози имаше повикување на експертски мислења (8 април: „Обемна програма за граѓаните наспроти деструкции и протести. Актуелната криза која свесно се креира го поткопува идентитетот, значи и обид за промена на власта од страна на опозицијата, велат познавачите по политичките случувања во земјата“). Но во одреден број случаи телевизијата и самата си извлекуваше заклучоци (7 април: „На сите веќе буквално им е преку глава од пролонгирањето на политичката агонија, која како вирус го зафати макеоднското општество“). Дури и неконкретните изјави од меѓународната заедница беа произволно толкувани дека се насочени против СДСМ (8 април: „Меѓународните претставници притискаат опозицијата да учествува на изборите закажани за 5 јуни“).

(2) Без оглед на актуелностите, на телевизијата „Алфа“ повторно најмногу простор се одвојува за мерките и за проектите на Владата (5 април: „Од почетокот на мега проектот „Македонија вработува“ биле креирани над 16.600 работни места во над 9.000 компании). Груевски и натаму настапува и зборува во име на државата, што е беспоговорно пренесувано од медиумот (3 април: „Денеска во свечена обиколка на новиот објект беа директорите на надлежните институции, министерката на култура, Канческа Милевска и лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски“). Во оваа категорија не изостануваат ниту пофалните прилози за исполнувањето на редовните обврски на државата (5 април: „По повеќе од 5 децении откако била изградена амбулантата во Маџари доби нов лик“). Во еден прилог, пак, лидерот на владејачката партија е претставен како спасител од транзициското пропаѓање на државата, со спасот на неколку индустриски објекти (7 април: „Запуштените фабрики, загубарите, затворените рудници се будат од зимскиот сон, работниците се враќаат на работа“). Линијата меѓу известувањето и политичкиот маркетинг често се пречекорува.

(3) Два извештаи во врска со состојбата на македонската економија што беа актуелни во известувачкиот период (кредитниот рејтинг од „Стандард и пурс“, и регионалниот извештај од Светска банка) послужија за да се развие приказна дека економијата е одлична, која провејуваше во текот на целата мониторирана недела. Притоа, освен извештаите, се користеа и нивните толкувања од претставниците на владејачката партија (8 април: „Позитивните оценки, но и резултатите што ги остварува Македонија на економски план, според претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Груевски се должи на добрите економски политики и бројните антикризни мерки на Владата“), како и други мислења што одеа во прилог на таа теза (2 април: „Фирмите во Македнија плаќаат најниски даноци. Тоа се стотици милиони евра годишно директна помош од владата за домашните фирми преку даночната политика, смета вицепремиерот и министер за финансии Зоран Ставревски “). Груевски е емитуван и со изјава дека Македонија има најниски даноци на планетата (4 април).

<u>Користење на изворите:</u> Во најголем дел од прилозите (49 прилози) има само по еден извор, а во дел од нив (19 прилози) тој извор е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Потоа следуваат прилозите со два или повеќе извора чии ставови не се судираат (28 прилог), а во дел од нив (7 прилози) станува збор за двајца или повеќе функционери од ВМРО-ДПМНЕ кои меѓусебно се поддржуваат или се надополнуваат. Само во 7 прилози имало спротивставени позиции. Телевизијата во четири случаи како извор користеше текстови објавени во други медиуми и портали, домашни и странски, а во еден случај е забележана и манипулација со извори (5 април, во прилог за вработувања во СЈО, се вели „според експертите“, а не е консултиран ниту еден експерт).

<u>Директни обраќања:</u> Пристрасноста во известувањето се гледа и во застапеноста на политичките лидери. Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ беше застапен со 13 директни обраќања. Меѓу другото, целиот негов говор од 7 април, во траење од 23 минути, беше пренесен на крајот од вестите на тој датум. Од другите лидери, Зоран Заев од СДСМ и Стевчо Јакимовски од ГРОМ беа застапени со по две обраќања, а првиот човек на Сојузот на Ромите Амди Бајрам, со едно.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Главен тип на манипулативна аудиовизуелна презентација беа промотивните прилози за претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски или за функционери на Владата. Единствен друг карактеристичен случај беше прилогот на 4 април, во кој се вели дека „балканските медиуми“ ја скенираат состојбата во Македонија, а цитиран е само текст објавен на хрватскиот портал Директно.хр, во кој авторот изнесува теза дека зад политичката криза во Македонија стои обид да се урне власта на ВМРО-ДПМНЕ за да се смени името на државата (5 април: „Опозицијата поддржана од повеќе амбасади сака да ја смени власта за да го смени името. Ова е најновата поента во најновиот текст на хрватскиот медиум“).

<u>Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:</u>

- (3 април, извештај): Фактот дека „Џонсон Контролс“ реинвестира во Македонија, според лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, е потврда за успешноста на владините политики за подобрување на бизнис климата и креирање плодна почва за вложување
- (4 април, најава на прилог): ДИК полека се претвора во партиски огранок на СДСМ. Додека геенералниот секретар на комисијата, какод а бара начин само да ги одложи работите, неговата сопруга држи говор на партиски митинг на СДСМ барајќи фер и демократски избори што треба да ги обезбедиако никој друг, туку токму нејзиниот сопруг
- (7 април, најава/коментар): Предмалку Заев и СДСМ повторно се пишманија. Министрите дадоа оставка, се жалеа што не им била прифатена. Бараа итна седница на парламентот за да ги усвои. Заев синоќа се жалеше дека биле држени како заложници од ВМРО-ДПМНЕ, а сега за помалку од 24 часа или поточно за само 18 часа потоа, Заев ги враќа на сцена. МВР и Труд и социјала не можеле да функционираат без Спасовски и Ременски, изјави по ново лидерот на опозицијата.
- (8 април, извештај): Ромите во Македонија задоволни од условите за живеење кои им ги овозможува државата. Отворање на голем број работни места, подобрување на условите во образованието и здравството, се само дел од причините поради кои Сојузот на Ромите останува дел од коалицијата „За подобра Македонија“, посочи Бајрам. Токму поради

исполнувањето на зацртаните цели и проекти, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ посочи дека во Сојузот на Роми гледа сигурен партнер и за во иднина. За негувањето на почитта кон Ромите, според Груевски, говори и тоа што беа прогласени и нивни празници.

## 11. КАНАЛ 5

**Прва недела (12 – 18 март 2016)**

Во известувачкиот период од 12 до 18 март 2016 година на телевизијата Канал 5 се објавени вкупно 90 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најзастапени теми беа: проектите и мерките на Владата или на владејачката партија (17 прилози), активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (13 прилози), настаните во и околу Уставниот суд (11 прилози), темите поврзани со предвремените парламентарни избори (9 прилози), бегалската криза (7 прилози), активностите на опозицијата (7 прилози), работата на Специјалното јавно обвинителство (4 прилози) итн. Во најголем дел во известувањата на овие теми е забележан фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и негативен и демонизирачки кон СДСМ.

Коментари и оценки во вестите: Во текот на известувачкиот период телевизијата имаше фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон нејзините функционери во 24 прилози, а негативен, напаѓачки и демонизирачки кон СДСМ во 9 прилози. Што се однесува до коментаторските содржини, тие се сретнуваат во пет напаѓачки прилози кон СДСМ (14 март: „Класичен линч врз дижавните институции. СДСМ и Сорос во континуитет го спроведуват ваквото сценарио, велат експертите“), или кон Специјалното јавно обвинителство (12 март: „Катица Јанева ја опструира правдата и продолжува да рабноти надвор од законот пишува порталот Курир“).

(1) И покрај важните политички случувања за земјата, телевизијата посвети најмногу прилози за разни проекти и мерки на Владата или на други институции раководени од кадри на ВМРО-ДПМНЕ. Свое место во дневникот најдоа и репортажа за бесплатно патување на пензионерите со воз (12 март: „Пензионерите масовно ја користат владината мерка за бесплатен железнички превоз“), и извештај за изградба на пат од еден километар (16 март: „Претседателот на владата за спроведување на изборите Емил Димитриев денеска го означи стартот на градежните активнмости за изградба на патот во селото Живилово во должина од еден километар“). Имаше денови во кои овој тип прилози беа поместени понапред од политичките настани (14 март: „Владата започна со реализација на мерките за бесплатни обуки за странски јазици и бесплатни обуки за основни компјутерски вештини“). Овие содржини не се само информативни, туку служат и за политички маркетинг, како на пример интервјуто на министерот за здравство Никола Тодоров во врска со отворањето на нов центар за цистична фиброза (15 март), каде што е емитуван со изјава дека „во програмата за изборите во 2014 година ветиле ваков центар, и сега исполнуваат“.

(2) Сето тоа беше уште позасилено кога станувaше збор за покривањето на активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски. Вестите се отвораа со прилозите за него во стилот ветено-сторено (13 март: „Пожарникарите добиваат бенифициран стаж и поголема заштита на нивните работни задачи, објави претседателот на на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски на својот профил на фејсбук“), дури и кога станува збор за најава на проекти што треба да бидат редовна обврска на државата, (15 март: „Ќе се реализира уште еден проект што го бараа жителите од општина Сопиште од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски. Ќе се гради патот Сопиште-Говрлево“). Неговата застапеност во вестите воопшто не се намалува поради тоа што во моментов нема државна функција, туку е само лидер на политичка партија. Поради тоа, телевизијата дури прави целосна симбиоза меѓу партијата и државата (14 март: „Груевски вели дека ВМРО-ДПМНЕ продолжува со реконстукција и изградба на нови болници“). Од една негова теренска посета, се емитуваа и по три прилози (17 март: „Груевски најави продолжение на проектот за изградба на социјални станови“; „Груевски на сердба со жителите од општина Ѓорче Петров“; „Годинава ќе се градат пет експресни патишта“). Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ е претставен како некој што ги води процесите во државата, зборува во име на државата, ги носи одлуките, а нему му реферираат не само

министрите од Владата, туку и градоначалниците, што е спротивно на уставното начело на автономија на локалната самоуправа. Не изостанаа ниту театралните дијалози меѓу него и жители или функционери, кои се водат како да се спонтани, но со телевизиските микрофони меѓу соговорниците.

(3) Телевизијата зазема јасен и недвосмислен антиопозициски став во врска со двете главни политички теми. Во известувањето за настаните поврзани со одлуката на Уставниот суд да ги укине ограничувањата во Законот за помилување, опозицијата се обвинува за антидржавно однесување и се игнорираат нејзините аргументи дека зголемените овластувања на претседателот, особено можноста да помилува лица осудени за изборни нерегуларности, доаѓа во време кога се води процес за такви нерегуларности против функционери на владејачката партија (15 март: „Државните органи на удар на опозицијата и нивните експоненти"). Во врска со откриените нерегуларности во избирачкиот список, телевизијата ја отфрла можноста дека имало злоупотреби на списокот. Иако се пренесени ставовите и на власта и на опозицијата, не се прави јасна дистинкција меѓу тоа што е став на владејачката партија, а што на медиумот (17 март: „ВМРО-ДПМНЕ ја осудува најновата операција на СДСМ и медиумите контролирани од партијата и Сорос, кои тргнаа во операција за прогласување на Македонија како фантомска држава").

(4) Во известувањето за извештајот на специјалната обвинителка Катица Јанева доставен до Собранието, се обрнува внимание пред се` на трошоците што ги прави, отколку на нејзината работа (18 март: „Не е прв пат обвинителката да го понижува советот и граѓаните кој ги плаќаат 3 илјади евра кој секој ден ги троши нејзиниот тим").
Користење на изворите: Во најголем дел од прилозите се користи еден извор (46 прилози), од кои во речиси половина (22 прилози), тој извор е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Од прилозите каде што се користат два или повеќе извори, тие почесто се согласуваат или имаат барем неутрален однос едни кон други (22 прилози), а во поголемиот дел од нив (12 прилози) станува збор за по двајца или повеќе претставници на власта или на владејачката партија како се надополнуваат. Најмалку прилози се емитувани (3 прилози) во кои изворите имаат различни или спротивставени стојалишта. Во четири случаи телевизијата некритички пренесуваше напаѓачки и клеветнички содржини против опозицијата или против други субјекти, од веб-портали или од други медиуми. Забележан е случај на манипулација со изворите, во кој се наведува дека се консултирани експерти, но никој не е именуван (12 март: „Ваквото делување на обвинителката Јанева, познавачите кои ги контактирал порталот, го толкуваат како обичен театар").

Директни обраќања: Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ беше најмногу застапен со 12 обраќања, од кои едно беше емитувано трипати, двапати во најавите и еднаш во прилогот. По него следуваа лидерот на ГРОМ Стевчо Јакимовски со три обраќања, и првиот човек на СДСМ Зоран Заев со две.

Аудиовизуелна презентација: Доминантен тип на манипулативна аудиовизуелна презентација беше емитувањето промотивни содржини за Владата, владејачката партија, и за лидерот Никола Груевски, како дел од вестите. Забележани се и други карактеристични случаи.
(1) Наведување на соговорниците во анкета. Во известувањето од собирот на поддржувачите на Уставниот суд (15 март), се прашуваат „доликуваат ли закани од типот - ќе го запалиме Уставниот суд". (2) Во најавата за протестот и контрапротестот меѓу оризопроизводителите во кочанско (15 март), презентерката вели дека судирот бил меѓу невладини активисти и оризопроизводителите, затоа што протестирачите се претставиле како членови на здружение „Бело злато" од Кочани. Не беа признати како оризопроизводители и се нагласи нивната поврзаност како граѓанско здружение, затоа што телевизијата често шири негативна кампања против граѓанскиот сектор, особено оној дел за кој вели дека е финансиран од Сорос. Прилогот, од друга страна, е сосема коректен и еднакво ги презентира ставовите на двете страни. (3) Во известувањето за протестите пред Уставниот суд, се вели дека во одбрана на судот застанале 15.000 граѓани, што не можеше да се види ниту од најшироките кадри. Игнорирана е реалната состојба во која оние што протестираа против одлуката на судот беа побројни. (4) Во најавата за посетата на лидерот на СДСМ во Велес (18 март) е споменато дека бил пречекан со транспаренти дека велешани на СДСМ не му ја заборавиле транзицијата, иако такво нешто нема во прилогот.

Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:

- (14 март, најава/коментар): Манипулациите на СДСМ со избирачкиот список се без реална основа.
- (15 март, најава/коментар): Полицијата интервенираше во Облешево каде невладина организација излезе на протест, додека оризопроизводителите од кочанско јасно им кажаа да не ја мешаат политиката во земјоделството. Невладините од утрово го блокираа магистралниот пат Кочани-Штип.
- (17 март, извештај): Претседателот ан владејачката партијапотенцира дека од следната година социјални станови ќе се градат и во 4 други градови ширум државата.
- (18 март, најава на прилог): Груевски денес најави дека продолжуваат успешните проекти како што е рурален доктор и изградбата на патиштата во овој регион.

**Втора недела (19 – 25 март 2016)**

Во известувачкиот период од 19 до 25 март 2016 година на телевизијата Канал 5 се објавени вкупно 77 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најзастапени теми беа: случувањата поврзани со предвремните избори и со избирачкиот список (14 прилози), проектите и мерките на Владата (10 прилози), отчетот на ВМРО-ДПМНЕ (9 прилози) и работата на Специјалното јавно обвинителство (9 прилози). Меѓу другите теми, беа застапени активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (4 прилози), полициската акција за случајот „Фабрика за афери“ (3 прилози), настаните поврзани со мигрантската криза (2 прилога), активностите на опозицијата (2 прилога) итн.

Во најголем дел во известувањата на овие теми е забележан фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и негативен и демонизирачки кон СДСМ.

Коментари и оценки во вестите: Во текот на известувачкиот период телевизијата имаше фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон нејзините функционери во 30 прилози, а негативен, напаѓачки и демонизирачки во 16 прилози кон СДСМ, во 4 прилози кон Специјалното јавно обвинителство, и во 1 прилог кон УСАИД. Што се однесува до коментаторските содржини, тие се сретнуваат во 4 напаѓачки прилози кон СДСМ (19 март: „Продолжува деструкцијата на СДСМ. Последните информации до кој дојде порталот Курир дека опозицијата ја напуштила ДИК откако се доклажало дека резултатите од проверката се најмалку 4 ипол пати помалку од тоа што го тврдеа“) и во 2 фаворизирачки кон ВМРО-ДПМНЕ (21 март: „Вчерашниот отчет на ВМРО-ДПМНЕ е најобемниот досега, со реализирани над 3.500 проеккти, мерки и реформи, во периодот од 2006 до 2016 година. А економијата и намалувањето на невработеноста се најзастапени во него“).

(1) За отчетот на ВМРО-ДПМНЕ се известуваше во пет од седумте мониторирани денови, дури и со по три тематски прилози на ден, за достигнувањата на партијата во економијата, здравството, инфраструктурата и во други области. Карактеристично за овие прилози беше дека не само што ја надминуваа линијата на политичкиот маркетинг (20 март: „Со отчетот практично владејачката партија уште еднаш ја покажува една од основите на начинот на нивното работење, дека треба да се работи, но треба и да се даде отчет на граѓаните, токму на оние граѓани кон кои се наменети сите овие проекти“), туку наликуваа и на економски реклами, особено тие за проектот „Купи куќа за млади“ (21 март: „Првиот модел се однесува за времетраење од 11 години, кога граѓаните од владините субвенции ќе добијат надомест за месечната рата. Со вториот модел, пак, сто насто е покриено учеството во банка за станбен кредит. Според надлежните, целта е постигната“)

(2) Политичкиот маркетинг не завршува со отчетот на владејачката партија. Тој се врши и преку промовирање на проектите на институциите раководени од кадри на ВМРО-ДПМНЕ (21 март: „Во јуни и јули стартува изградбата на експресниот пат Штип-Кочани, капитална владина инвестиција вредна 54 милиони евра, како и рехабилитација на патот Кочани- Македонска Каменица-Делчево, инвестиција тешка 6 милиони евра. Ова денеска при својата работна посета на Кочани го најави премиерот Емил Димитриев“). Застапени се и прилозите во стилот ветено-сторено од претседателот

на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, иако во помал број, бидејќи во периодот имаше помалку такви активности (25 март: „Општината Ѓорче Петров работи на реализација на проектот на владата Купи куќа за млади, по иницијативата на ВМРО ДПМНЕ и на Груевски за обезбедување на локцаии за градба“).

(3) Во прилозите поврзани со изборите и посебно со прочистувањето на избирачкиот список, се фаворизира позицијата тие да се одржат на 5 јуни, без понатамошно одложување. Се емитуваат прилози во кои однапред се отфрла можноста за нерегуларности во списокот и се дава алиби зошто би можеле да се појават повеќе гласачи на иста адреса (21 март: „Станува збор за граѓани чии податоци по вкрстената проверка биле оценети како неконзистентни, односно се работи за ситуации во кои на една адреса се регистрирани повеќе лица. Случаи каде што има адреси на лица со повеќе презимиња, на пример ако сопругот и сопругата по склучувањето на брак, решиле секој да го задржи своето презиме, или пак станува збор за села каде што нема броеви на куќите, туку сите се водат на иста адреса. Сето ова се вообичаени ситуации, ако се земе предвид системот на адреси во Република Македонија, како и населбите со дивоградби“). Интересни се изјавите на анкетираните граѓани, кои употребуваат и фрази што може да се слушнат и од самата владејачка партија (21 март: „На 5-ти јуни ќе им покажеме дека нема фантомски гласачи“). Се пренесуваат обвинувања против опозицијата дека ги измислува проблемите со списокот (20 март: “Фантомски гласачи немало и ќе нема. Сето тоа е лакрдија на СДСМ за градење на алиби за поразот што ги очекува, вели лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски. Според него, опозициската партија е во тотален хаос пред претстојните избори“).

(4) Специјалното јавно обвинителство и обвинителката Катица Јанева не се напаѓаат толку жестоко во врска со непојавувањето пред Собраниската комисија каде што беше разгледуван извештајот за нејзината работа, туку многу повеќе за други случаи, како преземањето на случајот „Космос“ во врска со уривањето на зградата на бизнисменот Фијат Цаноски (21 март: „Политички нарачки наместо право.Заради блискоста со Заев, Јанева го амнестира Цаноски и отвора предмет за уривањето на дивоградбата Космос, пишува порталот Курир“). Особено негативни се прилозите во врска со нејзината изјава дека претседателот и пратениците се нелегитимни (22 март: „Скандалозно однесување на Катица Јанева: сите институции биле под нејзини нозе“), и притоа не се прави разлика дека таа не ги негирала самите институции, туку нивните носители. Следниот ден е обрјавено нејзиното објаснување во врска со тоа.

(5) Во случајот со т.н. „Фабрика за афери“ особено се инсистира на поврзаноста на осомничениот Захир Бекири Чауш и на другите, со партијата СДСМ (25 март: „Во јавноста пред извесно време се појавија и фотографии од челниците на СДСМ со дел од осомничените, а во меѓувреме и претседателот на СДСМ јавно изјави дека Захир Бекири Чаушот е член на СДСМ и дека со него се среќавал во неговиот кабинет“).

Користење на изворите: Во најголем дел од прилозите се користи еден извор (46 прилози), и во релативно мал дел од нив (14 прилози), тој извор е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Од прилозите каде што се користат два или повеќе извори, тие почесто се согласуваат или имаат барем неутрален однос едни кон други (23 прилози), а во речиси половина од нив (11 прилози) станува збор за по двајца или повеќе претставници на власта или на владејачката партија како се надополнуваат. Најмалку прилози се емитувани (8 прилози) во кои изворите имаат различни или спротивставени стојалишта. Во четири случаи телевизијата некритички пренесуваше напаѓачки и клеветнички содржини против опозицијата или против други субјекти, од веб-портали или од други медиуми, а во дел прилози се повикува на „експерти“ или на „мислењето на граѓаните“ иако никој не е емитуван.

Директни обраќања: Емитувани се четири обраќања од лидерот на СДСМ Зоран Заев, од кои три беа негови стари изјави, што беа употребени против него (за непризнавање на институциите, за поврзаноста со Чауш и други), како и една стара изјава од лидерот на ПЕИ Фијат Цаноски. Најзастапен е претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски со 11 обраќања, од кои една стара изјава во прилог од типот ветено-сторено. Со едно обраќање е застапен и претседателот на ГРОМ Стевчо Јакимовски.

Аудиовизуелна презентација: Доминантен тип на манипулативна аудиовизуелна презентација беше емитувањето промотивни содржини за Владата, владејачката партија, и за лидерот Никола Груевски, како дел од вестите. Забележани се и други карактеристични случаи.

(1) Во прилог дека СДСМ не основано го оспорува избирачкиот список (19 март), емитувани се последните анкети за рејтинзите на политичарите од институтот „Павел Шатев", за да се сугерира дека опозицијата се обидува да ги спречи изборите

(2) Во телопот стои „Кавадарчани ќе бидат ослободени од плаќање вода и комуналии" (19 март), иако не станува збор за сите жители на градот, туку само за социјалните случаи.

(3) Во преземените делови од интервјуто со Никола Груевски на Сител (20 март), се емитуваат снимки од дрон од митингот на владејачката партија на 18 мај 2015 во Скопје

(4) Подредување на прилозите: по коректниот прилог за непојавувањето на Катица Јанева пред собраниската комисија (21 април), се пренесува текст од „Курир" според кој таа по налог на Зоран Заев го штити Фијат Цаноски. Телевизијата на овој начин сака да се огради од негативниот однос што го има кон одредени субјекти, иако медиумот одговара за целата содржина што ја емитува.

(5) Скриена пропаганда: во прилог за поправка на патг во општината Долнени (21 март), емитуван е министерот за транспорт Владо Мисајловски како вели: „Се слушнав јас со претседателот Груевски, тој ми спомна да дојдам тука, да се видам со вас, не само да ветиме, туку и да видам каква е ситуацијата". Груевски се претставува како наредбодавач иако нема државна функција во моментов.

(6) Се пренесува текст од Курир дека „УСАИД обезбедил дополнителни три милиони евра за медиумите на СДСМ и Сорос" (22 март), иако станува збор за оглас за грантови кој е отворен за сите, вклучувајќи ги и самите Курир и Канал 5.

(7) Во пренесениот текст од Вашингтон Тајмс (23 март) се употребуваат фрази како „според авторот" или „според весникот". Не се именува авторот, Џејсон Кац, за кого стана познато кај дел од јавноста дека е платен лобист.

(8) Во најавата за посетата на министерот за здравство Никола Тодоров на М. Каменица (24 март) и предавањето нов мамограф, се набројуваат разни проекти што биле спроведени од Владата во таа општина, кои воопшто не се поврзани со здравството (пат, вработувања, водовод итн.).

Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:

- (21 март, извештај): ВМРО ДПМНЕ повторно демонстрираше лидерство во политичката комуникација коментиара познавачите. Целиот настан беше еден вид на јавна седница на носителите на фунцкии во ВМРО ДПМНЕ каде тие реферираа за сработеното;
- (21 март, најава/коментар): Политички нарачки наместо право.Заради блискоста со Заев, Јанева го амнестира Цаноски и отвора предмет за уривањето на дивоградбата Космос, пишува порталот Курир;
- (22 март, генерална најава): Кај нас продолжува театарот на Катица Јанева. Специјалната обвинителка не се појавува во Собранието, а своето скандалозно однесување го круниса со изјавата дека и натаму ќе си го зголемувала личното богатство;
- (24 март, најава на прилог): Во Македонска Каменица се вработени 90 млади лица преку проектот Македонија вработува и мерките за вработување на лица до 29 години. На денешната посета на М. Каменица министерот Тодоров ја посети болницата, каде е набавен нов мамограф. Меѓу проектите реализирани во оваа општина се и реконструкција на патот до Делчево во вредност од 75 милиони денари, како и секундарната водоводна мрежа;
- (25 март, коментар на уредник): Остануваат уште две дилеми, како тоа душекот кај Захир Бекири Чаушот бил побезбедно место, затоа што знаеме кон крајот на годината специјалната обвинителка велеше дека сефот во специјалното обвинителство не бил доволно безбеден за

прислушуваните разговори, и втора работа, како тоа се нашле три телефонски апарати во ќелијата на Чауш, но тоа сигурно допрва ќе го утврдува истрагата.

**Трета недела (26 март – 1 април 2016)**

Во известувачкиот период од 26 март до 1 април 2016 година на телевизијата Канал 5 се објавени вкупно 86 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најзастапени теми беа: проектите и мерките на Владата или на владејачката партија (15 прилози), случувањата поврзани со одржувањето на предвремените парламентарни избори, пред се` со прочистувањето на избирачкиот список (12 прилози), активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (9 прилози) и Специјалното јавно обвинителство (8 прилози). Беа застапени и темите за работата на министрите од опозицијата (5 прилози), за активностите на опозицијата (4 прилози), оставките на министрите од ДУИ (4 прилози), предлог-законот за кривична постапка (2 прилога), отчетите на ВМРО-ДПМНЕ (2 прилога) и други теми.

Во најголем дел во известувањата на овие теми е забележан фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и негативен и демонизирачки кон СДСМ, но и кон Специјалното обвинителство.

Коментари и оценки во вестите: Во текот на известувачкиот период телевизијата имаше фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон нејзините функционери во 35 прилози, а негативен, напаѓачки и демонизирачки во 16 прилози кон СДСМ и во 6 прилози кон Специјалното јавно обвинителство (31 март: „Со синоќа донесеното решение станува јасно дека Јанева и Специјалното обвинителство го спасуваат Верушевски и неговите соработници, кои повикаа на насилство, вели универзитетскиот професор Оливер Андонов“). Што се однесува до коментаторските содржини, тие се сретнуваат во шест напаѓачки прилози кон СДСМ (1 април: „Како што е познато, Захир Бекири Чаушот е член на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, а бил и гостин во кабинетот на Зоран Заев, како што и самиот лидер на СДСМ неколкупати изјави“), и во 2 пофални кон ВМРО-ДПМНЕ (30 март: „Уште една одлична вест за граѓаните која значи нови вработување и развој на македонската економија“).

(1) И покрај важните политички случувања во текот на мониторираната недела, поврзани со истрагите на Специјалното обвинителство и со подготовките за избори, телевизијата сепак одлучи да им даде предност на промоцијата на владините мерки и проекти, и на активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Груевски. Фаворизирањето на овие содржини се врши и со бројот на емитувани прилози, и со нивното позиционирање (со нив беа отворени пет од седумте мониторирани денови). Маркетиншкиот речник и натаму доминира во нив (28 март: „Одлични резултати на владините проекти. Над 7600 локации за Купи куќа за млади, милионски заштеди за граѓаните преку бесплатните проекти“). Груевски, пак, иако има само партиска функција, се емитува како настапува во име на државата (29 март: „Преку проектот за самовработување досега се вратботиле 7.800 лица, рече претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, кој најави дека во тек е оглас за закуп на уште 7.000 хектари земјоделско земјиште“).

(2) Меѓу темите за предвремените избори доминира таа за прочистувањето на избирачкиот список. Иако процесот не е завршен, се фаворизира тезата дека не постојат фантомски гласачи и се обвинува опозицијата дека манипулира со граѓаните (30 март: „Во медиумите блиски до СДСМ и на социјалните мрежи се` погласни се барањата до ДИК да го повлече јавниот список на т.н. фантомски гласачи. На него се најдоа голем број членови на раководството на СДСМ, со што паднаа тезите на Заев за избирачки список со измислени гласачи од владејачката партија“).

(3) Во врска со Специјалното обвинителство се следат новоотворените истраги за случаите „Тортура“ и „Тврдина“, нивниот развој, и политичките реакции. Однапред се отфрлаат обвиненијата (28 март: „И покрај тоа што лично Бошкоски и неговиот адвокат веднаш по апсењето потпишале документ дека немаат никакви забелешки на начинот на постапување на полицијата, ниту пак приведениот се пожалил на повреди, Јанева најави дека ќе утврдува душевна болка“), и се прифаќа тезата дека обвинителството работи политички, во корист на опозицијата (29 март: „Колку политичката услуга испорачана до СДСМ од Специјалното обвинителство може да му помогне на Заев“). Во повеќе

прилози во врска со обвинителството се користат негативните ставови кон него на професорот Оливер Андонов, и се прикажуваат како општ став на експертите.

(4) И во овој период продолжија да се покриваат партиските промотивни активности на опозицијата, како обид да се прикаже избалансираност и да се оправда објавувањето содржини од тој тип за ВМРО-ДПМНЕ. Речникот карактеристичен за политичкиот пи-ар не отсуствува во најавите за овие прилози (27 март: „Ќе вложуваме во иднината на младите, а не во споменици, жални врби и бронзени коњи, вети Пендаровски“). Но самите прилози се пред се` пренесени говори на политичарите, со статични кадри како тие зборуваат пред микрофоните, додека промотивните содржини за владејачката партија се со многу побогата аудиовизуелна презентација. Освен тоа, фактот дека се` уште се емитуваат негативни содржини за СДСМ, и тоа во многу поголем број, а не и за ВМРО-ДПМНЕ, е уште еден од показателите дека е далеку постигнувањето вистинска избалансираност.

<u>Користење на изворите:</u> Во најголем дел од прилозите се користи еден извор (45 прилози), од кои во речиси половина (20 прилози), тој извор е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Од прилозите каде што се користат два или повеќе извори, тие почесто се согласуваат или имаат барем неутрален однос едни кон други (23 прилози), а во еден дел од нив (7 прилози) станува збор за по двајца или повеќе претставници на власта или на владејачката партија како се надополнуваат. Најмалку прилози се емитувани (6 прилози) во кои изворите имаат различни или спротивставени стојалишта. Во два случаја некритички се пренесуваат напаѓачки содржини од интернет-портали, без да се слушне другата страна (26 март: „Под удар на Ременски, корисниците на проектот за бесплатна рехабилитација и рекреација на деца со пречки во развојот, пишува порталот Денешен“).

<u>Директни обраќања:</u> Доминантен тип на манипулативна аудиовизуелна презентација беше емитувањето промотивни содржини за Владата, владејачката партија и за лидерот Никола Груевски, како дел од вестите. Забележани се и други карактеристични случаи.

(1) Во извештајот за случајот „Тортура“ (28 март) се емитува обвинителката Фатиме Фетаи како зборува на албански, без превод, за да се стави акцент на јазикот што (само накратко) беше користен на прес-конференцијата, наместо на нејзината тема.

(2) Во генерална најава (29 март) се вели дека на грчката политичка сцена била поттикната дебата за спорот со името Македонија „од поткупот на Љубе“, што не е точно. Причина за дебатата беа изјави на грчки политичари. Инаку во известувањето за случајот „Тортура“ телевизијата нагласува дека Љубе Бошкоски примал поткуп за да го смени името на државата, иако тој во 2011 година беше осуден за незаконско финансирање на предизборната кампања, а снимките дека договарал промена на името се појавија дури лани, и изворот им е непотврден.

(3) Напаѓачките фрази имаат повеќекратна употреба. Идентични реченици се употрбуваат и на 29 и на 30 март, во прилози на истата тема („Избирачкиот спирок на ДИК покажува дека СДСМ се обидуваше да манипулира со јавноста“). Истите анкетирани граѓани, кои искажуваат револт дека опозицијата ги прогласила за фантоми, се емитуваат на 30 и 31 март и на 1 април.

(4) Скриена пропаганда: заменик-министерот за земјоделство Ванчо Костадиновски изјавува дека спроведува одлука по состанок со претседателот Никола Груевски (30 март). Груевски нема државна функција, поради што се сугерира споеност на државата и партијата. Скриена пропаганда има и во прилог за прочистувањето на избирачкиот список (31 март), во кој се вметнуваат анкети за рејтинзите на партиите, како аргумент дека СДСМ измислил дека постојат фантомски гласачи.

(5) Во прилог за странските инвестиции (31 март: „Продолжува инвестицискиот бум. Од почетокот на годинава дури 16 странски инвеститори донеле одлука да вложат во државата вкупно над 100 милиони евра“) се користат стари изјави од Никола Груевски и од директорот на ТИРЗ Виктор Мизо, што сугерира дека прилогот им служи на изјавите, а не обратно.

(6) Селективно користење на бројките. Претенциозно се тврди дека „Македонија го освојува

францускиот туристички пазар“ (31 март), поради натпис во француски медиум дека за 41 отсто се зголемил бројот на француски туристи. Но во прилогот не се споменуваат апсолутните бројки, 7.603 посети во 2015, што е за 2.225 повеќе од 2014, што е речиси безначајна бројка и за Македонија, а камоли за францускиот туристички пазар.

(7) Во прилог за оставките на министрите на ДУИ (1 април) се вметнати кадри од митинг на партијата.

Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:

- (26 март, најава на прилог): Континуираните средби на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски со граѓаните даваат резултати. Бенефит од средбите имаат и Радовишани, се градат и реконструираат патишта, игралишта, канализациски системи, а изграден е и нов мост.
- (28 март, најава/коментар): Конструкциите на Катица Јанева, чиј врвен дострел досега беше нелегалното апсење на градоначалникот на Пустец Едмонд Темелко, како и фабриката за афери на Захир Бекири Чаушот, се најголемите проекти на СДСМ, на само десетина дена од распуштањето на Собранието, за предвремените избори закажани за 5 јуни, тврдат експертите.
- (29 март, најава на прилог): 40 мерки и проекти за младите градбата на спортси терени, игралишта, базени, бесплатен јавен превоз за ученици и студенти, нови факултети, зголемување на стипендиите се дел од мерките со кои ВМРО ДПМНЕ го олеснува животот на младите.
- (1 април, извештај): Голем дел од граѓаните кои се предмет на теренска проверка, се револтирани што СДСМ ги прогласила за фантоми.

**Четврта недела (2 – 8 април 2016)**

Во известувачкиот период од 2 до 8 април 2016 година на телевизијата Канал 5 се објавени вкупно 92 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најзастапени теми беа: предвремените парламентарни избори (17 прилози), проектите и мерките на Владата и на други институции раководени од кадри на ВМРО-ДПМНЕ (14 прилози), активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (9 прилози), состојбите со економијата (6 прилози), активностите на опозицијата (5 прилози), развојот на случаите отворени од Специјалното јавно обвинителство (5 прилози), министерските смени во ДУИ (2 прилога) и други теми.

Во најголем дел во известувањата на овие теми е забележан фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и негативен и демонизирачки кон СДСМ.

Коментари и оценки во вестите: Во текот на известувачкиот период телевизијата имаше фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон нејзините функционери во 56 прилози, а негативен, напаѓачки и демонизирачки во 21 прилог кон СДСМ, во 7 прилози кон Специјалното јавно обвинителство (2 април: „Уверението за завршен равен факултет на Катица Јанева е одраз на капацитетите кој што ги поседува, смета професорот Александар Климовски“), и во еден прилог кон НВО Мост. Што се однесува до коментаторските содржини, тие се сретнуваат во 8 напаѓачки прилози кон СДСМ (6 април: „СДСМ во паника, поради ниските рејтинзи попладнево направи обид за нов политички маневар“), и во 6 пофални кон ВМРО-ДПМНЕ (2 април: „Порталот пишува дека од 2006 до 2016 година ВМРО-ДПМНЕ имаше низа успеси за да ги одбрани овие интереси“).

(1) Телевизијата продолжи со својата карактеристична уредувачка политика, со која во вестите доминираат прилози за нови проекти на Владата или на други институции (6 април: „Патот Бело Поле - Вранчево во прилепско добива нов лик. Дупките кои го отежнуваа движењето се санирани по барање на жителите на неколку околни села“) и како се остваруваат старите проекти (2 април: „Нови 16.340 работни места се отворени преку проектот Македонија вработува, заклучно со вчерашниот ден“). Продолжува и интензивното следење на активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола

Груевски, и некритички се пренесува тоа што тој настапува во име на државата иако во моментов нема државна функција (3 април: „Во насока на помош на жителите од руралните средини е и отворањето на 75 аптеки во населените места каде што живеат помалку од 3.500 жители, а кои покриваат околу 180 илјади граѓани, рече Груевски“), а неговите објави на социјалните мрежи често се земаат како првенствен извор на информации за државни прашања, дури и пред официјалните канали (6 април: „Сигурна егзистенција за 1.000 семејства од рудниците Злетово и Тораница. Груевски на фејсбук го поздрави потпишаниот договор со Минстрој“). Дел од оваа категорија се и прилозите во кои се прикажува дека економијата е во одлична состојба, и главно се пренесува задоволството на владините функционери од тоа (2 април: „Според Груевски, извештајот на Стандард и Пурс е еден од најдобрите потврдувачи на добрите политики на владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ“). Често се преминува линијата меѓу известувањето и политичкиот маркетинг.

(2) Случувањата околу подготовките за предвремените парламентарни избори исто така се следеа интензивно. Се фаворизираше тезата дека се исполнети условите за избори на 5 јуни (6 април: „Уште еден побид на СДСМ да го погази потписот на својот лидер. Избори на 5 јуни ќе има“). Се пренесуваа и ставовите на меѓународните претставници на оваа тема, кои иако самите по себе не беа конкретни, медиумот ги толкуваше дека се насочени против најавениот бојкот на изборите од СДСМ (8 април: „И особено со порака до СДСМ дека на 6 април се пропушти таа можност“).

(3) Зголемен интензитет имаше пренесувњето содржини од други медиуми, пред се` од интернет-портали, кои овојпат не беа само негативни и напаѓачки, туку содржеа и директни клевети за сторени конкретни дејства, со што се компромитираа засегнатите субјекти, најчесто без обид да се консултира втората страна. Во оваа категорија предничеа пренесените текстови од хрватски новинар објавени на порталот директно.хр, во кои се развива теза дека зад политичката криза во Македонија стои заговор, во кој е вмешан и Западот, да се урне ВМРО-ДПМНЕ од власта и потоа СДСМ да го смени името на државата (5 април: „Контролирана нестабилност или политички леб без мотика на СДСМ? Со ваков наслов хрватскиот портал Директно продолжува со анализи за политичката ситуација во земјава“). Овие тврдења се пренесуваат во повеќе прилози и имаат силен фаворизирачки тон за власта и демонизирачки за опозицијата, но во пренесените содржини недостасуваат аргументи со кои авторот ја поткрепил својата теорија. Клевети беа изнесени и против функционерите на СДСМ (6 април: „Вкупно 76 семејства не можат да добијат социјален стан поради блокадите на министерката Ременски, пишува порталот Нетпрес“), против Специјалното јавно обвинителство (5 април: „СЈО на Катица Јанева станува база за згришување на СДСМовски партиски кадри, членови на семејствата на потесниот круг соработници на Јанева, пушува порталот Курир“) и против други субјекти.

<u>Користење на изворите:</u> Во најголем дел од прилозите се користи еден извор (52 прилози), од кои во голем дел (22 прилози), тој извор е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Од прилозите каде што се користат два или повеќе извори, тие почесто се согласуваат или имаат барем неутрален однос едни кон други (27 прилози), а во една третина од нив (9 прилози) станува збор за по двајца или повеќе претставници на власта или на владејачката партија како се надополнуваат. Само 4 прилози се емитувани во кои изворите се спротивставени. Во вкупно 7 прилози како извор се користени домашни портали, а во 3 прилози регионални портали.

<u>Директни обраќања:</u> Со 14 директни обраќања претседателот на ВМРО-ДПМНЕ беше најзастапен. Другите политички лидери беа емитувани само со по едно обраќање, и тоа Али Ахмети од ДУИ, Амди Бајрам од Сојузот на Ромите, Стевчо Јакимовски од ГРОМ, како и Зоран Заев од СДСМ. Од Заев беше емитувана и една стара изјава, употребена во прилог против него.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Доминантен тип на манипулативна аудиовизуелна презентација беше емитувањето промотивни содржини за Владата, владејачката партија, и за лидерот Никола Груевски, како дел од вестите. Забележани се и други случаи.

(1) Посебно карактеристичен беше прилогот во кој се величи визионерството на Груевски, кој нема никаква информативна улога, туку исклучиво маркетиншка (2 април: „Уште во 2003 година тогашниот млад економист и брокер Никола Груењвски пишуваше за потребата од поврзување на берзите од регионот, за што неделава беше донесена одлука“).

(2) Иако не беше споменат, Груевски беше прикажан во кадарот во прилог во кој министерката за култура промовираше книги (2 април)

(3) Како достигнување на Владата се презентираше и исполнувањето на редовните обврски на државата, како на пример во прилогот дека по 50 години била реконструирана амбулантата во Маџари (3 април), но во прилогот на Канал 5 беа вметнати и фотографии „пред“ и „потоа“, за да се засили тој ефект.

(4) Подредување: на 6 април беше емитуван прилог поврзан со Специјалното јавно обвинителство, во кој беше нагласено дека „голем број граѓани се охрабриле“ и поднеле кривични пријави за вршење притисок. Веднаш по тој прилог следуваше друг каде што темата беше неполитичка, кражби во домовите. Уредничката на вестите ги поврза двата со реченицата „продолжуваме на темата криминал“. Со тоа таа однапред ги осуди осомничените за наводно вршење притисок врз сведоци во корист на СЈО.

(5) Скриена кампања: Премиерот Емил Димитриев е емитуван со обраќање од конференција организирана од УМС на ВМРО-ДПМНЕ на тема „Политичките партии во дигиталната ера“ (8 април), но пренесениот дел од неговиот говор не се однесува на темата, туку на мерките за младите што ги промовира ВМРО-ДПМНЕ.

<u>Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:</u>

- (4 април, анализа/коментар): Тврдиот став на ВМРО-ДПМНЕ за неменување на уставното име е причината поради која во Македонија се одржува политичката криза, напиша хрватскиот новинар Иван Бродиќ.
- (5 април, анализа/коментар): Катица Јанева располага со огромни средства кои и` се доделени од буџетот. Но барем засега изостанува отчет до јавноста и пратениците, како се трошат парите на граѓаните.
- (5 април, најава на прилог): 500 милиони денари субвенции ќе легнат на сметките на тутунарите. Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски вели дека средствата неделава ќе бидат пуштени до трезор.
- (8 април, генерална најава): За излез од кризата ќе се одржат избори на 5 јуни. На нив ВМРО ДПМНЕ со подготвена програма. СДСМ со сценарио за деструкција.